ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ НАУКИ

М-Р СТОЈАН КИСЕЛИНОВСКИ

# КПГ И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ
# 1918-1940

(докторска дисертација)

Скопје, април 1983

# -П Р Е Д Г О В О Р-

Во историјата има настани, кои решавачки влијаеле врз историската судбина на еден народ или нација. Еден од тие настани, кој непосредно повлијал врз историската судбина на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија е и појавата, развитокот и ставот на КПГ во однос на македонското национално прашање. Судбоносната поврзаност на македонскиот народ со КПГ ја наметнува потребата за едно објективно изучување на ова прашање толку повеќе што во нашата историографија досега се уште не е даден доволно исцрпен и достоен одговор на историската вистинитост.

Од досегашната литература се заклучува, дека политиката на КПГ спрема македонското национално прашање во периодот меѓу двете светски војни не е ставена на научна основа и дека македонското национално прашање беше еднострано изучувано или претставувано. Слабоста произлегува од фактот, дека во изучувањето на овој проблем нај многу автори влијаело нивното идеолошко или национално определување. Поради тоа истражувањето и заклучоците од нивните истражувања биле погрешни или парцијално објективни. Кај нас овој проблем не беше и се уште не е изучуван. Досега главно се испитуваше и се претставуваше во нашата историографија надворешниот израз, т.е. формата на манифестирањето на политиката на КПГ спрема македонското национално прашање. Формата, како израз на историскиот настан, може или не може да биде објективен израз на историската суштина. Таа историска објективна суштина не е доволно реално

презентирана ни за периодот од 1924 до 1935 година, т.е. за периодот на политиката за обединета и независна Македонија, ни за периодот од 1935 до 1940 година, кога КПГ ја прифати политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамните на грчката држава. А за овој период формата на манифестирањето на оваа политика беше само формален израз на македонската историска реалност и суштина, но длабоко заштитуваше друг национален интерес и тоа во целиот период од 1924 до 1940 година. Така, на пример, во периодот од 1924 до 1935 година со политиката за обединета и независна Македонија, македонското национално прашање не беше принципиелно поставено од страна на КПГ, но истовремено оваа политика не одговараше ни тактички за дадениот историски период. Во 1932 година, со признавањето на македонската нација, КПГ за првпат направи еден чекор напред во однос на македонското национално прашање, но и покрај тоа, политиката на КПГ спрема македонското национално прашање е ставена врз тактичка, а не врз принципиелна основа. Со анализирањето на овие феномени можеме да се доближиме до таа минатата реална историска објективност и политиката на КПГ спрема македонското национално прашање да ја ставиме во нејзините вистински историски рамки. Тоа е всушност основниот и реалниот мотив што не натера да се зафатиме со обработка на оваа проблематика.

При обработка на темата "КПГ и македонското национално прашање (1918-1940)" на самиот почеток треба да истакнеме дека наидовме на повеќе објективни и субјективни тешкотии. Главната од нив произлегуваше од недостапноста на грчките архиви што постојат во Грција, во кои, секако, се криjат драгоцени податоци, кои би ни овозможиле уште поаргументирано презентирање на оваа проблематика. Во отсуство на грчките архивски материјали, ние обративме

внимание на архивските материјали што постојат во Архивот на Македонија, во Архивот на Југославија или во архивите во странство и на некој начин се поврзани со оваа проблематика. Исто така ја прегледавме и постојната литература - македонска и странска-поврзана со оваа прашање и покрај фактот што не постои специјализирана литература посветена на ова прашање.

Во нашето истражување се стремевме да се доближиме колку што се може повеќе до таа мината историска реалност со користење на компаративната метода (во условите на затвореноста на архивите на соседните балкански држави), сметајќи дека само на тој начин историскиот настан може да се види, анализира и процени со релативна објективност.

На крајот за укажаните корисни забелешки и сугестии ја користам можноста да им изразам благодарност на д-р Десанка Пешиќ, проф. Славка Фиданова и д-р Душан Лукач.

АВТОРОТ

# ГЛАВА ПРВА

# КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ (1918-1924)

## 1. Појавата и развитокот на грчкото работничко движење.

Во крајот на XIX и особено во почетокот на XX век во Грција се забележуваат чувствителни економски, политички и социјални промени. Капиталистичкиот развиток на земјата, како резултат на објективниот неминовен историски развиток, се повеќе се акцентира. Капиталистичките економски односи најизразито се забележуваат во индустријата, трговијата и банкарството. Индустријата се повеќе се афирмира во економскиот живот на земјата и покрај фактот што Грција и натаму си останува по природа земјоделска земја.

Со формирањето во 1864 година на првите мали претпријатија за обработка на виното, хартијата, памукот во Пиреа, Патрас, Навплион и Сирос, всушност и почнува срамежливиот процес на индустријализација во Грција. Во 1872 година за прв пат во Грција рачните машини биле заменети со парни. Овој процес на постепено преминување на парната индустријализација чувствително се засилува. Ако во 1872 година во Грција се појавиле првите парни машини, по неколку години нивниот број се зголемува на 89, распоредени во неколку грчки градови.[1] Во 1883 година француско-италијанската компанија И.Серпиери и Ру де Френисе ја формираат компанијата "Металургија од Лаврион" и паралелно со формирањето на анонимната компанија "Poudrerie Hellenique"[2], се формираат и многу други

мали претпријатија особено од областа на лесната, прехранбената и текстилната индустрија. Овој процес на грчката индустријализација иако не се одвивал на ниво, со темпо и во размери на западната индустријализација, сепак, за грчките услови тој преставува голем чекор напред. Бројот на индустриските претпријатија непрекинато расте. Ако во 1889 година во Грција постоеле веќе 145 (главно мали и средни претпријатија), во 1920 година, благодарение на територијално проширување на грчката држава во егејскиот дел на Македонија, Западна Тракија и Островите, како и на објективниот капиталистички развиток на земјата, нивниот број се зголемува на 2.095 претпријатија.[3]

Под влијание на новите економски текови што се појавиле во грчкото стопанство при крајот на XIX и во почетокот на XX век како резултат на тие текови се развива и патниот, железничкиот и поморскиот сообраќај. Економскиот развиток на индустријата, трговијата (внатрешна и надворешна) го стимулира и чувствително го засилува и банкарството. Покрај Националната банка, Јонската банка, се формираат и Епирско-Тесалската банка, Критската банка, Атинската банка, а во 1907 година се формира и Трговската банка, сите поврзани со се поголемата афирмација на грчката трговска буржоазија.[4]

Овој капиталистички развиток на земјата придонесе да се појави и формира класата на која и "припаѓа иднината". Грчкиот пролетаријат постепено расте и станува се поприсутен во економскиот и политичкиот живот во земјата. Ако во 1889 година во Грција постоеле 24.286 работници, во 1917 година нивниот број пораснал на 35.000, за да достигне 60.000 работници во 1920 година.[5]

Капиталистичкиот развиток на земјата и растежот на грчката работничка класа придонесе од една страна да се засили економ-

ската експлоатација на работничката класа, а од друга ги заостри уште повеќе класните контрадикции. Работното време траеше "од сонце до сонце", т.е. 12 часа непрекината работа без соодветно наградување на трудот. Надниците по правило биле секогаш под реалната вредност, на вложениот труд, а цените на основните прехранбени артикли непрекинато растеле. Ако пак се земат предвид и крајно неповолните услови за живеење на работниот човек може да се добие полна слика на економската состојба на класата, која со својот труд создаваше вредност, а самата добиваше најмал дел од таа вредност. Поради тешките услови и отсуството на секаква сериозна здравствена и социјална заштита, животот на работниот човек во Грција беше на најниско ниво во Европа.

Потребата за заштита на своите економски и политички интереси се појавила и кај грчката работничка класа уште при самото нејзиното формирање. Објективните класни контрадикции не се појавиле прво на политичко, туку на економско ниво. Формирањето на Соматијата (грчки професионални организации) е првиот и скромен израз на класната свест кај грчкиот пролетаријат.[6] Под влијание на социјалистичките идеи на Платон Дракулис[7], Ставрос Калергис[8], Маринос Антипас[9] и Г.Склирос[10], грчкиот пролетаријат се повеќе се доближува до марксистичкото учење. Во почетокот на XX век посебна улога во ширењето на социјалистичките идеи одигра списанието "Наш разум" и марксистичката литература, која се поактивно беше присутна во редовите на грчката работничка класа. Покрај веќе публикуваните дела на А.Бебел "Жената и социјализмот", на К.Маркс "Наемниот труд и Капиталот" на Ф.Енгелс "Развитокот на социјализмот од утопија во наука"[11], во 1910 година весникот "Киноније" (општество) почна да го публикува на грчки јазик "Капитал" на К.Маркс, а во

1913 година Н.Хсвопулос[12] го издаде на грчки јазик познатиот Манифест на Комунистичката Партија во една брошура под наслов "Социјален Манифест".[13]

Појавувањето на марксистичкото учење во редовите на грчкиот пролетаријат постепено во перспективата на времето ќе ја претвори оваа класа во вистинска материјална сила, која свесно ќе се стреми да се организира професионално и политички на сегрчко национално ниво. Новата политичка работничка свест беше се поприсутна во работничките центри во Волос, Атина, Пиреа и особено се изрази со појавата и формирањето на социјалистичките групи во Грција.[14] "Ние, пишуваше весникот "Социјализмос", не сме ни анархисти, ниту синдикалисти, ниту државни синдикалисти..., сме чисти социјалисти, т.е. марксисти."[15] Затоа веднаш по "Големата војна" (1914-1918), стремежите за обединување на сите соматии и создавање на една сегрчка синдикална организација, како и стремежите за обединување на постојните социјалистички групи во една сегрчка социјалистичка партија, биле сé поприсутни.

Меѓународните револуционерни настани што ја зафатиле Европа по Октомвриската револуција, не можеа да не влијаат врз свеста на грчкиот пролетаријат за неговото поактивно организирање и политизирање. Големите идеи на Октомври, како и револуционерните настани во Германија, Бугарија, Унгарија, имале сериозно влијание врз грчката работничка класа и врз нејзиниот стремеж за создавање една професионална синдикална и политичка сегрчка работничка организација. Ако предвоениот обид за создавање на "Сегрчката работничка федерација" остана без резултати, обидите во 1918 година за создавање на една сегрчка синдикална организација вродиле плод. На 3 ноември 1918 година почна во Атина и продолжи

во Пиреа со работа Првиот сегрчки работнички конгрес. На конгресот учествувале 180 делегати, коишто претставувале 214 работнички синдикати што го опфаќале најголемиот дел од грчката работничка класа.[16]

Од самиот почеток на конгресот се појавиле две јасни тенденции. Левата ориентација што ги подржуваше принципите на класната борба и бараше формирање на една политичка партија на работничката класа, се судри со реформистичката ориентација што го отфрлуваше марксистичкиот принцип на класната борба и бараше еволуционо, мирно решавање на економските проблеми со кои се судираше грчкиот пролетаријат во рамките на постојниот економско-политички систем. Со мнозинство гласови конгресот ја прифати концепцијата на левата ориентација и се создаде "Генералната Конференција на работниците во Грција" (ГКРГ).

Паралелно со стремежот за формирање на сегрчка синдикална организација, се одвиваше истовремено и жива политичка активност меѓу грчките социјалистички групи за создавање на една сегрчка социјалистичка организација. Присуството на социјалистичката идеологија и постоењето на социјалистичките групи во Атина, Пиреа, Керкира и Патрас создаваше услови за формирање на една сегрчка социјалистичка партија.

Првиот обид за обединување на социјалистичките групи потекнува од социјалистичкиот центар во Атина. Но овој обид за обединување не ги однесе очекуваните резултати. Ниту предвиденото сегрчко социјалистичко советување во Атина не придонесе за обединувањето на грчките социјалистички групи. Основна пречка биле идеолошките разлики што постоеле меѓу најголемите атински

социјалистички организации: "Социјалистичко друштво" и"Социјалистички центар".

Веднаш по "Големата војна" во правецот на обединувањето на социјалистичките групи во Грција се активира и Солунската "Федерасион", која предложи да се одржи второ сегрчко социјалистичко советување со цел да се најде платформа за обединување на сите социјалистички групи што постоеле во Грција.

Во август 1918 година, во просториите на Друштвото на социјалистичките работници од Пиреа, се одржа Третото сегрчко социјалистичко советување. На ова советување учествувале претставници на социјалистичките организации од Атина, Пиреа, Волос, Керкира и Солун и беше донесено решение за свикување во октомври 1918 година сегрчки социјалистички конгрес.

На основачкиот конгрес на Социјалистичката работничка партија на Грција (СРПГ) што се одржа во Пиреа учествувале 35 делегати од сите социјалистички центри во Грција, претставници на социјалистичката младина, претставници на весниците "Ергатикос Агон" (Работничка Борба), "Аванти" и "Сосијализмос", како и двајцата социјалистички пратеници во грчкиот парламент, А.Сидерис и А.Куриел.[17]

По живи политички дискусии, конгресот реши да се формира СРПГ[18] и го прифати статутот и програмата на партијата. Во програмата на СРПГ се истакнуваше дека основна задача на партијата е преземањето на власта, а како непосредни барања партијата си ги постави укинувањето на монархијата, демократизација на законодавството, национализацијата на рудниците, банките и на железничкиот сообраќај, понатаму осумчасовно работно време итн.[19]

Создавањето на СРПГ претставуваше чекор напред во развитокот на грчкото работнично движење и беше една природна рефлексија и резултат на природниот историски развиток на грчкото капиталистично општество.

Но и покрај појавата и раздвижувањето на капиталистичните елементи во грчкиот економски живот, сепак, грчкиот капитализам беше во неговата примарна фаза. Тоа неминовно и објективно ќе влијае врз бројноста, филозофијата и класната концепција на грчката работничка класа. Овие објективни економско-политички реалности придонесоа грчката работничка класа да не се формира - во чиста класична смисла - во реална работничка класа и да нема оформена класична пролетерска свест, а тоа неминовно ќе влијае и врз ставот на СРПГ во однос на нерешеното национално прашање што се појави во Грција по Балканските и по Првата светска војна.

## 2. Појавата на националното прашање во Грција

По Балканските (1912-1913) и особено по "Големата војна" на Балканот се забележуваат чувствителни територијални, етнографски и економски промени. Малото, но територијално амбициозно грчко кралство, изгледа, ги остварило своите "историски идеали" и не му остануваше ништо друго "освен да се качи на византискиот трон останат празен уште од 1453 година"[20]

Со Балканските војни, грчката држава значително го прошири своите политички граници кон север. Со анексирањето на егејскиот дел на Македонија (34.356 $км^2$) по Букурешкиот мировен договор (1913), грчките политички граници ги надминаа грчките

историско-етнографски граници. Поголемиот дел од населението што живееше во егејскиот дел на Македонија во своето апсолутно мнозинство беше од негрчко потекло. Според јазикот кој се зборувал во куќата, значи во семејството, а не врз основа на таканареченото надворешно манифестирано национално чувство,[21] во егејскиот дел на Македонија веднаш по 1913 година живееле, 370.371 или 35,20% Македонци, 274.052 или 26,05 % Турци, 236.755 или 22,50 % Грци, 68.206 или 6,49 % Евреи, 44.414 или 4,22 % Власи, 25.302 или 2,40 % Роми, 15.108 или 1,43 % Албанци (Тоски) и 18.019 или 1,71 % различно население по потекло и јазик.[22] Боривоје Милојевиќ исто така смета дека во егејскиот дел на Македонија словенското население беше најмногубројно.[23] Од вкупно 1.052.227 жители колку што имаше егејскиот дел на Македонија по 1913 година, негрчкото население по потекло и јазик, култура, традиции, претставуваше 77,50 %, а грчкото население само 22,50 % од целокупното население што живееше во егејскиот дел на Македонија.

Со Нејскиот мировен договор [24] грчката држава уште повеќе ги прошири своите политички граници. Во составот на грчкото кралство влезе и западниот дел на Тракија (меѓу реката Места и Марица), каде што живееше мешовито турско, бугарско, грчко и друго различно население. Според јазикот кој се зборувал во семејството (турски, бугарски, грчки итн.), како и врз основа на реалното надворешно манифестирано национално чувство што се изразуваше со посета на училиште со соодветен мајчин јазик (турски, бугарски или грчки), со посета на соодветна црква со богослужба на сопствен мајчин јазик (словенски, грчки итн.), во западниот дел на Тракија живееле 74.000 или 37,95 % Турци, 65.000 или 33,34 % Бугари, 56.000 или 28 % Грци и погрчено население од вкупно .

195.000 жители колку што живееле во Западна Тракија по "Големата војна".[25]

Со анектирањето на западниот дел на Тракија, негрчкото население што живееше во Грција значително се зголеми. Така, во рамките на грчката држава пред самиот почеток на големите миграциони движења меѓу Грција и Бугарија, Грција и Турција, живееле 370.371 Македонци, 348.052 Турци, 68.206 Евреи, 65.000 Бугари, 44.414 Власи, 25.302 Роми, 15.108 Албанци (Тоски), 18.019 различно население или 954.472 негрчко население по потекло, јазик и културни традиции.

По Букурешкиот и Нејскиот мировен договор грчката држава престана да биде национално хомогена и да претставува држава со една нација, па како резултат на ова во самата Грција се појавува еден нерешен национален проблем со населението од негрчко потекло, кое живееше до 1913 година во својата традиционално етнографска територија.

Ако од - една страна - по Првата светска војна Грција се прошири во негрчки национални територии (егејскиот дел на Македонија и западниот дел на Тракија), од друга страна - во рамките на грчката држава не биле опфатени сите грчки национално - етнографски територии. Дел од грчката етнографска територија (Додеканезите и Кипар), главно со грчко население, останале надвор од политичките граници на малото, но секогаш амбициозно за територијално проширување Грчко кралство. Островите Астипалија, Калимнос, Карпатос, Касос, Хиос, Лерос, Нисирос, Памтос, Родос, Сими и Халки по Версајскиот мировен договор останале под италијанска окупација. Според националното потекло и соодветната надворешна изразена национална свест (преку јазик, обичаи, традиции, национални интереси

итн.) по "Големата војна" на Доденканезите живееле 133.761 или 93,5о % Грци, 6.874 или 4,80 % Турци, 2.445 или 1,70 % Евреи од вкупно 143.080 жители.[26] Исто така на Кипар, што се наоѓаше под англиска управа, живееше големо и компактно грчко население. По своето етнографско потекло, како и врз основа на историската, националната и културната традиција, на Кипар живееле 274.180 или 79,70 % Грци, 64.180 или 18,65 % Турци и 5.660 или 1,65 % различно население по своето потекло и национална свест.[27] Значи надвор од политичките граници на грчката држава живееле вкупно 407.941 Грци, 70.059 Турци и 8.105 различно население.

Но покрај постоењето на ова грчко нерешено национално прашање со населението што живееше во чисто историско и етнографска грчка територија, постоеше и едно грчко население што живееше како грчко малцинство со туѓи традиционално национално-етнографски територии. Станува збор за грчките малцинства што живееле во денешна Јужна Албанија или таканаречен Северен Епир и грчките малцинства што живееле во рамките на турската држава во околината на Смирна и Цариград. Огромното мнозинство на населението што живееше во денешна Јужна Албанија го сочинувале Албанци (Тоски). Поголемиот дел од албанското население што живееше во денешна Јужна Албанија имаше христијанска црковна припадност и посетуваше грчко училиште и грчка црква, но без да создадат или негуваат грчка национална свест. Сепак, грчката историска наука, како и во Македонија "со поробените христијански браќа", ова целокупно население го сметаше за грчко и покрај фактот што албанското население од овој дел на Албанија, во рамките на семејството го користело и негувало идниот албански литературен јазик (тоскинскиот дијалект од околината на Аргирокастро) и во секодневниот живот секогаш

изразувало албанска национална свест. Поради тоа посетата на грчкото училиште и грчка црква пред 1913 година во денешна Јужна Албанија не е израз кај албанското христијанско население на грчка национална свест или грчка национална традиција. Врз основа на јазикот кој се употребува во семејството (албански, грчки), а не врз основа на нереалното вештачкото, таканареченото надворешно манифестирано национално чувство што се "изразуваше" преку посета на грчко училиште или грчка црква - во денешна Јужна Албанија живееле 200.000 или 83 % Албанци (христијани и муслимани) и 40.000 или 17 % грчко население по потекло, јазик и национално чувство.[28]

Во западните делови на мала Азија и особено во регионот на Смирна живееше мешовито, грчко, турско и друго различно христијанско население. Грчкото население, како резултат на активниот економски живот на градот Смирна, непрекинато растеше и со интензивната грчка миграција од островите Хиос, Самос итн.[29] Во крајот на XIX и почетокот на XX век се забележува се поголемо присуство и на турскиот елемент во регионот на Смирна. Еден извештај на француската трговска комора од 1912 година, на пример, известуваа дека од 400.000 жители колку што имаше градот Смирна, само 50 % биле Грци.[30]

Како што се гледа, националните прашања што постоеле и за кои беше заинтересирана грчката држава, се појавиле во три различни форми: 1) за Грција постоеше едно нерешено г р ч к о н а ц и о н а л н о и т е р и т о р и ј а л н о п р а ш а њ е каде живееше грчко компактно население во традиционална грчка и с т о р и с к о - е т н о г р а ф с к а територија

(Додеканезите и Кипар); 2) постоеше едно грчко малцинско прашање со грчко малцинско население што живееше во рамките на туѓи историско-етнографски територии (Јужна Албанија и Турција) и 3) во самата Грција постоеше едно нерешено национално и територијално прашање каде што живееше компактно негрчко население (главно македонско) во традиционално негрчка историска и етнографска територија (егејскиот дел на Македонија и западниот дел на Тракија).

## 3. Ставот на СРПГ спрема нерешените национални и територијални прашања

Постоењето на нерешените национални и територијални прашања на Балканот и пошироко не можеше да не го привлече вниманието на младата грчка социјалистичка партија. Уште на својот основачки конгрес во 1918 година, СРПГ им посвети посебно внимание на нерешените национални и територијални прашања што се појавиле во Европа по "Големата војна". Дискусиите што се воделе околу ставот што требаше да го заземе СРПГ во однос на нерешените територијални и национални прашања што постоеле по Европа (особено на Балканот), биле толку жолчни што комисијата која требаше да ги сумира предлозите за ставот на оваа партија за решавањето на меѓународните прашања не беше способна, заради различните ставови, да доенсе едно единствено решение пред основачкиот конгрес. Гледиштата на приврзаниците на таканаречениот "реформистички социјализам" на чело со Н.Јаниу и А.Сидерис биле во спротивност со гледиштата на левицата на чело со Д.Лигдопулос, Н.Комјотис и Цулатис

и тоа не само во однос на идеолошките прашања. Затоа пред основачкиот конгрес на СРПГ биле поднесени за усвојување две резолуции. Од една страна беше поднесена резулоцијата на таканареченото "м а л ц и н с т в о" што во суштина ги опфаќаше погледите на приврзаниците на "реформистичкиот социјализам", а од друга страна - резолуцијата на "м н о з и н с т в о т о" што ги изразуваше гледиштата на левицата која сé повеќе се засилуваше во редовите на грчкото работничко движење.

Резолуцијата на "малцинството" за решавањето на националните и територијалните прашања што постоеле во Европа бараше почитување на правото на самоопределување на населението во Алзација, во Полска и Трст.[31] За решавањето на националните и територијалните прашања што постоеле на Балканот и за кои живо беше заинтересирана и грчката држава, претставниците на "малцинството" го советувале конгресот да биде внимателен и во врска со овие проблеми по секоја цена да заземе "мудар став".[32] "Малцинството" предлагаше од европска Турција[33] да се создаде Мраморска Автономна Република со хинтерланд на двете страни на Мраморно Море, а Босфорсо Цариград - да се интернационализира и заедно со Мраморската Автономна Република да бидат ставени под заштита на Друштвото на народите. Исто така "малцинската" резолуција предлагаше "сегашна бугарска Тракија" да ѝ се одземе на Бугарија и да се вклучи во составот на Автономната Република на Мармара,[34] Грција да не претендира веќе "на грчкиот регион на Битола" и Србите да го признаат грчкиот карактер на Солун, да се создаде една "независна муслиманска" Албанска држава,[35] италијанското кралство да го признае правото на Албанија врз Авлона, но со претходното отстапување

на Јужна Албанија во корист на Грција. Истовремено "малцинската" резолуција ги поддржуваше територијалните претензии на Романија во однос на Јужна Добруџа,[36] Ердеј (Трансилванија) итн.

Во однос на Мала Азија (Турција), "малцинската" резолуција бараше регионите околу Смирна, Ајдину и Додеканезите да влезат во состав на грчката држава; ја поддржуваше идејата за создавањето на една Ерменска Република на сметка на вечниот грчки историски ривал, Турција, и создавањето на една еврејска држава со центар во Ерусалим на сметка на палестинскиот (арапски) народ итн.[37]

Резолуцијата на "мнозинството", спротивно на "малцинската" резолуција, бараше признавање и почитување на правото на самоопределување на населението од Кипар, Имброс, Лемнос, Тенедос, Самотрака, Додеканез, како и правото на самоопределување на населението од "таканаречениот Северен Епир (јужна Албанија); полно право на враќање и отштета за бегалското население од Балканските држави и од Мала Азија и обезбедување средства за нивното враќање, како и создавање на една Балканска Демократска федерација.[38] Само во рамките на една Балканска Федерација, сметаше "мнозинството", со почитување на политичните, националните и јазичните слободи, е можно сите балкански народи да се развиваат без разлика на раса и црковна припадност.[39]

Од предложените резолуции за решавањето на територијалните прашања што постоеле во Европа и Азија, основачкиот конгрес на СРПГ ја прифати резолуцијата на "мнозинството". Но и покрај разликите што постоеле меѓу резолуцијата на "мнозинството" и "малцинството", сепак, и двете резолуции имаат нешто заедничко

за начинот како треба да се решат територијалните и националните прашања на Додеканезите, на Кипар, во јужна Албанија и егејскиот дел на Македонија, за кои беше заинтресирана и грчката држава.

## 4. Ставот на СРПГ спрема грчките нерешени национално-територијални прашања на Додеканезите и Кипар

По Првата светска војна, како што видовме, дел до грчката историска и етнографска територија не влегуваше во составот на грчката држава. Додеканезите и Кипар биле уште под странска контрола и мнозинството од населението што живееше во Додеканезите и Кипар беше од грчко потекло и традиционално живееше во грчката етнографска територија. Ius solis (правото на историската територија), како и ius civitas (правото на населението) пледираше овие територии да се обединат со грчката држава. Правото на турското малцинство кое живееше во Додеканезите и Кипар и претставуваше 14,35 % од целокупното население и живееше во рамките на туѓа етнографска и историска територија, бараше од страна на мнозинството почитување на малцинските права (јазични, културни, традиции, обичаи) и можност слободно да се развива национално во рамките на грчкото мнозинство.[40] Затоа резолуцијата на "мнозинството" и резолуцијата на "малцинството" принципиелно постапиле во однос на Додеканезите и Кипар кога барале врз основа на ius solis (правото на грчката историска територија) и врз основа на ius civitas (правото на грчкото население што претставуваше 84 % од целокупното население) право на самоопределување и обединување на овие територии со Грција.

## 5. Ставот на СРПГ во однос на грчкото малцинско прашање во јужна Албанија

Постоењето на едно грчко малцинство во јужна Албанија, т.н. Северен Епир, не можеше да не го привлече вниманието на СРПГ. Грчкото население во јужна Албанија живееше во традиционално албанска етнографска територија и претставуваше само 17 % од целокупното население што живееше во овој јужен албански регион.[41] Оваа албанска етнографска реалност ја признаваше и Елефтерос Венизелос, симболот на грчкиот национализам и експанзионизам. "Еден добар дел од грчкото население" што живееше во Јужна Албанија, изјавуваше Е. Венизелос, во текот на Парисната мировна конференција во 1919 година, "го има албанскиот јазик како мајчин јазик и по се изгледа дека е од албанско потекло".[42]

Ius solis (правото на албанска историска територија), како и ius civitas (правото на албанското христијанско и муслиманско население што претставуваше 83 % од целокупното население што живееше во Јужна Албанија), пледираше Јужна Албанија да биде неразделен дел од новоформираната албанска држава. Правото на грчкото население, како малцинско население, бараше почитување на националните, јазичните и културните традиции во рамките на мнозинството. Сепак, СРПГ, врз основа на правото на грчкото малцинство што претставуваше само 17 % од целокупното население и живееше традиционално во туѓа историско-етнографска територија, бараше за ова малцинство право на самоопределување и обединување со Грција.

## 6. Ставот на СРПГ во однос на македонското национално прашање

Основното нерешено национално прашање што се појави во Грција по Балканските и Првата светска војна, секако, беше македонското национално прашање. Огромното мнозинство на населението што живееше во егејскиот дел на Македонија беше од негрчко потекло (77,50 %) и традиционално живееше во македонска етнографско-историска територија. Ius solis (правото на македонската историска територија), како и ius civitas (правото на македонската нација), бараше соодветно (македонско) третирање и решавање на македонското национално прашање. Правото на македонската историска територија, како и правото на македонската нација за сопствена земја, уште повеќе се засилуваше зашто во корист на македонскиот народ пледираше и македонскиот историски легитимет; Овој историски легитимет на македонскиот народ врз сопствена земја има непрекинат историски континуитет и произлегува од самото доаѓање на Словените во Македонија. Со доселувањето на Словените во Македонија почнал истовремено и природниот процес на асимилација, процес на природна симбиоза меѓу словенското и домородното претсловенско население и формирањето, врз основа на словенски јазик, на новиот македонски народ. Со формирањето на новиот историски народ врз основа на новите процеси на симбиоза меѓу Словените и домородното население придонесе новиот маедонски народ да биде легитимен наследник на сите територијални, историски и културни традиции на претсловенските Македонци.[43]

Грчкото население што живееше во егејскиот дел на Македонија беше реално малцинство и претставуваше 22 % од целокупното

население во егејскиот дел на Македонија и само 10 % од населението на етнографска Македонија. И покрај фактот што во корист на македонскиот народ пледираше правото на македонска историска територија, како и македонската нација со нејзиниот историски легимитет, сепак СРПГ не обрна никакво внимание на македонското национално прашање. Ако врз основа на правото на грчкото малцинство што живееше во Јужна Албанија и претставуваше 17 % од целокупното население на овој регион се бараше правото на самоопределување, истовремено се негираше правото на самоопределување на мнозинството на населението што живееше во Егејска Македонија (77,50 %), Јужна Албанија (83 %) и Западна Тракија. Егејска Македонија, врз основа на правото на грчкото малцинство што претставуваше само 22 % од целокупното население и живееше во традиционално македонска етнографска-историска територија, беше сметана од страна на СРПГ за неразделен дел на грчката држава и македонското национално прашање беше третирано како решено национално и територијално прашање. Ова прашање ќе остане надвор од сериозната политичка преокупација на оваа партија сѐ до 1924 година, кога КПГ ќе биде принудена да заземе став спротивно од нејзините желби и убедувања. Затоа по начинот како се стремеле да најдат решение за нерешените национални и територијални прашања резолуцијата на "мнозинството" и резолуцијата на "малцинството" во суштина се стремела да најдат решение за грчките нерешени национални и територијални прашања (Додеканезите и Кипар), тие прават еден компромис со великогрчката идеја за создавање на "Големата Грција" со ставовите што ги заземале во однос на чисто негрчко историски и етнографски територии (егејскиот дел на Македонија, Јужна Албани-

ја, Западна Тракија) и не заземаат став спрема нерешените национални прашања што постоеле во самата Грција и на тој начин не заземаат став спрема единственото нерешено национално прашање на Балканот, т.с. спрема македонското национално прашање.

# Г Л А В А   В Т О Р А

## КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА И ПОЛИТИКАТА ЗА ОБЕДИНЕТА И НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА (1924-1935)

### 1. Националното прашање во Европа и политиката на Коминтерната

По "Големата војна" Европа добила една нова географска и политичка конфигурација. Новата Версајска Европа беше далеку да претставува една сигурна политичка рамка за европската буржоазија. Создадените нерешени територијални проблеми што постоеле меѓу Франција и Германија (Алзација и Лоренија), Унгарија и Романија (Ердеј или Трансилванија), Унгарија и Чехословакија (Карпатска Украина), Југославија и Унгарија (Војводина), Југославија и Австрија (Корушка), Албанија и Југославија (Косово), Југославија и Италија (Истра), Австрија и Италија (Јужен Тирол), Бугарија и Грција (Западна Тракија), СССР и Романија (Бесарабија[44] и Северна Буковина), Полска и СССР (Курзонова линија), Полска и Германија (северна Силезија[45], Поморје), како и постоењето на македонското, баскиското и фламанското национално прашање, [46] создаваше од една страна еден територијален проблем, а од друга страна постоеше едно нерешено национално прашање што само по себе сериозно ја дестабилизираше политичката ситуација во Европа. Скоро и не постоеше во Југоисточна Европа ниту една држава со една нација и националниот момент повеќе или помалку бил присутен. Во Финска, на пример, доминантната нација претставуваше 89,3 % од целокупното население, во Естонија 88,2 %, во Бугарија 83,2 %, во Литва 80,4 %,

во Романија 76 %, во Полска 69,1 %, а во Чехословакија и Југославија 42 %.[47]

Балканот беше синтеза и класичен пример на нерешени национални и територијални прашања. По Версајскиот мировен договор ниту една балканска држава национално не беше хомогена. Во Југославија, на пример, од вкупно 12.055.688 жители колку што имаше во 1924 година, доминантната нација не претставуваше ни половина од целокупното население, а околу 7 милиони (Хрвати, Македонци, Словенци, Црногорци, Албанци и др.), се чувствувале за одделни нации.[48] Во Романското Кралство ситуацијата беше слична. Со создавањето на "Големата Романија" по добивањето на Јужна Добруџа (Кардилатер), Ердеј (Трансилванија), Бесарабија, Северна Буковина и романски Банат, Романија стана многунационална земја. Во Романското Кралство живееле 1.500.000 Унгарци, 800.000 Германци, 400.000 Бугари, 300.000 Руси и повеќе од 1 милион еврејско население, распространето по целата територија на версајска Романија.[49]

Грчкото Кралство, по неговото големо територијално проширување кон негрчките етнографски територии, престана да биде национално хомогено. Националниот проблем се појави и тука и беше особено акутен пред почетокот на "доброволната" и задолжителната замена на населението меѓу Бугарија, Грција и Турција. Само во егејскиот дел на Македонија и Западна Тракија живееше скоро 1 милион негрчко население по потекло и јазик.[50]

Во Бугарија исто така живееше многубројно турско, македонско и ерменско население кое претставуваше 16,8 % од целокупното население што живееше во Бугарија по Нејскиот мировен договор. Националното угнетување на Македонците во Грција, Југославија

и Бугарија, на Хрватите, Словенците, Црногорците, и Албанците во Југославија, како и неслободата во слобода што ја уживале Унгарците во Романија итн., придонесе Бугарите од Јужна Добруџа и Западна Тракија, од една страна и Унгарците од Романија од друга да се стремат кон обединувањето со Бугарија и Унгарија, Македонците, Црногорците, Хрватите и Словенците да се стремат да создадат свои независни држави. [51]

Постоењето на овие нерешени територијални и национални прашања го привлече - од една страна - вниманието на поразените во Првата светска војна, а од друга страна - и вниманието на Коминтерната. Поразените во Првата светска војна (Германија, Бугарија, Унгарија итн.), незадоволни од решенијата на Париските мировни договори, ќе почнат веднаш по 1919 година да спроведуваат една активна политика на ревизија на мировните договори од Версај, Тријанон, Неј и Сен-Жермен. Германија изразуваше активни територијални претензии во однос на Франција (Алзација и Лоренија), Белгија (регионот Еупен-Малмеди), Полска (Гданск, северна Силезија) и Чехословакија (Судетите). Бугарското Кралство, исто така незадоволно од Нејскиот мировен договор, изразуваше територијални претензии во однос на Романија (јужна Добруџа), на Кралството на СХС (вардарскиот дел на Македонија, Босилеград) и на Грција (егејскиот дел на Маекдонија и Западна Тракија). Унгарија, која по силата на Тријанонскиот мировен договор изгуби 75 % од своите "историски територии", изразуваше активни територијални претензии во однос на Романија (Ердеј или Трансилванија), Југославија (Војводина) и Чехословакија (јужните делови на Словакија).

Желбата за ревизија на Версајскиот мировен договор од страна на Германија, Бугарија и Унгарија, наоѓаше силен отпор од страна на Франција, Англија, Југославија, Грција, Романија, Чехословакија. Ривалството меѓу победените и победниците за или против Версајскиот status quo придонесе периодот меѓу двете светски војни да биде период на голема политичка напнатост и нестабилност. На оваа основна политичка контрадикција што му даваше основна политичка карактеристика на политичкиот живот во Европа меѓу двете светски војни, се појави и идеолошката контрадиксија меѓу СССР и капиталистичкиот свет, контрадикција меѓу два идеолошки филозофски принципи што стоеле во темелот на државното уредување кое исто така му даваа основе белег и уште повеќе го комплицира европскиот политички живот.

Советскиот Сојуз не беше гарант на Версајскиот мировен договор и СССР не беше задоволен од начинот на кој беа решени територијалните прашања особено во Централна Европа. СССР изразуваше посебно незадоволство од начинот за решавањето во Версај на територијалните проблеми што постоеле меѓу Советскиот Сојуз и Полска, меѓу СССР и Романија (Бесарабија и Северна Буковина) и Чехословакија (Карпатска Украина).[52] Советскиот Сојуз изразуваше истовремено и голема загриженост поради економската и политичката изолација што му ја наметнаа капиталистичките држави по 1917 година.

За да се гради социјализам во една-според Сталин - земја и да се ослаби притисокот што доаѓаше од Запад, СССР требаше да спроведува една таква политика, којашто по секоја цена би ги вознемирувала версајските држави и политички би ги дестабилизирала со сериозни внатрешни национални и класни котрадикции, така што

тие, зафатени со своите внатрешни проблеми и кризи, би изразувале помала агресионост спрема СССР. Коминтерната[53], како и Балканската Кумунистичка федерација (БКФ)[54], преку својата политичка програма, требаше да ја рефлектира оваа глобална политичка ориентација што одеше и во корист на пролетерската револуција и во корист на поробените нации. Версајска Европа даваше широки можности во тој однос. Затоа нерешените национални прашања што постоеле во Европа по Версај добивале посебно место и тежина во тактиката и стратегијата на Коминтерната. Важноста на националното за потребите на класното го потенцираше веќе и Ленин во 1920 година, кога забележува дека 70 % од светското население е национално и социјално поробено[55] и за победата на социјалистичката револуција, сметаше Ленин, покрај формирањето на работничко-селански сојуз, неопходно е и воведувањето на диктатурата на пролетаријатот и искористувањето на револуционерниот потенцијал на поробените нации.[56] За дестабилизацијата на европскиот status quo што одеше и во корист на непосредна социјалистичка револуција во Централна и Југоисточна Европа, нерешените национални прашања на Македонците, Хрватите, Украинците, Белорусите, Бугарите, Словенците итн. биле од посебна важност. Затоа на Петтиот конгрес во 1924 година, Коминтерната во рамките на својата глобална политика им посвети посебно внимание на националните прашања на Унгарците во Романија, Чехословакија и Југославија, на Украинците и Белорусите во Полска на Бугарите во Тракија и Јужна Дубруџа, на Македонците во Грција, во Кралството на СХС и во Бугарија, на Хрватите, Црногорците, Албанците во Југославија итн. "Бомбата што ја стававме за успехот на револуцијата во Европа, велеше

Д.Мануилски на Петтиот конгрес на Коминтерната, се националните востанија" [57] на поробените нации. На поробените народи во Централна и Југоисточна Европа наместо социјалното и националното угнетување во рамките на версајска Европа, Коминтерната на БКФ им нудеше преку социјалистичката револуција "најголема социјална слобода и рамноправност на сите балканско-подунавски народи и прво на секого од нив на самоопределување" [58] и обединување во рамките на една Балканско-подунавска федеративна Советска Република.[59] Затоа на поробените народи од Полска, Грција, Југославија, Романија, Чехословакија, им се признаваше правото на самоопределување.[60] На Хрватите, Црногорците и Словенците Коминтерната им го признаваше правото на самоопределување до државно отцепување при формирање на сопствени национални држави. Истовремено на Унгарското население што живееше во Романија, Чехословакија и во Кралството на СХС му се признаваше правото на самоопределување и обединување со Унгарија. На македонското национално прашање (поставено и третирано како македонско прашање) Петтиот конгрес на Коминтерната му посвети посебно внимание. Констатирајќи дека поделбата на Македонија меѓу Југославија, Грција и Бугарија уште повеќе ја засили желбата на македонскиот народ за обединување на својата распарчена татковина, Петтиот конгрес на Коминтерната на македонскиот народ му го призна правото на самоопределување и формирање на сопствена независна македонска држава.[61] Со тоа Коминтерната во суштина ја прифати резолуцијата во однос на македонското национално прашање што беше усвоена (по совет на Коминтерната) на Шестата Конференција на БКФ, сметајќи дека политиката за обединета и независна Македонија што ја прифатиле

балканските комунистички партии на Шестата конференција е "наполно правилна и вистински револуционерна."[62]

Но прифаќањето од страна на БКФ на компромисното политичко решение во однос на маекдонското национално прашање на Шестата конференција не се реализирало едноставно и без тешкотии. Различните национални и државни -интереси што постоеле меѓу балканските држави не можеа да не влијаат врз ставот на балканските комунистички партии во однос на македонското национално прашање. Бугарската комунистичка паритја (БКП) особено се залагаше за решавањето на македонското прашање. Со губењето по Букурешкиот и Нејскиот мировен договор на територии во корист на Грција, на Романија и на Кралството на СХС, за Бугарија се појави едно нерешено национално прашање, за чие решавање бугарската држава беше живо заинтересирана. Бугарското Кралство истовремено не беше задоволно ни со тоа како беше решено "македонското прашање по 1913 год." И покрај фактот што Македонија излегуваше од етнографските рамки на бугарскиот етнос, сепак, таа беше сметана за бугарска земја, а македонското население за бугарско население. Интерес и желба за решевање на проблемот на Јужна Добруџа, Западна Тракија, Македонија итн. преку своја политичка програма, не можеше да не изрази и Бугарската комунистичка партија. БКП, како и бугарската држава, сите овие територии ги сметаше за историско-етнографски бугарски територии и за нив бараше соодветно политичко решение. За сите територии, за кои што бугарската влада бараше обединување со Бугарското Кралство (Тракија, Добруџа и Македонија), за сите овие територии БКП, во склоп со глобалната политика на Коминтерната, ќе бара формирање на обединета и независна Македонија, на

обединета и независна Тракија и на обединета и независна Добруџа. Со една ваква политика БКП во суштина, во дадени услови на европскиот и балканскиот политички status quo, најдобро ги рефлектираше и штитеше бугарските национални и државни интереси.

Со една политика за обединета и незасисна Македонија во суштина се ослабуваше Југославија и Грција, со независна и обединета Тракија се ослабуваше Грција и Турција, со обединета и независна Добруџа се ослабуваше Романија и се засилуваше Бугарија. Истовремено БКП, преку политиката на Коминтерната врз која сериозно влијаеше за балканските прашања, ги поддржуваше територијалните претензии на Унгарија во однос на Романија и Југославија, територијалните претензии на СССР во однос на Романија итн. Политиката на БКП за начинот како требаше да се решат нерешените национално-територијални прашања на Балканот во суштина одеше во правецот да ги ослаби "природните непријатели" на Бугарија (СХС, Грција, Романија) и да ги засили "природните сојузници" на Бугарија (Унгарија итн.).

Но политиката за обединета и независна Македонија во корист на "бугарското население" што живееше во Македонија не беше прифатлива за Комунистичката партија на Грција (КПГ) и за Комунистичката партија на Југославија (КПЈ). Коминтерната активно ќе се залага да ги доближи различните ставови на балканските партии во однос на македонското национално прашање. Како резултат на тие напори, во Виена 1921 година се одржа советување на БКФ но без да се постигне надминување на различните ставови што ги имале комунистичките партии во однос на македонското национално прашање.[63] По активното инсистирање на Коминтерната трите балкан-

ски комунистички партии постепено ги приближуваат своите ставови во однос на маекдонското национално прашање и на Петтата конференција на БКФ во 1922 година ја прифаќаат платформата за обединета и независна Македонија.[64] Дефинитивното компромисно политичко решение во однос на македонското национално прашање се реализира на Шестата конференција на БКФ во 1923 година.[65] Тргнувајќи од констатацијата дека во Македонија "постојат сите народности"[66] што живеат на Балканот, но ниту една од нив не претставува "апсолутно мнозинство"[67] и секоја надворешна доминација во Македонија -српска, грчка или бугарска би претставувала национално и социјално угнетување на мнозинството на населението, Шестата конференција на БКФ сметаше дека единствено обединета и независна Македонија во рамките на една Балканска Федерација ќе ги обезбеди правата и слободите "на сите народности"[68]. Со тоа од една страна БКП ја прифати идејата дека во Македонија живеат различни народности, а од друга страна КПГ и КПЈ ја прифатија политиката за обединета и независна Македонија, која едностапно во рамките на Балканската федерација може да обезбеди мирен и сигурен развој на сите "народи" што живеат во Македонија.[69] И покрај компромисното политичко решение што го постигнале балканските комунистички партии на Шестата конференција на БКФ во однос на македонското национално прашање, сепак, различните пасивни или активни отпори и различните сомневања останаа присутни и се појавуваа и изразуваа во конкретното спроведување на политиката за обединета и независна Македонија на конкретниот историски терен. Особено сериозни отпори за прифаќањето и спроведувањето на политиката за обединета и независна Македонија ќе се појават и изразат во редовите на КПГ.

## 2. Комунистичката партија на Грција и македонското национално прашање

Комунистичката партија на Грција непомалку беше заинтересирана за начинот како се поставува, третира и решава македонското национално прашање. Првите контакти на КПГ со македонското национално прашање датираат уште од 1918 година, но посериозни контакти со ова прашање КПГ ќе воспостави по 1920 година, кога Коминтерната, преку БКП, ќе го актуализира македонското национално прашање. На Првата конференција на БКФ што се одржа во Софија, во 1922 година, КПГ за првпат официјално се сретна со македонското национално прашање. На барањата на претставникот на БКП, Васил Коларов, балканските комуниситчки партии да ја прифатат политиката за обединета и независна Македонија, претставникот на КПГ, Јанис Пецопулос, побарал прашањето за обединета и независна Македонија да се одложи за да има можност, пред да се изјасни за едно толку важно прашање, да го постави на разгледување пред Централниот Комитет на КПГ по неговото враќање во земјата.[70] На Софиската конференција на БКФ што се одржа во 1923 година, КПГ повторно се сретнува со македонското национално прашање. Претставникот на КПГ, А.Ставридис, се спротистави на притисоците што доаѓале од страна на БКП за прифаќањето на политиката за обединета и независна Македонија. Политиката за обединета и независна Македонија, сметаше Ставридис, не е опортуна.

Политиката за обединета и независна Македонија, според него, од една страна е неприфатлива за грчкото колонистичко население кое е веќе во мнозинство во егејскиот дел на Македонија,

а од друга страна - таа политика нема да ја привлече ни многубројната македонска политичка емиграција во Бугарија, која повеќе е заинтересирана за обединување на Македонија со Бугарија.[71] На Московското советување на БКФ што се одржа по поразот на Септетемвриското востание во Бугарија, КПГ уште еднаш го изрази своето незадоволство во однос на македонското национално прашање. Претставникот на КПГ на Московското советување, Сарголог ос, не ги прифати аргументите на Г.Димитров и В.Коларов што оделе во корист на политиката за обединета и независна Македонија. Политиката за обединета и независна Македонија, сметаше Сарголог ос, како и Ставридис во 1923 година, е неприфатлива за КПГ особено по задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција и по масовното колонизирање на грчкото население во егејскиот дел на Македонија.[72] На Петтиот конгрес на Коминтерната што се одржа во Москва во 1924 година, Васил Коларов го реактуализира проблемот на обединета и независна Македонија. Ставовите на Васил Коларов биле поддржани и од претставникот на Коминтерната, Мануилски, со констатацијата дека во грчка, српска, бугарска и албанска Македонија постои народ кој, и покрај етнографското шаренило, создаде своја македонска историска традиција. Овие народи што живеат во Македонија имајќи посебна историска традиција "го имаат непишаното право на национална независност и автономија."[73] Претставникот на КПГ на Петтиот конгрес на Коминтерната, Серафим Максимос, не се согласи со аргументите на Коларов и Мануилски. Политиката за обединета и независна Македонија, сметаше Серафим Максимос, е неприфатлива за КПГ зашто во Македонија "постојат веќе 700.000 Грци бегалци... и грчките работници не ќе бидат спремни да ја прифатат паролата за македонска автономија."[74] Под силен притисок, претставниците на

КПГ на Петтиот конгрес на Коминтерната, С.Максимос, П.Пулјопулос и Н.Мегас, сепак, го прифатија ставот на Коминтерната и на БКФ во однос на македонското национално прашање. "Како претставници на партијата, пишувал понасно Серафим Максимос, имаеме наредба од мнозинството на Централниот Комитет да ја поддржиме политиката за обединета и независна Македонија спротивно на нашите лични убедувања."[75]

Прифаќањето од страна на Коминтерната, на БКФ и на КПГ на политиката за обединета и независна Македонија предизвика "реална вознемиреност меѓу членовите на КПГ"[76] зашто таа политика "никогаш не беше желба и гледиште на грчките комунисти."[77] Првиот отпор се појавил кај Јанис Кордатос, член на ЦК на КПГ и директор на весникот "Ризоспастис" (Радикал), официјален орган на КПГ. "Политиката за обединета и независна македонија и Тракија, пишува Кордатос во "Ризоспастис", е надвор од просторот и времето, бидејќи Македонија е поделена на три дела и жителите на грчка Македонија се сите Грци, како што знам јас лично."[78]

Поради возбудувањето и отпорите што ги предизвика во редовите на партијата прифаќањето на политиката на Коминтерната во однос на македонското национално прашање, пред поставувањето за конгресно прифаќање на политиката за обединета и независна Македонија, ЦК на КПГ решава да го испита расположението на партиските организации во однос на ова прашање. Пратениот делегат носи негативен одговор. Скоро сите партиски организации на КПГ се изјасниле против прифаќањето на политиката на Коминтерната во однос на македонското национално прашање со исклучок на партиската организација од Пиреа и некои секции на Комунистичката младина на

Грција. Но и покрај негативниот одговор во мнозинството партиски организации, сепак, макеоднското национално прашање беше ставено на дневен ред на Третиот вонреден конгрес на КПГ што се одржа во Атина од 26 ноември до 3 декември 1924 година.

Намерата да се постави на прифаќање политиката на Коминтерната во однос на македонското национално прашање на Третиот вонреден конгрес и предизвика во редовите на партијата долги и жестоки расправии."[79] Во текот на дискусиите околу македонското национално прашање се појавиле две јасни тенденции. Се формира тн. "малцинство" на чело со Јанис Кордатос и Томас Апостолидис што биле против политиката за обединета и независна Македонија, од една страна, а од друга таканареченото "мнозинство" на чело со Пантелис Пулјопулос што било за прифаќање на политиката на Коминтерна во однос на маекдонското национално прашање. Образложувајќи ги мотивите за несогласувањето со политиката на Коминтерната во однос на македонското национално прашање, лидерот на тн. "малцинство", Јанис Кордатос, сметаше дека политиката за обединета и независна Македонија не води сметка за новата грчка историска реалност што се создаде во егејскиот дел на Македонија по миграционите движења меѓу Бугарија, Грција и Турција, дека со прифаќањето на политиката за обединета и независна Македонија КПГ ќе и даде во рацете на грчката буржоазија "едно опасно оружје" за напаѓање и клеветење на партијата како ненационална и непатриотска партија, ќе и даде можност на грчката буржоазија да го разгори шовинизмот и нетрпеливоста на грчниот елемент од "Нова Грција" против негрчките народи, ќе ја претвори во партијата на малцинствата и дека со прифаќањето на политиката за обединета и незави-

сна Македонија КПГ ќе ја вознемирува грчката буржуезија и ќе создаде услови за воведување на диктаторски режим во Грција.[80]

По долгите и острите дискусии за и против политиката за обединета и независна Македонија што се воделе меѓу тн. "малцинство" и тн. "мнозинство", политиката за обединета и независна Македонија беше ставена на гласање. Од вкупно 19 претставници што гласале, 17 биле за прифаќањето на политиката на Коминтерната во однос на македонското национално прашање и само двајца или тн. "малцинство" биле против прифаќањето на политиката за обединета и независна Македонија. Претставниците на тн. "малцинство", Ј.Кордатос и Т.Апостолидис, и се покорија на волјата на тн. "мнозинство" и Третиот редовен конгрес на КПГ од 1924 година за прв пат зазеде став во однос на македонското национално прашање.

"Последните империјалистички војни и договорите за мир што уследија, се велеше во усвоената резолуција во однос на македонското национално прашање, не само што не го решиле, туку напротив, уште повеќе го комплицираа националното прашање во Македонија и Тракија. Народите од двете држави... конечно се поделија меѓу Србија, Бугарија, Грција и Турција. Тоа од една страна ги изложи Македонците на национално ропство од страна на буржуазиите на соседните држави, а од друга пак уште повеќе го заостри антагонизмот меѓу тие држави... Поделбата на Македонија меѓу Југославија, Грција и Бугарија уште повеќе ја зголеми желбата на Македонците да ги обединат трите нејзини делови на нивната распарчена татковина и да создадат една обединета и независна Македонија... Конгресот смета дека паролите што ги усвои VI и VII балканско комунистичко советување, "обединета и независна Македони-

ја" и "обединета и независна Тракија", се сосема исправни и вистински револуционерни."[81]

Со решенијата на III вонреден конгрес на КПГ во однос на македонското национално прашање тн. "мнозинство" ги наметна своите погледи во однос на македонското национално прашање, а гледиштата на тн. "малцинство" биле отфрлени и карактеризирани како трицкискистички и опортунистички.[82] Коминтерната, пак преку својот претставник Д.Мануилски, ставовите на Ј.Кордатос и Т.Апостолидис ги сметала за "социјал-демократски."[83]

### 3. Македонското национално прашање и политичко-идеолошка криза во КПГ

Прифаќањето од страна на КПГ на политиката за обединета и независна Македонија предизвика длабока внатрешна криза во редовите на КПГ. Внатрешната криза што ја опфати партијата уште повеќе се засили по знаците на чувствителната стагнација што почна да се забележува во редовите на грчкото работничко и револуционерно движење. Оваа стагнација во развитокот на грчкото работничко движење беше природен резултат и природна рефлексија на веќе почнатиот процес на релативната економска стабилизација на грчкото стопанство. Грчките влади, со помош и совет на Друштвото на народите, успееле да го колонизираат огромното бегалско христијанско население и на тој начин да ја избегнат политичката дестабилизација што сериозно и се закануваше на грчката држава по поразот кај реката Сакарија.[84] Периодот на акутната револуционерна криза што се создаде во Грција по "Големата војна" и особено по малоазиската катастрофа, во условите на релативната економска стабилизација на грчкото стопанство, придонесе револуционерната криза по-

степено, но сигурно да исчезнува. [85] Повлекувањето, како и знаците на чувствителната стагнација што веќе почнале да се забележуваат во редовите на грчкото работничко движење, уште повеќе ја заостри контрадикцијата внатре во партијата меѓу приврзаниците на "малцинството" итн. "мнозинство" и му даде можност на "малцинството" да ги активира и продолжи нападите против политиката за обединета и независна Македонија усвоена од страна на КПГ на III вонреден конгрес во 1924 година. [86]

Контрадикцијата што се јави околу македонското национално прашање меѓу тн. "мнозинство" итн. "малцинство" во суштина беше само надворешна рефлексија на длабоката политичко-идеолошка контрадикција за начинот на проучувањето и спроведувањето на марксистичката теорија во условите на грчката историска реалност. "Малцинството" - од една страна - бараше приспособување на општите марксистички принципи согласно со конкретните услови во земјата, а "мнозинството" - од друга - ја трансплатираше марксистичката наука "како догма"[87], која беше во реален расчекор со грчката историска реалност. [88]

Политичните-идеолошките концепции на "малцинството" ги изрази уште во 1925 година лидерот на "малцинството" Јанис Кордатос. Партијата, пишувал Кордатос во "Ризоспастис", не може да го прескокне своето историско минато и со еден скок да ја "надмине својата историска епоха" [89] зашто болшевизацијата на партијата не е ништо друго освен да знае секој комунист да ги приспособува "општите, основните принципи на ленинизмот согласно со конкретните услови во земјата... Во тоа се состои според Кордатос, зрелоста на секој комунист и особени на раководството да ги разбира во целата

длабочина и ширина конкретните политичко-општествени проблеми на својата земја, имајќи предвид секогаш дека во сите земји не постои една еднообразна ситуација, туку спротивно, разновидни ситуации поради различните политички и економски услови".[90] Затоа, заклучуваше Кордатос, кризата во партијата и стагнацијата на грчкото работничко движење не можат да се решат со "лични напади и догматски афоризми",[91] туку единствено со обединувањето на основните марксистички принципи со грчката историска реалност, која априорно треба објективно да се прегледа и анализира.[92]

Политичките гледишта на Јанис Кордатос, биле активно поддржувани и од Х.Ватис. Во статијата "Малку за дискусијата, за самонаречените "покровители" итн.", објавена во "Ризоспастис" во 1927 година, Х.Ватис сметал дека "марксизмот и ленинизмот се теории што се нераскинливи од праксата на револуционерната борба и ја губат својата вредност ако се претворат во догми или свето писмо".[93]

Политичките гледишта на "малцинството" по 1926 година ги прифатил и Пантелис Пуљопулос, генерален секретар на КПГ и лидер на "мнозинството" од 1924 година.[94] Стагнацијата на грчкото работничко и комунистичко движење во Грција, сметаше П.Пуљопулос, се должеше главно на непостоењето на сили во партијата, кои систематски ќе ја "осовојуваат и обработуваат марксистичко-ленинистичката теорија и неспособноста на тие сили да ја приспособуваат оваа општа теорија на конкретните услови на економскиот и општествениот живот во земјата".[95] За да се избегне и спречи стагнацијата што се забележува во редовите на грчкото работничко движење, сметаше Пуљопулос, прво треба "да ги познаеме подобро конкретните пра-

шања со кои секојдневно се судрува партијата", а потоа да ја прегледаме грчката историска реалност "во марксистичка светлина".[96] Само на тој начин партијата "ќе ја објасни марксистички грчката реалност".[97] Без обединување на марксистичката теорија со грчката конкретна реалност, заклучуваше П.Пулјопулос во својата интервенција на внатрешната партиска дискусија во 1927 година, не е можно грчкото работничко движење да се извлече од тешката криза, во која што се најде по 1923 година.

Само врз основа на оваа политичко-идеолошка концепција во суштина "малцинството" ја напаѓаше и бараше отфрлување на политиката за обединета и независна Македонија што беше усвоена на III вонреден конгрес на КПГ од 1924 година. По миграционите движења меѓу Грција и Бугарија, Грција и Турција, сметаше "малцинството" во егејскиот дел на Македонија се создаде една нова етнографско историска реалност. По големите миграциони движења грчкото население беше веќе во мнозинство и политиката за обединета и независна Македонија не само што не беше рефлексија, туку беше и во длабока контрадикција со новата грчка етнографско-историска реалност. "Жителите на грчка Македонија се сите Грци,"[98] сметаше Кордатос, зашто грчката буржоазија одамна ги протера словенските населенија и ја насели "грчка Маекдонија со грчки бегалци."[99] Неговата идеја ја поддржуваше и Х.Ватис во статијата "Националното прашање и нашата партија" објавена во весникот "Ризоспастис" во 1927 година, Во делот од Македонија што му припадна на Грција, пишувал Ватис во "Ризоспастис", пред 1912 година живееле 513.000 Грци, 415.000 Турци, 190.000 Македонци (бугарофони-егзархисти) и 98.000 различни. Денес живеат 1.341.000 Грци,

78.000 Македонци и 91.000 различни (главно Евреи) [100] Пантелис Пулјопулос по 1926 година исто така сметал дека доселувањето на грчките бегалци во Егејска Македонија и Западна Тракија претставуваше една толку очигледна реалност "што е смртоносна грешка за една политичка партија да ја избегне" [101] и заклучуваше како и Јанис Кордатос, Т.Апостолидис и Х.Ватис, дека новата грчка етнографска реалност бара и нова политика во однос на македонското национално прашање. Контрадикцијата што постоеше меѓу новата етнографска (грчка) историска реалност, која сеќе изразуваше нови немакедонски национални интереси и политиката и политиката за обединета и независна Македонија, сметаше "малцинството", придонесе македонското национално прашање да влијае во правецот на стагнација на грчкото работничко движење. "Оваа политика (македонското прашање м.б), пишувал Кордатос, и го зададе на партијата последниот удар. Таа се растури и ликвидира... "[102] Томас Апостолидис, вториот претставник на "малцинството", сметаше исто така дека политиката за обединета и независна Маекдонија поради штетите што му ги донесе на грчкото работничко движење, во суштина прави "антикомунистичка политика" [103] и нејзиното прифаќање на III вонреден конгрес на КПГ од 1924 година, претставувал чист софизам и политичка неспособност, недостојна за една сериозна политичка партија. Од промената или непромената на политиката за обединета и независна Македонија - сметале приврзаниците на "малцинството" - зависеше кому ќе му ја даде поддршката огромното бегалско колонистичко население во Грција, егејскиот дел на Македонија и западниот дел на Тракија.

Предупредувајќи го "мнозинстовто" дека од наклонетоста на бегалците ќе зависи "судбината на капитализмот во Грција," [104]

"малцинството" сметаше дека доколку ќе се отфрли политиката за обединета и независна Македонија и се прифати една политика што ќе биде рефлексија на новата грчка етнографска реалност и ќе ги штити новите грчки национални интереси, партијата ќе постигне две суштински работи. Од една страна КПГ би го привлекла огромното бегалско колонистичко население, зашто ова население ќе се увере дека неговото колонизирање во егејскиот дел на Македонија партијата го смета за дефинитивно, а од друга страна ќе се избегне можноста колонизаторскиот елемент да се претвори во сигурна "политичка резерва на грчката буржоазија".[105] Ако - од една страна - политиката за обединета и независна Македонија за "малцинството" беше во контрадикција со грчката внатрешна историска реалност, од друга пак таа политика беше и во контрадикција со балканската политичка реалност. "Малцинството" сметаше дека по поразот на Септемвриското востание во Бугарија, на Балканот се создала една нова политичка ситуација. Бугарија, по поразот на востанието од септември 1923 година, престана да биде центар на револуционерното движење на Балканот и тој центар се премести во Грција. Грчкото Кралство, а покасно и Грчката Република, сметаше "малцинството", по 1923 година влезе во една длабока национална криза слична на бугарската национална криза од 1919 година. Ако со политиката за обединета и независна Македонија требаше да му се помогне на бугарското револуционерно движење, на Бугарската Комунистичка Партија за привлекувањето на македонските бегалски маси, на ВМРО, по поразот на септемвриското востание и особено по десното скршнување на ВМРО на Тодор Александров и Александар Протогеров - политиката за обединета и независна Македонија, резонираше "малцинството", треба итно да

се семни во корист на Грција и да се помогне сега на КПГ да го привлече грчкото население, т.е. грчките бегалски маси на тој начин максимално да се искористи националната криза на грчкото општество за потребите на пролетерската револуција. Но Коминтерната, пишуваше Кордатос во весникот "Ризоспастис" во 1927 година, наместо да води сметка за објективната историска реалност, наместо да го спроведува марксизмот во согласност со конкретните специфичности на земјата, се задоволуваше само со поставувањето задачи на КПГ "без да се заинтересира да ја научи нејзината историја, конкретната ситуација, вистинското влијание, нејзината сила"[106] и секогаш грчката и балканската ситуација ја опишуваше не како што "постои објективно, туку како би сакале да биде."[107]

Приврзаниците на "мнозинството" се стремеле да го отстранат основниот аргумент на "мнозинството" дека бегалското колонистичко население во Егејска Македонија, со политиката за обединета и независна Македонија, е загрозено и истовремено му се загрозени и неговите највитални животни интереси. П.Пуљопулос, лидерот на "мнозинството" од 1924 година, се обиде да даде одговор на ова суштинско прашање веднаш по III вонреден конгрес на КПГ[108] "Работничко-земјоделското население, пишувал Пуљопулос во својата статија "Македонскиот вулкан" во 1924 година, бегалците од Македонија и Тракија немаат од што да се плашат... на грчкото население ќе му се даде можност веднаш по прогласувањето на автономијата на Македонија и Тракија да се организира Совети и да се вклучи во развојот и просперитетот на Македонија и Тракија."[109] Во врска со судбината на земјата што беше нелегално одземена од македонското население, проблем за кој живо

беше заинтересирано и грчкото и негрчкото колониситчко население "мнозинството" го убедуваше бегалското население дека нема причини да се вознемирува зашто, веднаш по прокламирањето на обединета и независна Македонија, грчките бегалци (колонистите) и месните селани "ќе се свикаат во Национален Совет за да ја разделат земјата во согласност со интересите на сиромашното земјоделско население".[110] Истата идеја се изразуваше и во Манифестот на ЦК на КПГ веднаш по освојувањето на политиката за обединета и независна Македонија на III вонреден конгрес во 1924 година. Во прогласот до работниот народ, ЦК на КПГ го уверуваше бегалското население дека во рамките на обединета и независна Македонија, преку "Националните совети" на бегалците и домашни селани, земјата ќе биде праведно распределена и во корист на месните селани и на колонистите.[111] Претставници на "мнозинството" сметале истовремено дека и во условите кога партијата ја има прифатено политиката за обединета и независна Македонија, можно е, сепак, да се привлече бегалското население. Ова население и покрај фактот што од страна на грчката држава доби недвижен имот, сепак, тоа се наоѓаше во тешка економска ситуација и партијата можеше да го искористи ова економско (со класни белези) незадоволство за потребите на класната борба.[112]

Полемиката околу македонското национално прашање кое беше и централно прашање во политичките дискусии што се воделе меѓу "мнозинството" и "малцинството" во 1927 година, зеде такви размери што се постави како логичен резултат прашањето: Дали националното прашање е или не е принципиелно прашање за една комунистичка партија? Пре обид за теоретско објаснување на ова

централно прашање се обиде да даде Ѓоргиос Сјантос, иден генерален секретар на КПГ во периодот од 1941 до 1944 година. Според Сјантос националното прашање по својата природа никогаш не може да биде принципиелно прашање за една комунистичка партија. Принципиелно прашање за една комунистичка партија, сметаше Сјантос, е единствено класната борба што го има како цел "сменувањето на капитализмот" [113] и поради тоа националното прашање секогаш е секундарно (тактично) прашање за една комунистичка партија и секогаш нерешеното национално прашање треба исклучиво да се користи за потребите на "класната пролетерска борба." [114] Врз основа на ваквата "филозофска" концепција, Сјантос ја сметаше политиката за обединета и независна Македонија како "крајно погрешна... и покрај фактот што тогаш (во 1924 година м.б.) имав спротивно мислење од сегашното." [115]

Спротивно на гледиштата на Сјантос, Х.Ватис сметаше дека националното прашање колку што е тактично, толку е и принципиелно прашање за една комунистичка паритја. За Ватис борбата за национално ослободување на поробените нации е принципиелно прашање за една комунистичка партија и без еден таков став во однос на едно нерешено национално прашање "не е можно да постои една комунистичка партија." [116] Ватис, истовремено сметаше дека националното прашање е и тактично прашање и за една комунистичка партија кога треба да се искористат сите "революционерни резерви меѓу кои и национално-ослободителното движење" [117] за ликвидација на капитализмот.

Дискусиите што се воделе во партијата околу суштинските прашања (марксизмот и неговото поврзување со конкретната

историска реалност на секоја земја, македонското национално прашање итн) придонесе да се поларизираат силите внатре во партијата. Ако од една страна политичките гледишта на т.н. "малцинство" биле осудени од мнозинството членови на КПГ и мнозинството членови на партијата стоеја цврсто зад политичките гледишта на "мнозинството", од друга гледиштата на "малцинството" во однос на македонското национално прашање биле поддржани на различни начини од мнозинството членови на КПГ.[118]

## 4. Македонското национално прашање и стагнацијата на грчкото работничко движење во периодот од 1923 до 1931

Македонското национално прашање по природа на своето поставување на III вонреден конгрес на КПГ во 1924 година, секако придонесе во правецот на стагнацијата на грчкото работничко и комунистичко движење. Но дали политиката за обединета и независна Македонија беше основната причина за стагнација на грчкото работничко движење? Кога во Европа по 1923 година почнал процесот на релативната економска и политичка стабилизација на капиталистичкиот свет, Грција влегуваше во една до најсериозните национални кризи во својата историја. Кризата што ја почувствува Грчкото Кралство по поразот кај реката Сакарија, беше од национална, економска и морална природа. По слични национални кризи поминале Германија, Австрија, Унгарија и Бугарија по "Големата војна". Со губењето на "историските територии", во Унгарија настапила по поразот во Првата светска војна една национална криза што ги засегна сите слоеви на унгарското општество. Националното

и политично незадоволство (социјалната неправда) тука се изрази главно преку ориентацијата на лево на населението што кулминираше со силната пролетерска револуција на чело со Бела Кун. Слична национална криза се забележува и во Бугарија по поразот на оваа земја во Балканските и Првата светска војна. Идејата на Сан-Стефанската Бугарија, со губењето на Јужна Добруџа, Западна Тракија итн., прими уште еден удар во нејзиниот стремеж да се материјализира на Балканот. Акс на национална криза се додаде и социјалната неправда што постоеше со векови во Бугарија, разбирливо е дека националното и социјалното движење во Бугарија се изрази преку силното и активното земјоделско движење на чело со Александар Стамболиски. Грција, по Лозанскиот мировен договор ги изгуби негрчките национални територии од Мала Азија, Источна Тракија [119] и настана една длабока национална криза во која левите идеологии наоѓале идеален терен за развивање и дејствување. Во овој период на длабока национална криза (политична, економска, психолошка) во рамките на КПГ се засилува левата политичка ориентација и веднаш по 1923 година се појавува еден активен левичарски политички радикализам. Овој политички радикализам "што не е чисто грчки феномен",[120] преку својата политичка програма не ќе води сметка и не ќе спроведува политика во согласност со грчката историска реалност. [121] Тој расчекор меѓу политичката програма на КПГ во дадениот историски период и грчката историска реалност придонесе проблемите во земјата за кои се организираше партијата со цел да ја преземе власта, б... "terra incognita" .[122] Тоа особено се гледа во ставовите што ги зазеде КПГ во однос на суштинските политички прашања какви

што беа проблемот на власта и државното уредување, аграрното прашање, македонското национално прашање итн.

## Проблемот на власта

Проблемот на власта, како основен политички проблем и за кој биле заинтересирани сите слоеви на грчкото општество, беше поставен и разгледан уште на основачкиот конгрес на КПГ во ноември 1918 година. Партијата, се велеше во партиската програма, усвоена на основачкиот конгрес на СРПГ, ќе се бори за отстранување на монархистичката институција, демократизација на законодавството, на извршната и судската власт, основање на народна демократија како преоден историски период за создавањето на социјалистично општество.[123] Но овој умерен став за априорно создавање на народна демократија како преоден период кон социјалистичкото општество, кој можеше да биде прифатлив за ситно-имотното грчко општество, брзо беше напуштен. На II конгрес на КПГ во 1920 година, партијата суштински ја смениве својата политика во однос на едно толку суштинско прашање како што беше проблемот на власта. Идејата за формирањето на таканаречената Народна Демократија беше отфрлена и II конгрес на КПГ преку усвоената резолуција сметаше дека за преминувањето од буржоаско во социјалистично општество не е потребно претходното преминување преку тн Народна Демократија, туку непосредно со воведување на диктатура на пролетаријатот и постепено ликвидирање на класите.[124] Овој нов став појасно беше изнесен во завршните документи на II конгрес на партијата од 1920 година. Партијата, се велеше во заклучниот документ на II конгрес, со сите свои сили ќе се бори за освоју-

вање на власта, за национализација на средствата на производството и создавање на социјалистичко општество со претходното и воспоставување на диктатурата на пролетаријатот.[125] На III вонреден конгрес на КПГ во 1924 година, партијата прави еден чекор напред во однос на политичкиот нереализам. Во "Манифестот до работниот народ" што беше усвоен на III вонреден конгрес на КПГ се истакнуваше дека борбата против фашизмот го стави пред партијата проблемот на власта и покрај фактот што во Грција во тој период не постоеше фашистичко движење. "Не ќе постигнеме ништо трајно за нашиот работен народ, се велеше во "Манифестот до работниот народ", ако не ја преземеме власта во свој раце и ако не создадеме наша работничко-земјоделска власт".[126] Но дали условите во Грција биле созреани за непосредна советска власт?

Капитализмот во Грција секако забележува чекори напред во почетокот на XX век, но сепак, тој се уште беше во неговата примарна фаза. Тоа неминовно влијаеше врз бројноста, структурата и филозофската (политичката) концепција на работничката класа. Грчкиот пролетаријат и покрај неговиот пораст, се уште не претставуваше една сериозна материјална сила која би била во можност да придонесе за радикални социјални и политички промени. Грчкиот пролетаријат не беше во вистинска смисла индустриски пролетаријат и не беше концентриран во големи индустриски центри како во Русија пред 1917 година. Според еден економски извештај на грчката држава од 20 октомври 1917 година во Грција, на пример, постоеле 2.213 претпријатија, чија состојба (по големината и бројот на вработените), била следната:[127]

| Претпријатија | Бројност | Вработени |
|---|---|---|
| Мали претпријатија (од 1 до 6 работници) | 1.188 | 3.579 |
| Средни претпријатија (од 6 до 25 работници) | 743 | 8.845 |
| Големи претпријатија | 282 | 23.700 |
| Вкупно: | 2.213 | 36.124 |

Според економската структура на претпријатијата (средни и големи), во рамките на индустријата што секако влијаеше и врз структура на грчката работничка класа, состојбата на грчката индустрија за истиот историски период беше следната:[128]

| Вид на претпријатието | Бројност | Вработени |
|---|---|---|
| Металуршки | 3 | 253 |
| Механички | 132 | 2.820 |
| Конструкциски | 13 | 1.293 |
| Текстилни | 173 | 10.680 |
| Прехрамбени | 1.244 | 10.136 |
| Хемиски | 232 | 2.967 |
| Кожни | 134 | 1.553 |
| Печатарски | 117 | 1.617 |
| Конфекциски | 13 | 423 |
| Дрвни | 135 | 1.235 |
| Тутунски | 28 | 2.458 |
| за струја | 19 | 682 |
| Вкупно: | 2.143 | 36.117 |

Значи во индустријата од вкупно 2.213 индустриски претпријатија (мали, средни, големи), 173 биле од текстилна, 117 од индустријата за хартија, а постоеле само три "металургиски" претпријатија. Од вкупно 36.124 работници што работеле во индустрискиот сектор во 1917 година, 10.680 работеле во текстилната индустрија, 10.136 во прехранбената, а само 252 лица [129] работеле во металуршката индустрија каде се создаваше вистинската класна свест кај работниците. Работничката свест на мнозинството на грчкиот пролетаријат се уште не се претвори и не се кристилизира во чиста класна свест. Фактот што грчкиот пролетаријат во почетокот на XX век имаше само работничката (професионалната) свест се должеше и на фактот дека мнозинството од грчките пролетери "малку или повеќе" биле сопственици и во "низното мнозинство не биле пролетери во вистинска марксистичка смисла". [130] Грчките работници, констатираа Ј.Кордатос, скоро сите "имат една куќичка или еден мал терен, една нива во селото, едно лозје или една градина". [131] Дуализмот во имотот (работник во град со малку земја во селото) не може да не се одрази и на нивото на свеста, особено на политичката свест. Така се појавува кај грчкиот пролетаријат на нивото на свеста политичкиот дуализам и огромното мнозинство од грчките работници се уште изразувале и негувале чувствителни "малограѓански гледишта". [132] Тоа се должеше на фактот што мнозинството од грчките работници потекнувало непосредно од селото или ситно - имотни семејства и затоа "нашата ранотничка класа изразува големи малограѓански гледишта особено буржоаскодемократски...", [133] констатира Ватис. Од вкупно 150.008работници што постоеле во Грција по тери-

торијалните проширувања на грчката држава по Првата светска војна, само 10.000 биле реално пролетери (по имот и свест) и имале и ја негувале во себе "традицијата на класната борба". [134] Тие претставувале само 1,6 % од целокупното грчко население и не биле во можност да бидат носители на никаква пролетерска револуција во Грција во мирни економски и политички услови. Од друга страна, политичката програма на партијата, која предвидуваше национализација и непосредно воспоставување на диктатурата на пролетаријатот, ја уплаши ситната буржоазија, која гледаше со голема недоверба во оваа радикална политична и социјална програма.

Аграрното прашање

Едно друго суштинско прашање во една класична земјоделска земја, [135] какoa што беше Грција, секако беше и аграрното прашање. Од начинот како ќе се постапуваше и решаваше ова прашање зависеше кому ќе му ја дадат поддршката скоро 65 % од целокупното население што живееше во Грција по "Големата војна". Една реалистичка политика во однос на аграрното прашање и даваше можност на КПГ да ја добие поддршката на оваа класа и покрај фактот што "немало класна свест" Желбата на грчкиот селанец за сопствено парче земја се изразуваше во текот на вековите. Грчкиот селанец својата лична слобода, како и својата економска сигурност и економскиот просперитет, го гледаше единствено во земјата и какво и да било политично решение, што ја ставаше под прашалник сопственоста на земјата, за него беше неприфатливо и туѓо. Затоа на ова основно прашање не можеме да не му обрне

внимание и КПГ. Во усвоената резолуција на основачкиот конгрес на КПГ во 1918 година партијата бараше национализација на чивлиските и манастирските имоти и предавање на национализираното земјиште на општините што ја обработувале земјата. [136] Овој реалистичен став одеше и во корист на грчкото селанство. Со една ваква политика КПГ ќе го привлекуваше безимотното грчко селанство, од една страна, а од друга не ќе го оддалечуваше и не го плашеше тој дел од грчкото селанство што си имале свое парче земја. Но оваа реалистичка политика во однос на аграрното прашање, наскоро ќе биде сменета од страна на КПГ. Во резолуцијата на II конгрес на КПГ од 1920 година во врска со аграрното прашање се велеше дека единственото можно и прифатливо решение за аграрното прашање е национализацијата на земјата штом политичката програма на партијата "се предвидува преземањето на власта од страна на работниците од градовите и селаните и национализацијата на средствата на производството, во кои што спаѓа и земјата". [137] Ваквото постапување и третирање на аграрното прашање од страна на КПГ беше во контрадинција со личните убедувања на грчкото селанство, кое не можеше да си ја замисли својата егзистенција без сопственото парче земја. Затоа со ваквата политика КПГ од една страна ја оддалечуваше од себе оваа класа и ја доближување до буржоаските партии, кои на грчкиот селанец му дале парче земја и му го признавале правото на сопственост, а од друга страна и отвараше простор за дејствување на земјоделската партија која се бореше против економската експлоатација на грчкото селанство, но не го ставаше под прашалник правото на сопственост врз земјата.

Македонското национално прашање

Догматизмот на КПГ не се манифестираше само на политичкото поле со паролите за непосредна советска власт, национализација на земјата, општ вооружен штрајк, туку политичкиот догматизам земаше несфатливи форми и во однос на македонското национално прашање.

Внатрешните борби што почнале околу македонското национално прашање во периодот од 1924 до 1927 година потврдија дека за КПГ македонското национално прашање беше terra incognita.

Догматското поставување на македонското национално прашање, во рамките на општата догматска политика на КПГ во периодот од 1924 до 1931 година, придонесе македонското национално прашање да влијае сериозно во правецот на стагнацијата на грчкото работничко и револуционерно движење. Оваа стагнација се должеше и на фактот дека македонското национално прашање не беше принципиелно поставено за да може да одговара на интересите на македонската нација. Со политиката за обединета и независна Македонија македонското национално прашање беше поставено и третирано како македонско прашање, а не како македонско национално прашање. Поставајќи го како политичко прашање, кое ќе одговара на интересите на Коминтерната, политиката за обединета и независна Македонија не беше природна рефлексија на историската реалност, т.е. на постоењето на македонската нација, туку во суштина беше во длабока контрадикција со таа реалност.

Постоењето на македонската нација

Со политичката поделба на Македонија во 1913 година, македонскиот народ не престана да постои и да го изразува во најразлични форми својот национален идентитет во трите дела на Македонија. "Не очекувајте од мене, одговараше еден обичен Македонец на прашањето што е, да кажам дека сум и се чувствувам Србин. Мене Бугарите цел век ми досипувале во главата дека сум Бугарин. Но се што можам да речам е, дека сум Македонец." [138] Македонците, се велеше во еден друг доверлив извештај на министерството за внатрешни работи на Кралството на СХС, сметаат "дека се посебен народ македонски и дека треба да имаат автономија. Ова народот го прифатил зашто тоа одговара на неговите чувства дека по вековното робување треба да биде автономен". [139]

Македонците од егејскиот дел на Македонија исто така сметале дека ние "сме посебен народ зашто зад нас имаме историја, богато борбено минато за ослободување на Македонија." [140] Исти национални чувства изразувале и негувале Македонците од селата Герман, Медово, Стрково, Винени и Оромник, кои протестирале пред претставникот на КПГ,Н.Киријакопулос дека, како Македонци, се чувствувале навредени кога ги нарекуваат со различни имиња. Ние, велее селаните, не сме ништо друго, освен Македонци. [141] Истото го потврдувале и Воденчани, кои се чувствувале навредени кога грчките Власти ги нарекуваа Бугари, "комити и многу други клевети". [142] Македонската национална свест беше толку присутна во Егејска Македонија што Македонците го бранеле својот национален идентитет и пред судовите. Во Серес, на пример, по повод едно

обично судење се разви следниот разговор меѓу претседателот на судот и еден македонски селанец кој не знаел грчки:

Претседателот на судот: Каков јазик знаеш?

Селанецот: Македонски.

Претседателот: Кој е тој јазик? Тој е македонски јазик, бре? Тој е бугарски, да знаеш! [143]

Истото го потврдувале и Македонците кои биле на отслужување на воениот рок и кои одбивале да признаат пред своите претпоставени дека се Бугари и дека македонскиот јазик е бугарски јазик. "Ние сме македонци, пишувале тие во писмото што го испратиле до весникот "Неос Ризоспастис" (Нов Радикал), и само Македонци. Јазикот кој го зборуваме е македонски, а не бугарски..." [144] Од својот национален идентитет Македонците не се откажувале ни пред грчките одреди за стрелање. Пред самото стрелање, Параскевов, обичен македонски селанец, обвинет дека соработувал со комитите, го одбил обвинението и особено фактот што беше претставен како Грк. "Не, изјави тој неколку минути пред смртта, јас се родив во Софија и не сум Бугарин, ниту пак Грк. Сум Македонец." [145] Оваа македонска национална свест, констатирал пратеникот на КПГ во Егејска Македонија, е присутна кај македонските народни маси, кои сакаат своја Македонска држава, а не држава "потчинета на Бугаринот или Гркот". [146] Оваа историска реалност ја забележувал и францускиот конзул во Солун, М.Грае. Во доверливото писмо испратено до францускиот министер за надворешни работи, С.Пижон, Грае го известувала дека Македонецот пред силата може, како и секој друг, да се покори, но секогаш во душата си останува тоа што е: Македонец. [147]

Но како се одразува оваа историска реалност во политичката програма на КПГ во однос на македонското национално прашање? Во резолуцијата на III вонреден конгрес на КПГ од 1924 година се зборува за Македонски народ создаден од различни народи и затоа КПГ се обврзуваше дека ќе ги поддржува "сите национални и политички барања на поробените народи (национална школа, локална национална автономија, црковна слобода, почитување на народните национални чувства) на сите народи што живеат во Македонија.[148] Сличен дух, кој што не одговараше на историската и етнографската реалност во Македонија, се забележува и во статијата на П.Пуљопулос а публикувана во "Ризоспастис" во декември 1924 година под наслов "Македонскиот вулкан. "Сите Македонци, пишуваше Пуљопулос во својата статија, од турско, бугарско, албанско, романско и грчко потекло до српска Маедонија требаше да бидат Срби. Исто така сите Македонци од српско, бугарско, романско итн. потекло требаше да бидат Грци или Бугари" во грчка и бугарска Македонија.[149] Духот на политичкиот и етнографскиот компромис на VI конференција на БКФ, КПГ ќе го поддржува се до 1931-1932 година.[150] Ова непринципиелно поставување на македонското национално прашање во услови кога во Македонија постоеше една нација, македонска и национални малцинства (Власи, Евреи, Роми итн.), имаше тешки политички последици. Ако во Македонија постојат различни народи (Грци, Бугари, Срби итн.) заклучувале претставниците на "малцинството", нормално е, тогаш, дека ќе постојат и различни национални чувства и различни национални интереси (грчки, бугарски, српски) што се манифестираат преку грчката, српската и бугарската национална свест. Овие различни национални интереси сметаше "малцинството",

се во длабока контрадикција со политиката на Коминтерната за обединета и независна Македонија. Затоа "малцинството" бараше сменување на политиката за обединета и независна Македонија и итно заменување на оваа политика со паролата за слободно самоопределување на македонскиот народ (Грци, Срби, Бугари, Власи) и обединување на Грците со Грција, на Бугарите со Бугарија, на Србите со Србија.[151] Истото го потврдуваше и Пулјопулос по 1926 година, кој исто така бараше право на самоопределување на "поробените нации" во Македонија и, секако, обединување на Грците, Бугарите и Србите со своите матични земји.[152]

Непринципиелното поставување на македонското национално прашање му даде можност на "малцинството" уште поупорно и рафинирано да ја напаѓа политиката за обединета и независна Македонија. Реализмот што го изразуваше "малцинството" во однос на политичките прашања и бараше прилагодување меѓу марксизмот и грчката историска реалност, не го однесуваше и на македонското национално прашање. Ј.Кордатос, на пример, сметаше дека не постои македонско национално прашање зашто грчката буржоазија со политиката за "доброволната" и задолжителна замена на населението меѓу Бугар- Грција и Турција, го решавеше проблемот и покрај фактот дека во егејскиот дел на Македонија останале да живеат уште 240.000 Македонци по потекло, јазик и национална свест. За Х.Ватис постоеше уште една "маса селани... што зборуваат еден јазик близу до бугарскиот јазик... но без да успеат да создадат своја македонска национална традиција".[153]

Поставувањето од страна на КПГ на македонското национално прашање како формално а не како суштинско македонско прашање,

го пасивизира македонското население и придонесе да не се појави македонско движење во корист на една Македонија, каде што, според КПГ, живееле Грци, Бугари, Срби, Власи, Роми, но не и Македонци. Неактивноста на македонското население од егејскиот дел на Македонија го привлече вниманието на П.Пулјопулос. Тој ќе се доближи до македонскиот народ и ќе констатира дека маекдонскиот селанец не негува и не манифестира некаква грчка, српска или бугарска национална свест, туку единствено македонска. Затоа основна грешка на КПГ во однос на македонското национално прашање во периодот од 1924 година до 1931 година, пишувал Пулјопулос во логорот во Акронавплија, беше во тоа што македонското национално прашање го поставивме "како географско, а не национално како што е"[154] и наместо да го изразува "нашиот принципиелен став во однос на македонското н а ц и о н а л н о прашање" [155] КПГ во својата политика ја бараше Македонија независна во корист на народи што всушност и не постоеле во неа. Политичко-идеолошката догматска политичка концепција за решавањето на суштинските прашања како проблемот на власта, аграрното прашање, македонското национално прашање (поставено и третирано како македонско прашање) ја пасивизира активноста на партијата, партијата изразуваше скромна активност во историскиот терен [156] и нејзиниот политички догматизам во суштина беше основна пречка во развојот на грчкото работнично и комунистично движење во периодот 1923 до 1931 година. Во рамките и во скопот на оваа општа догматска политика македонското национално прашање придонесе (со пасивизацијата на македонското население) во правец на стагнацијата на грчкото работнично движење.[157]

Третиот редовен конгрес на КПГ што се одржа во Атина [158] и покрај силните внатрешни политички збивања што се одвиваа во партијата во однос на суштинските политички прашања, како и во однос на македонското национално прашање, не внесува ништо ново во однос на националното прашање. Партијата, се велеше во усвоената резолуција, ги отфрлува гледиштата на "другарите кои предлагале напуштање на паролата за обединета и независна Македонија базирани врз секундарни факти дали постои или не македонски и тракиски народ" [159] и се истакнуваше дека политиката на партијата во однос на маекдонското национално прашање усвоена на III вонреден конгрес на КПГ од 1924 година, останува непроменета. Непроменета остана и општата политичка платформа на партијата во однос на суштинските политички прашања па и стагнацијата на грчкото работничко движење продолжуваше да постои. Сите овие недостатоци и особено конкретната неактивност на КПГ во однос на македонското национално прашање биле констатирани и од страна на Коминтерната. Со отвореното писмо до членовите на КПГ од 1931 година, Коминтерната им забележуваше на членовите на КПГ дека останале далеку од "револуционерната борба на народите што се поробени - Грците" и дека партијата не сторила соодветни напори да ја искористи "огромната симпатија што ја имаат во однос на комунистичкото движење угнетените народи". [160]

## 5. Комунистичката Партија на Грција и признавањето на македонската нација

Со формирањето на новиот ЦК на КПГ во 1931 година [161] во историјата на КПГ завршува "праисторискиот" и почнува "истори-

скиот" период. КПГ ќе манифестира се поголем политички реализам,[162] ќе почне да ја создава својата политика и во склоп со грчката историска реалност, но без да се ослободи сосема од политичкиот догматизам што ќе биде присутен како основна политичка карактеристика во цел нејзин историски период.[163] Политичкиот реализам особено се забележува и конкретизира во решенијата на VI седница на ЦК на КПГ од јануари 1934 година. Сметајќи дека Грција спаѓа во категоријата на тие земји што по програмата на Коминтерната се карактеризирани како "држави со среден степен на развитокот на капитализмот",[164] ЦК на КПГ заклучи дека поради средното ниво на капиталистичкиот развој во земјата, Грција и припаѓа на категорија на тие земји каде што е можно преминувањето од буржоаско-демократска во социјалистичка револуција и каде што "диктатурата на пролетаријатот нема да се наметне веднаш", туку ќе постои преминување од демократската диктатура на работниците и селаните "во социјалистичка диктатура на пролетаријатот.[165] На тој начин КПГ ги отфрлува левичарските ставови за непосредна советска власт, непосредна диктатура на пролетаријатот итн.

Политичкиот реализам кој доаѓаше и од страна на Коминтерната, како и притисокот што се изразуваше внатре во партијата за приближување колку е можно повеќе до сопствената историска реалност, не можеше да не се изрази и во однос на македонското национално прашање. Постоењето на македонската нација како непобитна историска реалност, не може да не влијае врз ставовите на КПГ во однос на македонското национално прашање. Во секојдневниот живот, во судирите со органите на власта, Македонците манифестирале и изразувале македонска национална свест. Овие чувства

Македонците ги изразувале и преку органот на КПГ, "Ризоспастис", што скоро секојдневно публикуваше статии и написи за тешката национална и социјална положба на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Под рубриката "Ризоспастис меѓу макеоднците", органот на КПГ објави голем број написи во корист на македонската нација. Во периодот од 1932 година до 1934 година биле публикувани во весникот "Ризоспастис" написите "Со Македонците во Македонија", "Долу националното угнетување-Македонците под јаремот на грчката буржоазија", "Не сме Бугари, ни Грци, ние сме Македонци", и други, во кои што македонската национална свест несопирливо се изразуваше. Македонските национални чувства извираа особено од писмата на самите Македонци што биле објавени во "Ризоспастис" на македонски јазик со грчни букви.

Под влијание и силен притисок на макеоднската национална свест, КПГ ја отфрли теоријата дека македонскиот народ е создаден од Грци, Срби, Бугари, Власи итн., и ја п р и з н а македонската н а ц и ј а. КПГ констатира дека "македонската националност не е ниту бугарска, ниту грчка, ниту српска, туку МАКЕДОНСКА", [166] зашто во "Македонија под Бугарија, Грција и Србија не постојат ниту Грци, ниту Бугари ниту Срби, постојат само Македонци". [167] За да се увериме во тоа, пишувал "Ризоспастис", "доволна е една обична посета во местата и планините на Македонија (Костур, Лерин) за да го опфатиш тоа. Тој одговор го добиваш уште од нивните обичаи и нивната природа која воопшто не е грчка, ниту бугарска, ниту српска... Нивната облека има нешто посебно и јазикот исто така. Нивниот словенски јазик личи со бугарскиот, но не е ист. Знаејќи го макеоднскиот јазик,

сенако, можеш да се разбереш и со Србите и со Бугарите. Тој јазик го зборуваат денес уште 100.000 луѓе КАКО НИВЕН МАЈЧИН ЈАЗИК: Друг не знаат. Има толку векови поминато од кога се населил словенскиот елемент во Македонија и денес никој од нив не знае ништо друго освен дека на тоа место се родил и на тоа ќе умре и дека не е ниту Грк, ниту Србин, ниту Бугарин".[168]

Признавањето на македонската нација, како и силниот притисок на македонскиот народ што се посилно се изразуваше по 1931 година, ја принудија КПГ да дозволи формирање на ВМРО (об) и во егејскиот дел на Македонија. Почетоците на ВМРО (об) во Егејска Македонија почнуваат во јуни 1932 година, кога на иницијатива на КПГ се организира во Солун т.н. конференција на малцинствата.[169] На оваа конференција, на која учествувале единаесет претставници на малцинствата и делегатот на КПГ, С.Склавенас, беше донесено решение при сите реонски и околински комитети да се формираат одделенија на малцинствата. Во месец септември истата година се одржа Берската конференција и во 1934 година во Воден беше свикана основачката конференција на ВМРО (об) за Егејска Македонија. На оваа конференција учествувале девет делегати кој го преставувале македонскиот народ од Леринскиот, Костурскиот, Воденскиот и Ениџе-Вардарскиот регион.

По прегледувањето на економската и политичката ситуација во Грција, конференцијата донесе решение за формирањето на ВМРО (об) во егејскиот дел на Македонија и истовремено беше избрано и политичко раководство на чело со Андреа Чипов, секретар, Христо Галабов, заменик секретар, Михаил Клеанев, одговорен за Леринскиот регион, и Алеко Тенекеџиев, одговорен за Воденски-

от регион. [170] Седиштето на ВМРО (об) беше во Солун, каде што почнале да се публикуваат и првите летоци на македонски јазик[171] и од каде што се ширеа и весниците "Македонско Дело" и "Балканска федерација".

По формирањето на политичкото раководство на ВМРО (об) почнале да се организираат и првите групи на ВМРО (об) на територијата на Егејска Македонија. Во селото Арсен (Воденско) беа формирани две групи по десет члена и една комисија од три члена, која имаше како основна задача да формира слични групи на ВРМО (об) во цел Воденски регион. Членовите на ВМРО (об) од селото Арсен се оборзале дека како Македонци, ќе се борат за полна независност на Македонија од "бугарскиот, грчкиот и српскиот стап" и барале издавање на еден македонски весник "на наш мајчин јазик". [172] Слични организации на ВМРО (об) се формираа и во други делови на Егејска Македонија. Во Екши-Су (Костурско) се формираа две групи на ВМРО (об) со вкупно 15 членови. Главната задача на членовите на ВМРО (об) од селото Екши-Су беше да му се докаже "на грчкиот господар дека ние не сме ни Грци, ни Бугари, ни Срби, туку чисти Македонци" и се оборзале дека ќе водат непрекината борба "додека не се ослободиме". [173] Истовремено членовите на ВМРО (об) од селото Екши-Су ги повикувале Македонците од селата Ајтос, Зеленич и Љубенца да се зачленат во редовите на ВМРО (об) и заедно да се за издавањето на еден весник "на наш мајчин јазик". [174] Во селото Participation Пател и исто така се формира група на ВМРО (об) која го имаше за основна цел "ослободувањето на многу мачениот македонски народ", [175] од неподносливото грчко ропство.

Појавата на ВМРО (об) во егејскиот дел на Македонија како лева македонска политичка организација, беше примена со големо одушевување од страна на македонското население и затоа "успеавме да организираме бази во Костурско, Леринско, Воденско, Солунско, Лагадинско, Кукушко, Серско, Драмско, каде што ВМРО (об) имаше формирано '17 организации со 893 членови'.[176] Активноста на ВМРО (об) во Егејска Македонија кулминира кога членовите на ВМРО (об) од Леринска околија успеале да го издадат на македонски јазик весникот"Земјоделско Знаме".[177] Забележителен успех за ВМРО (об) беше, секако, и кандидирањето на Андреа Чипов на парламентарните избори во 1935 година, кога секретарот на ВМРО (об) на изборните списоци, наместо професијата, пишуваше Македонец.[178]

Со признавањето на македонската нација и со формирањето на ВМРО (об), КПГ истовремено ја сменува во суштина својата политика во однос на македонското национално прашање. На место политиката за обединета и независна Македонија што беше и основна политична парола на ВМРО (об), КПГ по 1931 година реално ќе почне да ја спроведува политиката за полно рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава.[179] Прифаќањето на политиката за полна рамноправност на малцинствата по 1931 година од страна на КПГ, партијата го стори молкум и поттикната од сопствена желба и волја.[180] Тоа сменување на политиката на КПГ во однос на македонското национално прашање по 1931 година, беше неопходно зашто политиката за обединета и независна Македонија "беше едно политичко-секташка грешка што ја прифатисме од причини на политичка целесообразност... и со намера да му помогнеме на Бугарите во борбата што ја воделе против ВМРО".[181]

Новата политика за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава, која КПГ реално почна да ја спроведува по 1931 година, сериозно ќе ја стагнира активноста на ВМРО (об) во егејскиот дел на Македонија. Политиката за обединета и независна Македонија која од една страна ја спроведуваше ВМРО (об) беше веќе во длабока контрадикција со новата политика за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава, што од друга страна ја спроведуваше КПГ по 1931 година.[182] Оваа суштинска политичка контрадикција меѓу ВМРО (об) со политиката за обединета и независна Македонија, од една страна КПГ со политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава, од друга имаше тешки последици за активноста и особено за развитокот на ВМРО (об) во егејскиот дел на Македонија.[183]

На VI конгрес на КПГ во декември 1935 годинава оваа партија и формално (официјално) ќе ја прифати политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава. За да најде разбирање и поддршка во редовите на Коминтерната за новата политичка ориентација во однос на македонското национално прашање, претставниците на КПГ биле во Москва каде што се стремеле да ги убедат раководителите на Коминтерната за потребата на итното отфрлување на политиката за обединета и независна Македонија. Со различни статистики за "реалната етнографска" структура на населението во егејскиот дел на Македонија по големите миграциони движења, тие го убедувале стариот полски комунист, Оскар Валецки, раководител на Балканската секција, за справедливоста на решенијата на VI конгрес на КПГ од 1935 година во однос на

македонското национално прашање и за новата политика на КПГ во однос на единствената земјоделска партија во Грција. [184] На состанокот извршната комисија на Коминтерната, на која присуствуваа Д.Мануилски, П.Толјати, Т.Готвалд, Г.Димитров, В.Пик и други, против решенијата на VI конгрес на КПГ зборуваше полскиот комунист Оскар Валецки. [185] Претставникот на КПГ, Василис Нефелудис, подржуван од Јанис Михаилидис, Електра Сидеридис и Василис Барџотас[186], ги заштитувале решенијата на КПГ од VI конгрес, сметајќи ги исправни и во склоп со глобалната политика на Коминтерната. Сите учесници на овој состанок, според Нефелудис, на крајот ги прифатиле како исправни решенијата на VI конгрес на КПГ од 1935 година и со тоа и решението за заменувањето на политиката за обединета и независна македонија со политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава. Со тоа т.н. "мнозинството" од 1924 година ги прифати аргументите и ставовите на т.н. "малцинство" во однос на македонското национално прашање и, во суштина со решенијата од 1935 година "мнозинството" беше и формално поразено од "малцинството". Реалниот пораз во однос на македонското национално прашање "мнозинството" го претрпи веднаш по 1924 година. Дискусиите што се воделе околу македонското национално прашање во периодот 1923-1927 година во редовите на КПГ, ставовите што биле земени за или против политиката за обединета и независна Македонија, потврдија дека победата на т.н. "мнозинство" беше формална и краткотрајна. Од вкупно 17 гласа што добил П.Пулјопулос за прифаќањето на политиката за обединета и независна Македонија, 8 веднаш по III вонреден конгрес од 1924 година ја повлекле подршката, а 2 биле против во текот на самото гласање. Во суштина "мнозинството" беше р е а л н о

малцинство, а "малцинството реално "мнозинство" (10/9) во корист на т.н. "малцинство" и затоа победата на "мнозинството" на Третиот вонреден конгрес од 1924 година во однос на македонското национално прашање беше "Пирова победа". [187] Истото го потврдува и претставникот на т.н. "мнозинство" од 1924 година, П.Пулјопулос. "Нашата победа, пишувал Пулојпулос во весникот "Ризоспастис", се покажа пирова. Во практика сме победени и жалосно е за партијата да ги затвора очите пред таква реалност..." [188] и предвидуваше дека партијата, на крајот, ќе ги прифати аргументите на "малцинството" кога станува збор за македонското национално прашање.[189]

# Г Л А В А   Т Р Е Т А

## КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА И ПОЛИТИКАТА ЗА ПОЛНА РАМНОПРАВНОСТ НА МАЛЦИНСТВАТА (1935-1940)

### 1. Етнографските промени и македонското национално прашање

На VI редовен плениум на ЦК на КПГ, во присуство на 51 делегат, преставници на партиските организации на земјата, се разгледа и становиштето за заменувањето на досегашната парола за обединета и независна Македонија со паролата за полна рамноправност на малцинствата во рамките на Грција. На VI конгрес на КПГ, кој се одржа во декември 1935 година, партијата вака ја оправдува новата политика во однос на македонското национално прашање:

"По мартовскиот преврат, 190 се велеше во усвоениот документ, нашата партија наместо паролата за обединета и независна Македонија и Тракија ја фрли паролата за полна рамноправност на малцинствата. Менувањето на оваа парола во врска со националните малцинства во нашата земја не значи негирање на македонското прашање. Менувањето на старата парола се наложува од самата измена на националниот состав во грчкиот дел на Македонија. Тоа е во тесна врска со промената на деловите во кои се развива денеска револуционерното движење во општо на Балканот и особено во нашата земја со основна задача - антифашистичката борба. Марксистичката теорија и наложува на комунистичката

партија да ја засновува својата политика врз вистинските интереси на земјата.

Делот на Македонија што го држи Грција е населен со грчко-маџирско население. Населението од грчкиот дел на Македонија во своето мнозинство денеска е грчко и ленинистично-сталинистичкиот принцип за самоопределување на народите во денешните услови бара менувањето на старата парола... Промената на паролата не значи ослабување на нашата дејност во Македонија меѓу националните малцинства. Обратно, се заложуваме за засилување на нашите усилби за да им се обезбедат на малцинствата полни права. Комунистичката партија не престанува да изјавува дека македонското прашање ќе го реши братски конечно по победата на советската власт на Балканот, кога ќе ги укине срамните конвенции за размена на населението и ќе гиземе сите практични мерки за да се ликвидираат империјалистичките неправди. Само тогаш македонскиот народ ќе го најде во целост своето национално воспоставување".[191]

Како основен аргумент што го изнесе КПГ за да го оправда овој став беше фактот дека во Егејска Македонија грчкиот елемент преовладуваше по големите миграциони движења (1913-1928) и ваквото решение на македонското национално прашање се наметнуваше само по себе ако КПГ сакаше да ја остварува нејзината политика врз база на новата реалност. "Зашто, сметаше генералниот секретар на КПГ, Никос Захаријадис, ова е единствената можност да избегнеме грешки, полемики и разговори за грчката Македонија која што во 90 % е населена од Грци и затоа претставува неразделен дел на грчката држава".[192] Колку тоа беше оправдано и колку одговараше на таа мината историска етнографска реалност?

По доселувањето на бегалското христијанско население во Егејска Македонија, ова население беше сметано за грчко, а со тоа и оваа јужна македонска провинција се сметаше за елинизирана. "Населувањето во Македонија на скоро 500.000 селски бегалци и на 300.000 градски бегалци, пишувале членовите на Друштвото на Народите за колонизирањето на бегалскиот елемент во Егејска Македонија,... имаше како последица да ја смени радикално етничката состојба на населението во грчка Македонија и да ја елинизира засекогаш оваа провинција". [193] Ова гледиште за елинизирањето на Егејска Македонија по "доброволната" и задолжителната размена на населението меѓу Бугарија, Грција и Турција ќе го прифати и дел од научниот свет. Самата НПГ ќе го прифати ваквото гледиште и тоа ќе биде повод за сменувањето на партиската политика во однос на македонското национално прашање зашто делот "што го држи Грција е населен со грчко-мацирско население", [194] и населението во грчкиот дел на Македонија по своето мнозинство е грчко.

По овие етнографски промени, според официјалниот попис на населението во Грција во 1928 година и според големата грчка енциклопедија "Пирсос", националната структура на населението во Егејска Македонија по миграционите движења меѓу 1913-1928 година била следната:

Националната структура на населението во егејскиот дел на Македонија во 1928 година (според јазикот во семејството): [195]

| Народност | Бројност | % |
|---|---|---|
| Грци | 1.165.553 | 82,52 |
| Македонски словени | 80.789 | 5,72 |
| Турци | 71.960 | 5,09 |
| Шпанци (евреи) | 59.146 | 4,19 |
| Куцовласи | 13.475 | 0,95 |
| Ерменци | 11.859 | 0,84 |
| Цигани | 3.387 | 0,24 |
| Руси | 1.913 | 0,14 |
| Албанци | 1.119 | 0,08 |
| Италијанци | 728 | 0,05 |
| Англичани | 265 | 0,02 |
| Бугари | 20 | 0,00 |
| Разни | 2.263 | 0,16 |
| Вкупно: | 1.412.477 | 100 % |

Од горенаведената статистика произлегува дека негрчкиот елемент во егејскиот дел на Македонија изнесувал 246.924 лица или 17,48 %, а огромно мнозинство (1.165.553 или 82,52 %) го сочинувале грчкото население.

Друштвото на Народите сметаше дека Егејска Македонија е апсолутно еленизирана и, спротивно на грчките информации за

националната структура на населението во Егејска Македонија, ја дава следната статистика за бројноста и присутноста на различните народности во јужна Македонија:

Националната структура на населението во егејскиот дел на Македонија по големите миграциони движења (според Друштвото на народите): [196]

| Народност | Бројност | % |
|---|---|---|
| Грци | 1.341.000 | 88 % |
| Бугаризирани | 77.000 | 5,1 |
| Турци | 2.000 | 0,1 |
| Други | 91.000 | 6,0 |
| Вкупно: | 1.511.000 | 100 % |

Според Друштвото на Народите грчкиот елемент претставувал 88% од целокупното население што живееше во Егејска Македонија, Македонците претставувале 5,1 %, а турскиот елемент претставуваше 0,1 % од целокупното население што живееше во Егејска Македонија во 1928 година.

Колку тоа е реално и колку одговара на етнографската историска реалност? Чарл Б.Еди, претседател на комисијата за колонизирањето на грчкиот и негрчкиот христијански елемент во Грција пишува дека "грчките статистики треба да се користат со голема претпазливост". [197] Грчката статистика за пописот на

населението од 1928 година има неколку големи недостатоци. Од една страна таа не ја презентира реалната национална структура на населението во егејскиот дел на Македонија, а од друга страна ги намалува - во корист на грчкиот елемент - другите народи и етнички групи што живееле во Егејска Македонија, како Македонци, Власи, Евреи итн.

Реалната национална структура на населението во Егејска Македонија беше сосема различна и аргументот што го изнесе КПГ за сменувањето на нејзината политика во однос на македонското национално прашање е само формален повод зашто постоеле други пореални мотиви што ја натераа КПГ да го донесе решението од месец септември 1935 година.

По поразот кај Сакарија и беше ставен крај на грчката Голема идеја за кралство-држава на два континенти и со пет мориња и по големата малоазиска катастрофа Грција беше принудена да обедини не територии, туку "луѓето".[198]

Во Лозанскиот договор од 1923 година меѓу кемалистичка Турција и поразената Грција се предвидуваше задолжителна размена на христијаните од Турција (Турци по националност-христијани по вера, Грци по националност-христијани по вера, Ерменци по националност-христијани по вера и др.) и муслиманското население од Грција (Турци по националност-муслимани по вера, Македонци по националност-муслимани по вера, Албанци по националност-муслимани по вера, Евреи по националност-муслимани по вера).[199] Размената меѓу двете непријателски расположени држави не се вршеше врз основа на националната припадност (потекло,

јазик, обичаи и традиции), туку врз основа на црковната припадност што не можеше да биде критериум за национално определување и дури да биде појдовна основа за меѓународни договори и спогодби.

Бегалското христијанско колонистично население беше многу пoхетерогено по потекло, јазик и култура. Кога христијанското колонистично население во Егејска Македонија уште не стана политички елемент и кога ова население уште не беше во рамките на "чисто националната" грчка држава, неколку грчки историчари покажувале поголема наклонетост кон објективноста. Така, Д.Ноти Боцари во неговата книга публикувана во Атина во 1919 година ја дава следната карактеристика за христијанското население што живееше во Турција, а по 1923 година беше преселено воЕгејска Македонија: "Како што не се Турци сите муслимани, пишува тој, така не се Грци сите христијани".[200] Истиот автор забележува дека христијанското население се разликува меѓу себе поради "различни култури, јазици и раси".[201] Ова население од Мала Азија што беше преселено во егејскиот дел на Македонија претставуваше вистинска "етничка тантела".[202] До ваков заклучок дојде и меѓународната комисија на Друштвото на народите за колонизирањето и сместувањето на бегалскиот елемент во егејскиот дел на Македонија. "Многу колонии, заклучуваше таа, опфаќаат бегалци од секакво потекло"[203], кои "се разликуваат по карактер и темперамент, по менталитет и изразуваат голема оригиналност",[204] зашто многу од нив "се држат единствено за азиските народи".[205] Сето ова бегалско население, различно по потекло, поради силниот турски притисок, беше прифатено од

"мајката Грција... без да ги праша за неговата националност: Грци, Ерменци и Кавкасци". [206] Жак Ансел, познат по неговата гркофилска наклонетос, во неговата книга "Македонија" (Париз 1930 година) пишува дека не е толку важен јазикот на кој зборуваат овие луѓе, бегалците, дека многу поважен бил начинот на живеењето, т.е. надворешното, но не секогаш реалното манифестирано национално чувство создадено од грчката црква, која му даде на ова население нешто заедничко иако по потекло и јазик е различно.[207] Самата грчка влада делумно го потврди негрчкиот карактер на населението што живееше во Мала Азија и по 1923 година , дојде во Егејска Македонија. Во текот на преговорите за склучувањето на Северскиот мировен договор, [208] Турција одбиваше да ги признае грчките територијални претензии врз основа на постоењето на апсолутното грчко мнозинство во Мала Азија. Турската влада беше убедена дека христијанското население во неговото мнозинство и не е грчко по потекло и јазик. Со желба да се постигне едно решение, да се најде еден модус вивенди за ова прашање, големите сили предложија да се спроведе една меѓународна анкета за националната структура на населението во западните делови на Турција за кои претендираше грчката држава. Грчката влада го советувала грчкиот парламент да не ја прифати меѓународната анкета, сметајќи дека се доволни грчките аргументи поднесени во текот на преговорите. Истиот став заземе грчката влада и во однос на Јужна Албанија кога италијанската делегација побара националната структура на населението да се констатира врз основа на јазикот во семејството, а не врз основа на надворешното нереално манифестирано чувство (посета на црква или училиште).

Најбројни негрчки малцинства што дојдоа во Грција-покрај грчкото население - и беа вселени во егејскиот дел на Македонија, биле Ерменците, туркофоните (караманлите) и населението дојдено од Кавказ.

## Ерменското малцинство

Ерменскиот христијански елемент според официјалната статистика на грчката држава од 1928 година, изнесувал 11.089 лица.[209] Но оваа народност беше многу побројна отколку што тоа сакале да го признаат грчките власти и нивните официјални статистики. Д.К.Вогазли во неговото дело "Филитикес ќе етникес мионотитес стин Елада ке Вулгарија" (Расни и национални малцинства во Грција и Бугарија) го пишувал следното: "Ерменците, констатираше тој, до 1920 година не претставувале повеќе од 30.000 души. По малоазиската катастрофа заедно со нашите дојдоа во Грција и не малку Ерменци. Тогаш ги проценуваа на 100.000 души".[210] С.Евелпинди сметал дека во создавањето на грчката нација во Егејска Македонија голем придонес имале и Ерменците (хајхурум).[211] Бројноста на Ерменците беше толку голема што тие создадоа во Солун, каде што биле вселени над 20.000 Ерменци, "Друштво на ерменското малцинство",[212] кое во периодот меѓу двете светски војни го издаваше прогресивниот весник "Ахтанак" (Победа), а ерменската секција на КПГ го издаваше весникот "Ашхатанк" (Труд).[213] Големото присуство на ерменското население ја загрижи грчката влада зашто ова население се спротивставуваше на грчката асимилација и "со љубомора ја чува својата националност и по толку големи катастрофи".[214] Посебна загриженост за постоењето на ермен-

скиот елемент грчката влада изразуваше и во писмото што било испратено до Друштвото на народите, во кое се вели дека со 120.000 Ерменци се создава "нагрчката територија еден нов малцински проблем што за нас е неприфатлив".[215]

Големото присуство на ова малцинство во егејскиот дел на Македонија по малоазиската катастрофа предизвика силна реакција кај Грчките националисти и шовинисти. Весникот "Балканска Федерација" забележува една ваква положба и во 1924 година нејзиниот кореспондент во Македонија, Петридис, пишувал дека во Македонија се преземаат мерки "не само против "Бугарите" туку и против туѓите Ерменци и против мирните Евреи во Солун... Постои тука еден ермениски проблем, еден еврејски проблем и други".[216] Од друга страна, бројот на ерменскиот елемент беше толку голем што комисијата на Друштвото на народите за населувањето на христијаните во Грција - и покрај нејзините гркофилски чувства - во 1926 година констатира: "Исто така дојдоа (во Егејска Македонија-м.б.), пишува таа, и такви што не се Грци: Черкези и многу Ерменци".[217] Американското филантропско друштво само во 1922 година прифати од Турција 18.268 ерменски сирачиња што биле донесени во Егејска Македонија, и каде што овие деца за пропат се стретнуваат со грчкиот јазик и со новата грчка свест што упорно им се создаваше. Големото присуство на Ерменците го потврдува и грчката инциклопедија "Пирсос" која, спротивно на статистиката за пописот на населението во Грција од 1928 година, констатира дека во егејскиот дел на Македонија постоеле не 11.085, туку 50.000 Ерменци.[218] Истата бројка ја дава и Мосхопулос кој смета дека во егејскиот дел на Македонија постоеле

50.000 Ерменци.[219] Но дел од ерменското население емигрира во периодот 1923-1928 година. Скоро 9.000 Ерменци заминале во Ерменската Советска Република, а друг дел во Америка и во различни европски земји. Останале да бидат колонизирани скоро 80.000 Ерменци кои изразувале силна и активна ерменска национална свест.[220]

## Еврејското малцинство

Бројот на еврејското малцинство исто така е намалено. Грчката статистика за попис на населението во Грција од 1928 година изнесува дека во егејскиот дел на Македонија живееле 59.000 еврејско население.[221] Истото го потврдува и големата енциклопедија "Пирсос", која сметаше дека во Солун во 1928 година живееле 59.146 Евреи.[222] Бројноста на ова малцинство е благо намалена во однос на другите малцинства во грчката статистика за попис на населението од 1928 година. Еврејското население само во Солун изнесуваше 75.000, во Драма - 380, во Сер - 2.000, Кавала - 2.000, Костур - 1.600 и во Бер - 600.[223] Грчкиот историчар К.Вогазли смета дека бројот на Евреите изнесуваше околу 85.000 лица,[224] а францускиот историчар, Рене Ристелнебер, смета дека во Солун живееле 70.000 Евреи.[225] Истото го потврдува и Бушие Де Бел, кој тврди дека во Солун живееле 80.000 Евреи.[226]

Присуството на ова големо малцинство му даваше на градот не само надворешен, туку и внатрешен белег. Тој стана, поради бројноста и трговската активност на еврејското население, еден од најразвиените градови со висок степен на економски и духовен развој за тогашните турско-ориентални прилики. "Солун, пи-

шува Браилсворт, е една реткост во современата Европа, град во кој населението во неговото мнозинство е еврејско. Тие се повеќе од 80.000 Евреи.[227] И покрај фактот дека Солун имаше јасен еврејски белег, сепак, поблизу до вистината е бројноста од 70.000 Евреи. [228] Тоа го потврдува и францускиот конзул во Солун, кој во извештајот до француската влада пишувал дека ова големо малцинство од околу 80.000 лица има 50 училишта и 60 центри за просветување. [229]

Иако непожелно за грчката држава и грчката буржуазија, сепак, политиката на истребување на ова малцинство не зеде такви размери како во однос на македонскиот народ. Скоро 5.000 Евреи по поразот на пролетерската револуција во Унгарија и доаѓањето на фашизмот во Унгарија, Италија и особено во Германија, се преселија во Франција, Америка и Швајцарија. [230]

## Туркофонско (караманлиско) малцинство

Еден нов проблем што се појави по малоазиската катастрофа и Лозанскиот мировен договор бил проблемот на туркофоните- Турци по народност и христијани по вера. Нивниот број се проценува на 200.000 луѓе, кои им "припаѓаат единствено на азиските народи". [231] Дека ова население дојдено во Грција било грчко само по верската припадност сведочи и фактот, дека самиот Цариградски Патријарх наредил за велигденските празници евангелието да се чита и на турски јазик. [232] Весникот "Ризоспастис", оправдувајќи ја новата политика во однос на македонското национално прашање, пишувал дека Егејска Македонија веќе е населена со "грчко-маџирско население" [233], т.е. со грчко и негрчко

население. Разликата, значи, не е симболична, туку реална и допушта различност на населението по потекло и јазик.

Присуството на турскиот јазик, како мајчин јазик, во редовите на бегалското христијанско население услови сите бегалци (не Грци и Грци) да бидат наименувани од македонското домородно население со турското име м а џ и р и, што значи: странци, туѓинци. Истото име го добиле и мухаџирите што турската влада сакаше да го досели со истите национални и политички цели. Тоа именување со името маџири на христијанското турско население, дојдено во егејскиот дел на Македонија, не е случајно или историски претерано. Домородното македонско население констатирало една реална положба без да раководи со некои национални или политички интереси. По доселувањето на туркофоните во македонската средина, меѓу нив се забележува еден историски куриозитет. Наместо да зборуваат со македонското население на официјалниот грчки јазик, тие како средство за комуникација го употребувале турскиот јазик што го знаел и дел од македонското население.[234]

На пописот на населението во Грција во 1928 година, 71.960 од населението се декларирале како Турци. Ако пак се има предвид фактот дека Лозанскиот мировен договор предвидуваше задолжително иселување на муслиманското население од егејскиот дел на Македонија, може да се заклучи дека ова турско население од 71.960 лица му припаѓаше на турското христијанско население доселено во Егејска Македонија, кое не изразувало соодветна грчка национална свест.

Весникот "Елиникос Ворас" забележува во 1959 година дека и по толку години во многу села во егејскиот дел на Македонија

жителите дојдени од Мала Азија се уште се "по јазик туркофони". [235] Дека ова население, турско по потекло, не беше грчко го потврдува, не само јазикот, туку и начинот на живеењето кој повеќе бил ориентален, от колку христијански, и покрај православната црковна припадност. "Во неговата татковина, пишува комисијата на Друштвото на народите, по внатрешноста на Анадолија, секогаш две или три семејства живееле под ист покрив... синот, женејќи се не ја напушташе родната куќа". [236]

Надворешното национално грчко чувство што се изразуваше преку православната црковна припадност не зеде таква развиена и кристализирана форма за да може сосема да ја уништи неговата свест дека е од негрчко потекло кое надворешно реално го изразуваше преку турскиот јазик, преку посебна психолошка структура, начин на живеење итн. Голем дел од турското население не ја сметаше Грција за своја татковина и негуваше "силна надеж... за можно о враќање во неговото родно место" [237] Тие "не се Грци и биле заразени од сепаратистички дух". [238] Бугарскиот историчар Димитар Атанасов исто така констатира дека голем дел од бегалците колонизирани во егејскиот дел на Македонија не се Грци, туку Турци и со турски мајчин јазик. [239]

## Кавкаското малцинство

Една друга народност не помалку бројна беше и бегалското население дојдено од Кавказ. Неговиот број изнесуваше 75.000 лица. За ова население што не изразуваше ни формална надворешна грчка свест, грчките власти биле принудени да објавуваат во Солун два весници на руски јазик "Воля народа" и "Заробежная Русь" [240]

Зборувајќи за потеклото, јазикот и навиките на 75.000 Кавкасци, Боцари забележува дека тие исклучиво "му припаѓаат на кавкаското племе".[241] Слична констатација дава за ова население и група бугарски новинари што ја посетиле Егејска Македонија во периодот на колонизирањето на христијанскиот елемент. Посетувајќи едно бегалско населено место, бугарските новинари се приближиле до некои млади селани што зборувале руски. Од разговорот со нив разбравме, пишуваат тие, дека се изгонети од Кавказ и не дошле во Грција врз основа на грчката национална свест.[242]

## Ромското малцинство

Бројот на Ромите исто така е чувствително намален. Во една територија од 34.356 $км^2$, колку што има Егејска Македонија, според грчката статистика за пописот на населението од 1928 година живееле само 3.000 Роми. Васил Кънчов, чија статистика може да се смета како веродостојна,[243] за бројноста на оваа етничка група пишува дека во Лагадинската каза живееле 1.025 Роми, во Серската - 4.563, во Ениџе-Вардарска - 1.827, во Солунската - 3.553 и во Воденската каза - 873. Само во Солунскиот вилает живееле 34.098 Роми.[244] До истата констатација дојде и Брајлстворт кој заклучува дека Ромите "биле исто така многубројни".[245]

## Влашкото малцинство

Влашкото население што живееше во егејскиот дел на Македонија е намалено во грчката официјална статистика за пописот на населението од 1928 година. Општата оценка што владее

во Грција е дека влашкото население не треба да се смета како нешто посебно зашто одамна "се има докажано неговото грчко потекло и свест". [246] Тоа намалување произлегува од погрешниот став дека Власите по надворешно манифестираното национално чувство се Грци. "Вистината е во тоа, пишува Стефанос Сарафис, дека Куцовласите во нивното големо мнозинство се вистински Грци"[247] и со тоа многу се намалува и нивната бројност како негрчки етнички елемент и априори во грчките статистики мнозинството од нив фигурираат како Грци.

## Македонскиот народ

Најмногубројни фалсификати се извршени, секако, со бројноста на македонскиот народ. Грчката буржоазија сакаше по секоја цена во дадените историски услови да ги протера Македонците, а останатото македонско население да го претстави како дезориентирани Грци или неговата бројност да ја намали во таа мера што да може да гарантира ефикасен аргумет за тоталното елинизирање на Егејска Македонија. Во европската историска практика не постои пример за толку злонамерно, толку систематско малтретирање и истребување на еден народ како што е истребувањето на Македонците од страна на грчката држава. "Периодот меѓу двете светски војни, пишува Аарон Асса, беше претворен во вистинска национална трагедија за македонскиот народ принуден да се бори не само за своите национални и етнички права, туку и за своето елементарно физичко постоење на својата родна земја".[248] Тоа од едноставна причина: и колку да е малубројно македонското население тоа беше предмет на прогонувања и фалсификувања зашто

со неговото голо постоење македонската нација е жив сведок на огромната територијална и историска неправда. "Не ги сакаме во нашите прегратки, пишуваше весникот "Неа Алитија" (Нова Вистина). Не можеме да ги трпиме да останат како малцинство па дури и како лојално".[249]

Поради великодржавни интереси, грчката држава свесно го намалуваше бројот на македонското население зашто тоа и даваше етнографски карактери на Македонија. Затоа во грчките информативни изданија и во самиот попис на населението во Грција од 1928 година, бројот на македонското население не ја надмина малата бројка од 80.000 лица.

Според статистиките на Васил К'нчов, во егејскиот дел на Македонија живееле 358.290 Македонци.[250] Членовите на Карнагиевата комисија, која беше неутрална во македонскиот спор, сметаше дека во егејскиот дел на Македонија живееле 328.371 македонско население.[251] Заедно со македонското муслиманско население (40.802) кое по неговото потекло и припаѓаше на македонската нација, целокупното македонско население врз основа на јазикот кој се зборуваше во семејството, по 1913 година изнесуваше 370.173. Но врз основа на спогодбата за "доброволното" иселување на "бугарското" население од Грција и грчкото малцинство од Бугарија, во Бугарското царство во еден краток историски период се иселиле 86.582 Македонци.[252] Истовремено, по силата на Лозанскиот мировен договор, врз основа на муслиманската црковна припадност, заминале за Турција 40.802 Македонски муслимани. Исто така под силниот притисок на грчките власти, околу 517 македонски семејства се иселиле во кралството СХС и главно

биле колонизирани во Струмичко и Гевгелиско. [253] Во периодот од 1913 до 1928 година од Егејска Македонија се иселиле вкупно 127.384 македонско население.

И покрај иселувањето на 34 % од македонското население,сепак во егејскиот дел на Македонија останале и натаму да живеат 240.000 Македонци, населени главно во Костурско, Леринско, Воденско, Кајларско итн. Тоа го потврдува и една неофицијална анкета на КПГ од 1945 година. Според оваа анкета во егејскиот дел на Македонија, како резултат на природниот прираст на населението живееле 280.000 Македонци, од кои 75.000 во Воденско, 60.000 во Леринско, 45.000 во Серско-Драмско, 34.000 во Костурско, 15.000 во Солунско, 10.000 во Кајларско итн.[254] Следствено, реалната состојба на целокупното негрчко население (домородно и колонистичко) што живееше во Егејска Македонија, по големите миграциони движења беше следната:

Бројноста на националната структура на негрчкото население во Егејска Македонија по големите миграциони движења (1913-1928 година):

| Народност | Бројност | % |
|---|---|---|
| Македонци | 240.000 | 30,92 % |
| Туркофони (Караманли) | 210.000 | 27,07 |
| Ерменци | 80.000 | 10,30 |
| Кавкасци | 75.000 | 9,67 |
| Евреи | 68,206 | 8,79 |
| Власи | 44,414 | 5,72 |
| Роми | 25.302 | 3,26 |
| Други | 33.127 | 4,27 |
| Вкупно: | 776.049 | 100 % |

Тоа значи дека негрчкиот елемент во Егејска Македонија претставувале не 246.924 лица или 17 %, како што тоа го претставувала грчката статистика за пописот на населението од 1928 гоидна, туку 776.049 или 54 % од целокупното население што живееше во Егејска Македонија по миграционите движења меѓу Грција, Турција и Бугарија.

## Грчката народност

Грчкиот елемент по големите внатрешни и надворешни движења се засили по бројност и компактност во егејскиот дел на Македонија. Ако пред Балканските војни неговата бројност изнесуваше 236.755 лица, по 1913 година се забележуваат значителни етнографски промени во корист на ова малцинство. Веднаш по 1913 година грчката држава почнува да спроведува систематска политика на колонизација со желба да го смени етнографскиот лик на Егејска Македонија. Во периодот 1913-1928 година во Егејска Македонија биле доселени 53.056 Грци по потекло и јазик, што потекнувае од Стара Грција (Епир, Евбеја, Крит, Стереа Елада и од островите). Истовремено, врз основа на задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција и врз основа на Ius sangvinis (од грчки родители) во Егејска Македонија биле доселени уште 200.143 Грци по потекло и јазик, кои потекнувале од Мала Азија, Европа, Азија, Африка и Океанија [255] Поради овие промени целокупното грчко население по потекло, јазик и надворешно реалното манифестирано национално чувство, изнесуваше во 1930 година 636.428 лица и доминираше главно во Серско, Драмско, Кавалско, Пелско, Кукушко, Демир-Хисарско, Солунско, Кожанско,

Еницe-Вардарско итн.[256] Затоа објективно можеме да ја сметаме констатацијата на А.Георгиу Мега кој, зборувајќи за етнографските промени во Егејска Македонија, забележува дека грчкото малцинство само "се згусти".[257] Затоа реалната национална структура на целокупното население што живееше во Егејска Македонија по "доброволната" и задолжителната замена на населението меѓу Грција, Бугарија и Турција, беше следната.

Бројноста и националната структура на населението во Егејска Македонија по големите миграциони движења (1913-1930)

| Народност | Бројност | % |
|---|---|---|
| Грци | 636.428 | 45,06 |
| Македонци | 240.000 | 16,99 |
| Туркофони (Караманлии) | 210.000 | 14,87 |
| Ерменци | 80.000 | 5,66 |
| Кавкасци | 75.000 | 5,31 |
| Евреи | 68.206 | 4,83 |
| Власи | 44,414 | 3,14 |
| Роми | 25.302 | 1,79 |
| Други | 33.127 | 2,35 |
| Вкупно: | 1.412.477 | 100 % |

Ако 1923 година грчкото малцинство претставуваше само 22,50 % од целокупното население во Егејска Македонија, по

големите миграциони движења грчкото население претставува веќе 45,06 % од целокупното население што живееше во јужна Македонија, но си остана м а л ц и н с т в о во однос на другото целокупно негрчко население. Од друга страна, грчкиот елемент, заедно со другите негрчки колонистички елементи, како Турнофоните, Ерменците и Кавкасците, претставува апсолутно м н о з и н с т в о во однос на македонското и другото негрчко домородно население.

Со тоа Егејска Македонија не добива грчки карактер, туку едноставно се зголемува бројот на грчкото малцинство и се создаде еден вистински мозаик на народи и јазици што постепено, во историската перспектива, ќе се слеваат - врз основа на грчкиот јазик - во грчката нација. КПГ, врз о с н о в а на целокупното колонизирано немакедонско население, ја отфрли политиката за обединета и независна Македонија со еден аргумент што во тогашниот историски момент, не пледираше во корист на грчкиот елемент.

## 2. Реалните мотиви за сменувањето на политиката за обединета и независна Македонија

Мотивите што ја натерале КПГ да го смени својот став во однос на македонското национално прашање биле од надворешен и внатрешен карактер. Овие два фактори, кои заемно се условуваат и влијаеја еден врз друг, ќе придонесат КПГ да ја отфрли политиката за обединета и независна Македонија и да ја прифати политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава.

## 1. Надворешниот фактор

Надворешниот фактор одигра не мала улога во правецот на сменувањето на политиката на КПГ во однос на македонското национално прашање. Версајска Европа со нејзините нерешени национални и територијални прашања, како и со големиот револуционерен бран што ја опфати во периодот од 1917 до 1923 година ја вознемири европската буржоазија. Оваа класа спасот го гледаше во отстранувањето на либерален принцип што стоеше во темелот на европските држави и неговото заменување со тоталитарен систем. Воведувањето на режим на цврста рака во Унгарија[258], појавата на фашизмот во Италија [259], во Шпанија [260], Естонија, Австрија, Полска и Португалија, [261] ќе кулминира со воведувањето на фашистичката диктатура во Германија. Германија веднаш ќе почне да спроведува една активна ревизионистичка политика во однос на Данска, Белгија, Франција, Чехословакија, Полска и ќе изразува отворени желби за обединувањето на "германска Австрија" со Германија. Затоа фашистичка Германија ќе ги потикнува "националните движења" на Германците во Чехословакија (Судедите), во Полска (Гданск), во Романија (Ердеј), активно ќе го поддржува, организира и фашистичкото движење во Австрија и со тоа сериозно го ставаше под прашалник Версајскиот мировен договор. Надворешната ревизионистичка политика, како и антикомунистичката идеологија што стоеше во темелот на фашистичкиот режим, не можеше да не влијае и врз политиката на Коминтерната. Појавата, зацврстувањето и успесите што ги нижеше фашизмот сериозно влијаеше врз глобалната стратегија и тактика на Коминтерната. Непрекинатата политика на идеолошката и територијалната експанзија на фашизмот

требаше да се сопре со адекватна политичка платформа од страна на Коминтерната. Во тој однос живо беше заинтересиран и Советскиот Сојуз, чии национални и идеолошки интереси веќе биле сериозно загрозени од фашистичкиот експансионизам. Затоа политиката на Народниот фронт беше единствено политичко решение според политичката проценка на Коминтерната. Во периодот кога фашизмот беше се поприсутен во Европа, "особено важна задача е - велеше Г.Димитров на VII конгрес на Коминтерната во 1935 година - создавањето на широк народен антифашистички фронт врз основа на пролетерски единствен фронт. Успехот на целокупната борба на пролетаријатот е тесно поврзан со формирањето на борбени сојузи на пролетаријатот со селаните и со основната маса на ситната буржуазија, која го претставува мнозинството од населението во индустриски развиените земји".[262]

Решенијата на V конгрес на Коминтерната од 1924 година за решавањето на нерешените национални прашања на Балканот со разбивање на територијалниот интегритет на Југославија, Ром... Полска, Грција итн. би ги ослабиле уште повеќе "наследничките држави" (Југославија, Чехословачка, Полска, Романија, Грција) и така, незацврстени економски и политички, тие природно би слабееле наспрема се поголемиот фашистички притисок од страна на Германија, Италија и нивните сојузници: Унгарија и Бугарија. Требаше по секоја цена и комунистичките партии на Балканот да спроведуваат соодветна политика во однос на нерешените балкански национални прашања и со тоа да придонесат за зацврстувањето на овие држави спрема ревизионистичките држави Германија, Италија, Унгарија и Бугарија.

Македонското национално прашање со политиката за обединета и независна Македонија, го ставаше под прашалник интегритетот на балканските држави и, поради тоа, беше во спротивност со новата стратегија и тактика на Коминтерната. Затоа Коминтерната во склоп со оваа Глобална политичка стратегија ќе ја смени и својата политика по националното прашање, усвоена на V конгрес на Коминтерната во 1924 година. Наместо разбивањето на територијалниот интегритет на Југославија, Грција, Романија итн., Коминтерната ќе се стреми тие држави да се засрстат vis-a-vis ревизионистичките држави, а решението за нерешените национални прашања ќе се бара само преку почитувањето на правата на малцинствата во рамките на веќе постојните балкански држави. Новата политика и тактика на Коминтерната целосно ги задоволуваше најинтимните желби на КПГ за разлика од политиката за обединета и независна Македонија која КПГ ја беше прифатила со голема вознемиреност и без убедување за нејзината справедливост.

## 2. Внатрешни фактори

Внатрешните мотиви што ја натераа КПГ за сменувањето на нејзината политика во однос на македонското национално прашање имаат првостепено значење и одиграа исклучително голема улога во сменувањето и отфрлувањето на политиката за обединета и независна Македонија. Кои се тие внатрешни фактори што ја натераа КПГ да ја смени својата политика во однос на едно толку суштинско и чувствително прашање, какво што беше македонското национално прашање?

а) Привлекување на грчките народни маси

Политиката за обединета и независна Македонија што ја спроведуваше КПГ по 1924 година не го привлече ниту грчкото население од Стара Грција (Пелопонез, Еубеа, Тесалија, Епир, Островите), ниту населението што живееше во егејскиот дел на Македонија. Ова целокупно грчко и негрчко колонистичко население не малку беше заинтересирано како се поставува и особено како се решава македонското национално прашање. Факторите кои го определувале ставот на ова население во однос на македонското национално прашање главно биле два: од една страна националното потекло (со соодветната национална свест), а од друга страна економскиот статус (економскиот интерес) на ова население.

По големите перипетии на грчката држава, во егејскиот дел на Македонија се случија етнографски промени. Веднаш по 1913 година грчката држава почна да спроведува активна политика на колонизација со население дојдено од Стара Грција и странство со намера да го смени традиционалниот македонски етнографско-историски лик и, на тој начин, на егејскиот дел на Македонија да му се наметне друг, кој немаше ништо заедничко со македонските навики и македонските историски традиции. Преку т.н. грчка државна внатрешна колонизација,[263] грчката држава успеа да всели во Егејска Македонија грчко население по потекло и јазик. Ова население што потекнуваше од Тесалија (11.346), Стереа Елада и Евбеја (9.752), Пелопонез (7.727), Епир (6.757) и од Егејските острови (1766) беше вселено главно во источна и централна Егејска Македонија. Во Солунско биле доселени 26.324 колонисти, во Кавалско - 7.610, во Драмско - 4.830, во Серско - 4.178, во Кожанско -3.877,

во Леринско - 1.777, во Пелско - 1.554, во Света Гора 1.255 и на Халкидичкиот Полуостров - 1.611 Грци. Ова колонистичко население од Стара Грција негуваше и изразуваше силни грчки национални чувства. Приселено во егејскиот дел на Македонија тоа доби од страна на грчката држава земја, куќи, добиток итн. Затоа политиката за обединета и независна Македонија се косеше со грчките национални чувства и економските интереси на ова население, на кое оваа политика му беше неприфатлива и туѓа. Политиката за обединета и независна Македонија исто така беше неприфатлива и за домородното грчко население (236.755) што живееше во Егејска Македонија како малцинство и пред 1913 година. Ова грчко население, како и грчкото колонистичко население дојдено од Грција, негуваше и изразуваше силни антимакедонски чувства во текот на вековите и особено во периодот на андарското движење во Македонија, па затоа политиката на КПГ ни во најмала мера не му беше разбирлива.

По Лозанскиот мировен договор, како резултат на задолжителната размена на населението меѓу Грција и Бугарија, во егејскиот дел на Македонија биле доселени вкупно 565.143 грчко и негрчко христијанско население.[264] Грчкото население по потекло и јазик (200.000) пред неговото доселување во егејскиот дел на Македонија живееше во Европа, Америка, Азија, Африка, но особено во западните делови на турската држава. Ова грчко население што живееше во Турција, поради неговото потекло, култура, јазик силно беше поврзано со идејата за создавање на голема Грција што би ги опфатиле Мала Азија, до реката Мендере, на север до градот Едреник и длабоко кон запад со градовите Измир, Атдин и Маниса,

Источна Тракија со Едрене, Галиполскиот Полуостров, Западна Тракија, Егејска Македонија, Јужна Албанија со регионот Аргирокастро, островите и големиот медитерански остров Кипар и поради тоа ова население разви активно движење за создавање на голема Грција. По неговото протерување од Турција беше доселено главно во егејскиот дел на Македонија, каде што доби (како и христијанското негрчко население) од страна на грчката држава 500.000 хектари земја, 93.549 куќи, разни градежни материјали и друга материјалка помош, чија вредност изнесуваше милиони драхми. [265] Ако од една страна политиката на КПГ за обединета и независна Македонија се судираше со националните чувства и економските интереси на грчкото колонистичко население дојдено од Мала Азија, од друга страна - политиката за обединета и независна Македонија беше исто така во длабока контрадиксија со економските интереси (економската заинтересираност) на негрчкото христијанско население доселено во егејскиот дел на Македонија (Туркофони, Кавкасци, Ерменци итн.). Негрчкото христијанско колонистичко население, неписмено во неговото апсолутно мнозинство, политиката за обединета и независна Македонија ја разбираше и гледаше единствено врз основа на добиениот имот од страна на грчките партии. Во неговата длабока свест политиката за обединета и независна Македонија значеше враќање на големата македонска емиграција и губење на имотите што им беа одземени на многу Македонци со сила. Затоа целокупното бегалско грчко и негрчко население, како и домородното грчко население од Егејска Македонија, ќе се доближат до буржоаските партии, главно либералната, кои со својата политика го гарантираа грчкиот интегритет и ќе негуваат силна антипатија во однос на политиката на КПГ по македонското национ-

нално прашање. Поради тоа "малцинството" го обвинуваше "мнозинството" дека со политиката за обединета и независна Македонија интересите на грчкото и негрчкото колонистичко население не биле земени предвид, и "поминувале над главата на раководството"[266] на КПГ и поради тоа ова население се одалечи од КПГ и се претвори во сигурна потпора и резерва на грчката буржоазија.

Политиката за обединета и независна Македонија беше во контрадикција и се косеше и со националните економски интереси на грчкото население од Стара Грција. Традиционално воспитано во духот на Големата Идеја дека Македонија е грчка етнографска земја, за ова население политиката на КПГ за обединета и независна Македонија беше не само неразбирлива, туку и неприфатлива.

Присуството на грчките национални чувства, како и на економските интереси кај населението од Стара Грција, егејскиот дел на Македонија и од западниот дел на Тракија, непрекинато вршеше притисок врз КПГ за сменување на политиката за обединета и независна Македонија. Овој притисок и овие (грчки) чувства ќе се инфилтрираат и појават и во самата партија со зачленувањето на бегалците во редовите на КПГ. Претставниците на бегалското население ќе добијат главни функции во партискиот апарат и секогаш кога ќе се поставува на разгледување македонското национално прашање, грчките национални чувства и грчките национални интереси ќе бидат присутни на највисоко ниво. Со формирањето на новиот ЦК на КПГ во 1931 година на чело со Никос Захаријадис (доселеник од Мала Азија), партијата веќе ќе води сметка за овие чувства. Новиот ЦК на КПГ веќе веднаш по 1931 година ќе ја отфрли

политиката за обединета и независна Македонија и реално ќе почне да ја спроведува политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава, давајќи му на тој начин гаранција на целокупното грчко и негрчко население (Туркофони, Ерменци, Кавкасци) дека партијата ја смета Егејска Македонија како неразделен дел на грчката држава. Формално националните чувства на грчкото население, домородно и колонистичко, ќе бидат задоволени со решенијата на VI конгрес на КПГ од 1935 година, кога партијата официјално ја отфрли политиката за обединета и независна Македонија и ова целокупно население ќе добие гаранција дека новата политика во однос на македонското национално прашање е трајна историска определба на КПГ. Таа гаранција уште повеќе ќе се засили кога во новото Политбиро на КПГ, избрано на VI конгрес на ова партија, меѓу 7 членови на Политбирото ќе бидат избрани 4 мацири: Н.Захаријадис, генерален секретар, Д.Парцалидис, Г.Порфирогенис и С.Склавенас. Сите овие претставници на бегалското население ќе ја засилат грчката национална линија во однос на македонското национално прашање (како се поставува, третира и решава) и за КПГ македонското национално прашање ќе престане да биде принципиелно прашање и секогаш на македонското национално прашање ќе се гледа единствено врз призмата на грчките национални интереси.[267] Со една ваква политика во однос на македонското национално прашање КПГ сметаше дека ќе го привлече грчкото и негрчкото колонистичко население и ќе може на тој начин да се извлече од тешко платената "политичка изолација",[268] во која што се најде партијата во периодот кога ја спроведуваше политиката за обединета и независна Македонија.

б) "Обезоружување" на грчката буржоазија

Прифаќањето од страна на КПГ на политиката за обединета и независна Македонија на III конгрес на оваа партија во 1924 година предизвика силна реакција кај грчката буржоазија, позната по својот ексклузивен државен национализам. Со политиката за обединета и независна Македонија КПГ влезе во "непотребен судир" со грчката буржоазија за едно толку "природно прашање"[269] како што беше македонското национално прашање и со тоа КПГ му даде во рацете на грчката буржоазија едно "опасно оружје" за напаѓање на КПГ.

Свесна дека грчките народни маси, традиционално воспитани во духот на "Големата Идеја", биле против секакво отцепување на територии од грчката држава, грчката буржоазија не губеше прилика во нејзината репресивна политика да го потенцира токму националниот момент, т.е. проблемот на егејскиот дел на Македонија и да добива на сметка на КПГ сериозни политички поени, чувствително да ја изолира партијата и секогаш да наоѓа оправдување во очите на грчките маси за идеолошка пресметка со КПГ. Затоа со самото прифаќање на политиката за обединета и независна Македонија од страна на КПГ, грчката буржоазија почна еден систематски поход на напади, дискредитирање и презентирање на КПГ како национално безбојна партија, како партија, на која грчките национални интереси и се неразбирливи и туѓи.[270] Демонстрациите на околу 500 Солунчани[271] во корист на автономна Македонија биле претставени од страна на грчката буржоазија како ненационални, криминални дела, а тоа беше уште една прилика да се осуди "предавничката политика на КПГ".

Кога во 1925 година амбициозниот, но малку способниот генерал Теодорос Пангалос установи диктатура во Грција, веднаш почнале и репресалиите против партијата, на која грчките национални интереси и биле "неразбирливи и туѓи". Со желба дефинитивно да ја дискредитира КПГ во очите на грчките народни маси, Т. Пангалос ги организира познатите автономистички процеси против комунистите. Во Солун, врз основа на членот 123 од законот за државна безбедност, за велепредавство и стремеж за отцепување на територии од грчката држава, биле осудени 12 комунисти.[272] Истовремено во Атина беше судено раководството на КПГ на чело со П.Пулјопулос, генерален секретар на КПГ, С.Максимос, член на ЦК и КПГ и други, кои исто така биле обвинети за велепредавство и сремеж за отцепување на "грчките територии" од грчката држава. За да се избегне смртната пресуда, Коминтерната преку својот претставник, Романецот Батулеску, ги советувала обвинетите комунисти да ја поклечат пред судот паролата за обединета и независна Македонија. Батулеску лично го советувал П.Пулјопулос да си го мери тонот во неговата пледорија и да не инсистира за правото на автономија на Македонија. П.Пулјопусос ги отфрли советите на Батулеску и повеќе од 4 часа го заштитуваше пред судот правото на националните малцинства самите да решат за својата судбина. Христос Лагос, бранител на обвинетите комунисти, го отфрли обвинението за велепредавство со мотивација дека политиката за обединета и независна Македонија е само теоретски поставена и ќе се оствари само во услови на болшевизацијата на целиот Балкан. Со судењето на обичните комунисти кои не ја знаеле не само суштината на македонското национално прашање, туку општо и важноста на националниот момент на идеологијата, и носеше голема штета на

КПГ и и даваше можност на грчката буржоазија максимално да го користи националниот капитал за свои цели. Многу од осудените комунисти пред судот зборувале "класични глупости".[273] "Ние, одговори еден од осудените комунисти, ја бараме автономијата на Македонија зашто сме комунисти и "штом сме комунисти - ќе го автономизираме и Пелопонез зашто ние немаме татковина".[274] Со тоа КПГ губеше чувствителни поени во очите на масите и чувствително се изолираше.

Репресивната политика против комунистите продолжи и во периодот на големата економска криза. Со желба да и стави крај на политичката активност на КПГ, Елефтерос Венизелос во 1928 година, како и Т.Пангалос во 1925 година, го користи и македонското национално прашање за оправдување на својата репресивна политика против грчкото работнично движење. Лидерот на либералите, Е.Венизелос, бараше забрана на секаква комунистичка активност во земјата, зашто немало место во Грција каде не постоел комунистички кружок и бараше забрана на КПГ, зашто оваа партија со својата политика го става под прашалник и грчкиот територијален интегритет.[275] М.Завијатинос, министер за внатрешни работи на Е.Венизелос, бараше од пратениците на грчкиот парламент по секоја цена да го изгласат законот за забрана на комунистичка активност во Грција, зашто "една голема опасност ги поткопува нашите општествени темели"[276] и грчкиот територијален интегритет. За да "можеме да спиеме спокојно",[277] ги советуваше Е.Венизелос пратениците на грчкиот парламент, треба по секоја цена да се забрани дејноста на партијата која води една политика што е спротивна на грчките национални интереси.[278]

И покрај опозицијата што постоеше, сепак, грчкиот парламент со законот бр. 4.229 од 1929 година го прифати законот што забрануваше секаква комунистичка активност во земјата. Доволно беше само читањето на весникот "Ризоспастис" или на списанието "Неолеа" (Младина), за да биде некој обвинет за комунистичка пропаганда и осуден на затвор. По силата на овој закон биле донесени 2.500 судски решенија против партиски и синдикални функционери, 1.000 членови или симпатизери на КПГ биле затворени, 50 работници биле убиени и други 500 биле ранети во судирите со полицијата.

Репресивната политика на грчката буржоазија против КПГ кулминира во периодот на граѓанската војна во Грција (1946-1949), кога КПГ на V Пленум на ЦК на КПГ во 1949 година, од тактички причини, повторно ја прифати политиката за обединета и независна Македонија. [279] Политиката на репресалии од страна на грчката буржоазија зеде застрашувачки размери особено против македонското население и против заробените војници на Демократската Армија на Грција (ДАГ), формирана главно од Македонци. [280] Сите војници на ДАГ (Македонци и Грци) што биле судени и ја поддржувале пред судот политиката на КПГ во однос на македонското национално прашање, усвоена на V Пленум на ЦК на оваа партија во 1949 година, биле осудени на смрт без право на приговор. [281] Затоа, отфрлајќи ја политиката за обединета и независна Македонија, усвоена на III вонреден конгрес на КПГ во 1924 година и, прифаќајќи ја политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава, КПГ имаше можност да и го одземе од рацете на буржоазија "опасното оружје" за напаѓање на КПГ како не национална

безбојна, непатриотска партија и на тој начин да најде поголемо разбирање кај грчките народни маси, во кои што "Големата Идеја" одамна царуваше и непрекинато влијаеше врз свеста на грчкиот народ.

в) <u>Избегнување на внатрешните политички кризи и полемики околу македонското национално прашање</u>

Веднаш по создавањето на 1918 година КПГ се соочи и со првите фракционерски борби и првите внатрешни судири. Внатрешните политички конфронтации, како и различните ставови во однос на македонското национално прашање, непрекинато ќе го следат историскиот пат на КПГ, така што "кризата во партијата" се претвори во "сопствена сенка",[282] а македонското национално прашање во "јаболко на раздорот" што непрекинато го вознемируваше внатрешниот мир на партијата.

Со самото појавување на македонското национално прашање во редовите на КПГ се појавиле и првите внатрешни судири околу ова прашање. Ставот на различните "малцинства" или "мнозинства" во однос на македонското национално прашање беше условено главно од политичката концепција што ја имаше прифатено соодветна струја. Односот на класното и националното што различно беше присутно во политичката концепција на различните струи, сериозно влијаеше и врз ставот на соодветната струја во однос на македонското национално прашање. Предноста на националното т.е. на грчкиот национален интерес во однос на класното на т.н. "малцинство" од 1924 година придонесе ставот на ова малцинството

целосно да се доближи до политичката концепција на грчката држава и да ја прифати и официјалната државна грчка терминологија кога станува збор за Егејска Македонија [283] и спротивно на историската реалност, да ја негира и македонската нација. [284]

Нежното предимство на националното над класното влијаеше и врз ставот што го заземаа "археомарксистите" (стари марксисти) во однос на македонското нацонално прашање. Спротивно на приврзаниците на "малцинството" и спротивно на политиката за обединета и независна Македонија што беше прифатена од страна на "мнозинството", археомарксистите барале исклучиво почитување на правата на малцинствата во рамките на грчката држава.

Ставовите на новото "малцинство" на чело со П.Пулјопулос во однос на македонското национално прашање еволутивно сериозно ќе се разликуваат и од ставовите на "малцинството" на Ј.Кордатос, на археомарксистите и од ставовите на "мнозинството". Појавувањето на новото "малцинство" беше една природна рефлексија на внатрешните судири што се појавиле во редовите на Комунистичката партија на СССР меѓу Л.Троцки од една страна и Ј.Сталин од друга. Борбата меѓу левата опозиција на чело со Троцки и другите групации на чело со Ј.Сталин беше следена со големо внимание од страна на КПГ. Одраз на тие збивања што се појавиле во меѓународното комунистичко движење во рамките на КПГ, беше интервенцијата на П.Пулјопулос на внатрешната претконгресна партиска дискусија на КПГ во 1927 година. Во својата интервенција Пулјопулос истакнуваше: 1. бараше да се отфрли карактеристиката на ликвидаторската група за Л.Троцки и неговите приврзаници; 2. партијата, сметаше Пулјопулос, има неопходна потреба од критички опит

и треба по секоја цена да го подигне културното ниво на своите членови; 3. со масовното зачленување на необразовани и неискусни членови, партијата се изгуби; 4. неопходно е да се отстранат од редовите на партијата сите клеветнички елементи; 5. потребно е, сметаше Пулјопулос, да се развие теоретската работа на партијата и да се напушти бирократскиот начин на работење. Барањата на П.Пулјопулос за формирање и создавање на "сериозна паритја" со поголема внатрешна слобода и со "воспитани" членови, беше окарактеризирана од страна на "мнозинството" како ликвидаторска тенденција. [285]

Идеолошката борба меѓу новото "малцинство" на чело со П.Пулјопулос и "мнозинството" на чело со Х.Теу, Г.Сјантос, Н. Кутсис (И.Захаријадис), А.Хаитас и Х.Евтихијадис, [286] се заоструват уште повеќе со појавата на т.н. "центристи" на чело со С.Максимос, Н.Склавос, Т.Хајноглу. Третиот редовен конгрес на КПГ во 1927 година ги осуди гледиштата на новото "малцинство" на чело со П.Пулјопулос како троцкистички и ја окарактеризира активноста на ова "малцинство" како ликвидаторска тенденција, а П.Пулјопулос беше отстранет од редовите на КПГ. [287] Привремено Политбиро, избрано на III редовен конгрес од преставниците на "мнозинството" и "центарот", не го реши внатрешниот немир на партијата. Политичките недоразбирања меѓу "мнозинството" и "центарот" на чело со С.Максимос ќе ги присили последниве да гледаат со се поголема симпатија спрема "малцинството" на чело со П.Пулјопулос. На 1 ноември 1927 година претставници на "центарот" (Максимос, Склавос, Хајноглу) и претставниците на "малцинството" (Пулјопулос, Ѓатопулос, Николино, Хавистаору и Папа-

николау) ја создаваат т.н. "Обединета опозиција" и преку списанието "Спартакус", ќе ја продолжат борбата против т.н. "мнозинството" што го доби, со помош на Коминтерната, раководството на партијата. Формираната Организација на грчките комунисти-интернационалисти (ОКДЕ) [288] која покасно се преименува во ЕОКДЕ, со прифаќањето на членовите отстранети од партијата ќе се претвори во Комунистичка партија на Грција-интернационалисти, секција на IV Интернационала. Нејзиното создавање уште повеќе ќе го комплицира политичкиот спектар на левицата во Грција во периодот меѓу двете светски војни. Новата нијансирана политичка ориентација на новото "малцинство" го промени односот класно-национално во рамките на левата идеологија и тоа сериозно ќе влијае врз ставот на П.Пулјопулос во однос на маекдонското национално прашање.

Новото "малцинство" на чело со П.Пулјопулос, како и другите политички групации што ќе се формираат врз идеолошката платформа на списанието "Спартакус", ќе останат сепак во рамките на левата идеологија и не ќе еволуираат в десно како "малцинство" на чело со Јанис Кордатос и Томас Апостолидис. Левата идеолошка политичка ориентација на овие групи се повеќе ќе го акцентира интернационализмот и ќе го потиснува грчкиот национализам што се вовлече во рамките на левата идеологија и ќе заземе се попринципиелен став во однос на македонското национално прашање. П.Пулјопулос ќе се доближи до македонскиот народ, ќе ги сфати неговите национални чувства и неговите национални и историски стремежи. Во логорот на Акронавплија, Пулјопулос беше силно импресиониран од високата национална и класна свест на Македонците кои не се откажувале од македонскиот јазик и покрај невидениот терор

на властите. Пулјопулос констатира дека македонскиот јазик е посебен словенски јазик, а не дијалект на бугарскиот или српскиот јазик, како што се стремеле да го претставaт приврзаниците на "малцинството" од 1924 година на чело со Ј.Кордатос. Покрај доброто познавање на францускиот, англискиот, германскиот, шпанскиот, рускиот, италијанскиот, бугарскиот, латинскиот, старогрчкиот и есперанто, [289] Пулјопулос го учи во логорот на Акронавплија и македонскиот јазик и пишува и граматика на македонскиот јазик. [290] Паралелно со пишувањето на македонската граматика, Пулјопулос му посвети посебно внимание и на македонското национално прашање и во мај 1940 година во Акронавплија тој ја пишува статијата "За македонското прашање", во која на македонскиот народ му се признава правото на самоопределување и обединување на својата распарчена татковина. "1. Кој не го признава, пишуваше Пуљопулос во својата статија, постоењето на м а к е д о н с к о т о н а ц и о н а л н о п р а ш а њ е во грчка, бугарска и српска Македонија во минатото и денес, тој е б е з д р у г о лакеј на буржоазијата, 2. Кој не го признава историското ослободително движење на Македонците, тој е или неписмен и тогаш треба да ја научи историјата на тоа движење и неговите национални херои или пак е лакеј на една од трите угнетувачки буржоазии, 3. Ова движење досега беше задушено во крв и предавство или имаше уништувачки последици за интересите на македонските работници и селани и беше искористувано од балканските буржоазии (посебно од бугарската), 4. Ова движење може да најде нов развиток во новите поповолни исотриски услови: општествени, економски (дива експлоатација на македонските трудбенички маси

од страна на угнетувачките буржоазии, проблемот на земјоделската сопственост), политички (внатрешни кризи на балканските држави, војна) и во различните политички услови, 5. Кој не ја признава оваа можност, тој е слеп или намерно слеп ако не е лакеј на националистичките прогонувачи на многу измачениот македонски народ, 6. Комунистите не се зафаќаат да "создадат" национални движења таму каде што такви не постојат. Тоа би било пуста работа. Тие поддржуваат такви движења онаму каде што тие се појавуваат, 7. Комунистите не ги затвораат очите пред едно поразено национално-ослободително движење или пред денационализаторските стремежи на нивната националистичка буржоазија и не стануваат приврзаници на "свршениот чин". Ние нема да се откажеме од реалноста на националното угнетување на една нација и нејзината желба (што постои во срцето и мислата на секој македонски трудбеник) еден ден да го отфрли националното ропство. Комунистите ги усвојуваат овие слободарски желби на македонскиот народ и отсега изјавуваат гласно дека негово е правото на самоопределување до државно отцепување, ако тоа е негова желба. Тие го поткрепуваат секојдневно секое непосредно национално барање, економско или политичко и така го подготвуваат идниот револуционерен сојуз на општествено-револуционерното движење на Македонците против заедничкиот непријател бал... ...
зии." 291

Но без оглед на различните ставови што ги земале разни "малцинства" и "мнозинства" во однос на македонското национално прашање, факт е дека со тоа чувствително слабееше КПГ. Полемиките на партијата околу македонското национално прашање придонес...

партијата да претрпе големи удари и да изгуби свои другари, некои преминаа во социјал-демократија поради националното прашање или тоа им беше мотив за напуштање на борбата."[292]

Опозицијата со однос на македонското национално прашање, т.е. "археомарксистите"[293] "малцинството" на Ј.Кордатос, а во периодот од 1926 до 1931 година и П.Пулјопулос, барале од КПГ да прифати во однос на ова прашање една таква политика која не би се косела со грчките национални интереси и која не би го ставала под прашалник грчкиот национален интегритет.

Под силниот притосок на археомарксистите, на "малцинството", како и под притисок на сопственото членство "мнозинството" (КПГ) ќе ја смени радикално својата политика во однос на македонското национално прашање. Со тоа ќе се смени и односот на националното и класното во политиката на "мнозинството". Ако до 1931 година со прединството на класното над националното КПГ ја прифаќаше политиката на Коминтерната во однос на македонското национално прашање, по 1931 година КПГ националното ќе го издигне на нивото на класното и ќе ја отфрли политиката за обединета и независна Македонија.[294]

Со прифаќањето на политианкта за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава[295] КПГ имаше можност да го смири своето членство, да го отстрани од дневниот ред прашањето што секогаш предизвикуваше бури и негодувања внатре во паритјата. Тоа беше "единствена можност да избегне грешки, полемики и разговори за грчка Македонија што во 90 % сега е население со Грци и затоа претставува неразделен дел на грчката држава".[296]

Со прифаќањето на новата ориентација во однос на македонското национално прашање, во суштина се задоволуваа претензиите на различните внатрешни опозиции, партијата ќе се засилуваше со отстранувањето на "јаболкото на раздорот" и КПГ ќе имаше можност, со сериозна политична работа, да добие историски легимитет во свеста на грчкиот народ и да се засили.

## Г) Реалниот став на КПГ во однос на македонското национално прашање

Политиката за обединета и независна Македонија никогаш не беше реална рефлексија на интимните желби на КПГ. Присуството на националниот грчки интерес во рамките на левата компонента во редовите на КПГ придонесуваше да се појави еден расчекор меѓу официјалната политика на партијата и реалните желби на членството кога станувaше збор за македонското национално прашање.

Партијата, од една страна, беше принудена од страна на Коминтерната да прифати ставови во однос на македонското национално прашање, а од друга пак присуството на националниот грчки интерес што се изразуваше преку присуството на грчките национални чувства, придонесуваше да се појави и трајно да се изрази и да постои внатре во партијата еден реален немакедонски став во однос на македонското национално прашање.[297]

Овој став непрекинато ќе врши силен притисок и врз Коминтерната и врз сопственото раководство за формалното прифаќање и усогласување на официјалната политика на партијата со реалните желби на членството кога станува збор за македонското национално прашање.

Со реалното прифаќање на политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава во 1931 година, реалниот став на партијата доби и формално признавање, легализирање и усогласување со официјалната политика на партијата и затоа сменувањето по сопствена иницијатива на политиката за обединета и независна Македонија во суштина беше првиот самостоен и независен став на КПГ во однос на Коминтерната и во однос на македонското нацuонално прашање.

Но контрадикцијата што постоеше меѓу формалниот и реалниот став на КПГ во однос на македонското национално прашање во периодот од 1923 до 1931 година, придонесе многу за пасивизацијата на партијата во однос на македонското национално прашање, а истовремено и за стагнаицјата на македонското национално прогресивно движение. Интимно неубедените ("мнозинството") за справедливоста на политиката за обединета и независна Македонија не се залагале за конкретното спроведување на таа политика на историскиот терен. Затоа оправдани биле забелешките на "малцинството" дека "мнозинството" не реализирало "ниту една практична активност, не се направи ништо за заштитата на јазичните и просветните права на малцинствата.[298] Заслужува внимание исто така и констатацијата на Т.Апостолидис за активноста на "мнозинството" во однос на македонското наицонално прашање. "Треба да се забележи, пишува тој во "Ризоспастис" во 1927 година, дека повеќето од прокламациите што се печатени за националното прашање биле во пакети и по три месеци од нивното публикување останале негибнати. Во ќелиите во Македонија не циркулираа воопшто".[299] Затоа приврзаниците на "мнозинството", сметаше "малцинството", се само фразеолози во

однос на македонското национално прашање.[300] Оваа објективна реалност ја потврдува и "мнозинството" во билтенот бр. 2 на ЦК на КПГ од 1926 година. "Не преземаме акции да создадеме движење на малцинствата во Македонија и Тракија, се велеше во билтенот, ниту преземаме акции ние да ги решиме проблемите на малцинствата".[301]

Отсуството на една реална активност во корист на македонското национално прашање во периодот од 1923 до 1931 година се должи, главно, на фактот дека тоа прашање "никогаш не беше централно прашање за КПГ, кои всушност и го прифатиле со големо незадоволство."[302] Затоа членството бараше итно сменување на политиката за обединета и независна Македонија и задолжително усогласување на официјалната политика на партијата (наметната главно од надворешни фактори) со интимните, реалните желби на членството кога станувашe збор за македонското национално прашање.

д) Присуството на "Големата идеја"

Присуството на "Големата идеја" во свеста на грчкиот народ одигра не мала улога во сменувањето на политиката за обединета и независна Македонија со политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава.

Грчката буржоазија пред и по создавањето на грчката држава во 1830 година почна систематски да спроведува една политика за територијално проширување во правецот на чисто негрчки национални територии. Процесот на воспитувањето на генерациите беше насочен во правецот на впојувањето дека 'Мала Азија, Тракија (источна и западна), Македонија и Јужна Албанија се историски и

етнографски грчки територии. Националното воспитување зеде толку големи размери што идејата за создавање на 'Мегали Елада" (Голема Грција) беше присутна не само во свеста на грчката буржоазија и на интелектуалниот свет, туку за потребата за остварувањето на "Големата идеја" беа убедени и селаните од Крит, Тесалија, Епир, Стереа Елада, Пелопонез, морнарите од островите, ситните трговци од Волос, Јанина, Атина, т.е. скоро целото грчко општество.

Членовите на грчката партија живееле во една ваква атмосфера каде "Големата идеја" беше сегде присутна и ги опфати сите пори на грчкото општество. Новото, левото комунистично определување не значеше раскинување со присуството на "Големата идеја" во свеста на поединците. Затоа "грчкиот патриотизам", како рефлексија на влијанието на "Големата идеја", ќе се појави и во редовите на КПГ уште од нејзиното формирање. Гледиштата на резолуцијата на т.н. "малцинство" од 1918 година за решавањето на територијалните и националните прашања на основачкиот конгрес на КПГ од 1918 година претставуваа една конкретна рефлексија на присуството и влијанието на "Големата идеја" во редовите на грчкото работничко движење. [303] Присуството на "Големата идеја" во редовите на КПГ, се конкретизира со појавата на т.н. "малцинство" од 1924 година на чело со Ј.Кордатос и Т.Апостолидис, Национализмот толку длабоко се вкоренил во идеологијата на ова "малцинство" што почна да го истиснува левото ориентирање на Ј.Кордатос и Т.Апостолидис. Овој грчки "патриотизам" се појави и постоеше и во свеста на т.н. "мнозинство", кое македонското национално прашање го поставуваше и третираше не врз принципиелна, туку врз тактична основа. Кај т.н. "мнозинство" од 1924 година, сепак класното определување во неговата идеологија имаше предност во однос на нацио-

нализмот. Но постепено "патриотизмот" ќе почне да се зголемува и кај т.н. "мнозинство". Национализмот ќе зазема се поголем простор и ќе игра се поголема улога во рамките на левата идеологија. Притисокот на "Големата идеја" (преку грчкиот "патриотизам") ќе биде толку голем во рамките на т.н. "мнозинство" што партијата ќе се стреми да најде еден modus vivendi меѓу националното и социјалното определување на КПГ. Тој компромис ќе се реализира со решенијата на VI конгрес на КПГ. од 1935 година, кога ова партија ќе ја прифати политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава. Присуството на "Големата идеја" се забележува и во првите ставови во однос на македонското национално прашање на т.н. ново "малцинство" од 1926 година на чело со П.Пулјопулос, окарактеризирано од страна на КПГ како ликвидаторско движење. Создавањето врз основа на новото "малцинство" на левата опозиција во Грција ќе придонесе идеологијата на левото политичко определување да игра се поголема улога и да го потиснува национализмот што постоеше во рамките на левата идеологија. Ако кај КПГ "патриотизмот" ќе се развива и ќе добие право на граѓанство во рамките на нејзината идеологија, кај левата опозиција национализмот ќе губи на сметка на идеологијата, која игра примарна улога во определувањето на ставот во однос на решавањето на македонското национално прашање. Затоа, почнувајќи од 1935 година, КПГ ќе го избегнува македонското национално прашање или ќе го користи единствено како тактично прашање, [304] додека "интернационалистичкото движење" ќе зазема позитивен став и ќе кулминира со статијата на П.Пулјопулос "За македонското прашање", напишана во логорот на Акронавплија во 1940 година. Длабокото прису-

ство на "Големата идеја" во редовите на КПГ се изрази и во периодот на НОБ со прифаќањето и поддршката на територијални претензии на грчката бегалска влада на чело со Георгиос Папандреу.[305] Преку Либанскиот договор КПГ се придружи, "кон сегрчкото барање" за формирање по војната на една "нова, слободна и Голема Грција" и за целосно воспоставување и целосна безбедност на грчките северни граници. Претседателот на владата за Национално единство. Г.Папандреу, по тој повод лично изрази посебно задоволство дека "за националните проблеми дојде до целосно совпаѓање на гледиштата"[306], без оглед на политичката ориентација на одделните партии. Слична "шовинистичка линија, непростлива за една комунистичка партија[307] зеде и КПГ, кога во јуни 1945 година ги поддржуваше анексионистичките претензии на грчката буржоазија во однос на денешна Јужна Албанија или т.н. Северен Епир.

Следствено, присутството на "Големата идеја " во редовите на КПГ беше еден од мотивите што влијаеле во сменувањето на политиката за обединета и независна Македонија и нејзиното застапување со политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава. "Големата идеја" пишуваше генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис, царуваше насекаде и го принудуваше секое друго идејно, политичко и економско движење да се засолни под нејзините крила".[308]

## ѓ) Постоењето на македонската нација

Постоењето на македонската нација како објективна историска реалност не можеше да не влијае врз ставот на КПГ во однос на македонското национално прашање. Пасивизацијата на македонското

население, како и честите напади на "малцинството" дека нема движење на малцинствата во корист на политиката за обединета и независна Македонија, придонесе КПГ да се доближи до историската реалност и да види какво е тоа население, какви национални чувства негува, кои се неговите историски желби и стремежи.

Силната афирмација на македонската национална свест ја условуваше поддршката на КПГ само со создавањето на една политика што ќе води сметка за македонските национални интереси. За да го привлече македонското население КПГ требаше да создаде една таква политика којашто по секоја цена требаше да го застапува и македонскиот национален интерес. Но во каква м е р а - беше основното прашање за КПГ.

За создавањето на својата политика во однос на македонското национално прашање КПГ требаше да води сметка за присуството на два национални интереси (грчкиот и македонскиот), интереси што биле во суштинска меѓусебна контрадикција. Присуството на "национализмот" во редовите на КПГ, придонесе компромисот во однос на македонското национално прашање, постигнат со решението од 1935 година, да ги штити во целост грчките национални интереси со интегритетот на грчката држава и само парцијално македонските национални интереси (јазик, обичаи итн.)

Со заштитувањето на грчките национални интереси, КПГ ги задоволуваше од една страна националните чувства на грчкиот народ, националните чувства на своето членство, а од друга - делумно го задоволуваше и македонското население, кое бараше заштита на своите национални интереси. Врз таа основа македонското население, со активира и преку ВМРО (об) за Егејска Македонија и

даде поддршка на КПГ. Голема улога во ориентирањето на симпатиите на македонското население кон КПГ одиграа членовите на ВМРО (об). Кадрите на ВМРО (об), Македонци по потекло, искрено и длабоко биле убедени дека работат за доброто на својот народ, затоа народот во нив гледаше со полна доверба. Од голема важност е фактот што кадрите на ВМРО (об) ја ширеа политиката на КПГ меѓу македонското население на неговиот македонски јазик. Тоа, секако, оставаше силен впечаток кај македонското население.

Сепак, ВМРО (об) не постигна такви резултати какви би можело да постигне во дадените историски околности. Тоа се должеше во голема мера на компромисното решение што го зеде КПГ во однос на македонското национално прашање во 1935 година. КПГ дозволи во нејзините редови "патриотизмот" да влезе во рамките на левата идеологија и да се развива, но истовремено таа го спречуваше и развојот на македонскиот патриотизам во рамките на левата идеологија. Присуството на македонскиот патриотизам во рамките на левата идеологија во редовите на македонското прогресивно движење КПГ го сметаше, за опасно за грчките национални интереси. Затоа присуството на македонскиот патриотизам во рамките на левата идеологија, нивото и интензитетот на тоа присуство, беше следено со големо внимание од страна на КПГ. Ако КПГ дозволуваше во рамките на левата идеологија да се развива безгранично грчкиот патриотизам, да постои во најмала мера една рамнотежа меѓу левата идеологија и грчкиот патриотизам во рамките на македонското прогресивно движење таа не дозволуваше да постои макар и рамнотежа меѓу левата идеологија и македонскиот патриотизам. КПГ повеќе ќе се стреми да ја засилува и да му дава предност на социјал-

ната (класната) свест кај македонското население, а македонскиот патриотизам да го потисне по секоја цена.

Присуството на грчкиот "патриотизам" во рамките на левата идеологија, како и тесната национална рамка што веќе му се наметнуваше на македонското прогресивно движење, имаше тешки историски последици. Во предвоениот период тесната македонската национална рамка што КПГ му ја наметна ма македонското прогресивно движење по 1931 година, ја парализира активноста на ВМРО (об) во егејскиот дел на Македонија. Идеолошката активност на ВМРО (об) без соодветното присуство на македонските национални интереси во рамките на левата идеологија, не можеше да го привлече македонското население кое националното угнетување најтешко го доживуваше. ВМРО(об) "во нејзината секодневна борба за економските, политичките и другите прашања не ја координира истовремено со борбата за посебните македонски прашања... Немаше ниту една организирана акција против теророт и забраната на македонскиот јазик, за слободното употребување на мајчиниот јазик итн".[309] И покрај фактот што во ретките моменти членовите на ВМРО (ОБ) "на својот мајчин јазик ги претресуваа посебните македонски прашања", факт кој "предизвикуваше кај Македонците трогателност и ентузијазам"[310] и даваше конкретни и позитивни резултати, сепак, партијата не дозволуваше поширокиа македонски рамки во активноста на ВМРО (об). Тесната национална рамка што му се наметнуваше на македонското прогресивно движење ја констатирал и министерот за внатрешни работи на диктаторот Метаксас, Манијадакис. Македонските комунисти Н.Качела, М.Керамициев, Р.Галабов, Т.Поплазаров и Г.Божинов по судењето во Костур биле доведени

пред министерот Манијадакис, кој бил живо заинтересиран да констатира во која мера КПГ, покрај идеолошката работа во редовите на македонското население, ја популаризира и политиката на партијата во однос на македонското национално прашање. Сите признаа дека се комунисти, но "Манијадакис просто се зачудил дека не знаеме ништо во врска со политиката на КПГ во однос на македонското национално прашање и воопшто како марксизмот го поставува и третира едно нерешено национално прашање."[311]

Присуството на грчкиот "патриотизам" во редовите на левата идеологија донесе особено тешки последици во периодот на НОБ во Грција и во егејскиот дел на Македонија. Со левата и во рамките на левата идеологија КПГ ги заштитуваше најсуштинските грчки национални интереси. Предимството и присуството на грчкиот патриотизам во редовите на левата идеологија во текот на НОБ во Грција и даде можност на КПГ врз основа на една широка национална платформа да ги обедини сите национални сили за да се зачува по секоја цена "грчката куќа", т.е. грчкиот територијален интегритет реализиран со Букурешкиот и Версајскиот мировен договор. Врз основа на една ваква национална политичка платформа КПГ можеше да води разговор и да ги привлече сите демократски грчки политички сили и на 27 септември 1941 година да го формира ЕАМ (грчки национален ослободителен фронт)[312]. Во политичката платформа на ЕАМ се велеше дека негова основна задача е да ја "ослободиме нашата нација... и да оствариме полна независност на нашата земја".[313] Врз основа на грчкиот "патриотизам што бил присутен во редовите на КПГ, англиската дипломатија најде терен, можност и повод за дејствување. За англиската дипломатија инте-

гритетот на грчката држава беше од првостепено значење и самото споменување на македонското национално прашање предизвикуваше во Foreing Office сериозен стра и загрижување. [314]

Слични чувства и слични национални интереси негувале и грчките политички партии и врз основа на овие чувства и национални интереси, англиската дипломатија дејствуваше и постигна успех на грчкиот терен преку еволутивната капитулација на грчкото револуционерно движење во Либан,[315] Казерта [316] и Варкиза.[317]

Присуството на двете компоненти (националната како првенствена и класната како секундарна) во политиката на КПГ во текот на НОБ во Грција, [318] претставуваше една многу тесна политичка рамка за развојот на македонското револуционерно движење. Несомнено, КПГ имаше потреба и корист од македонското прогресивно движење. КПГ, од една страна, ќе се засилуваше во однос на другите политички формации во редовите на отпорот, а од друга пак- македонскиот фактор, како најнезадоволен како национално така и социјално, требаше да одигра посебна улога кога ќе се поставеше проблемот: како треба да се уреди "мебелот во куќата", лево или десно, т.е. кога ќе се поставеше проблемот на власта и на државното уредување. Но присуството на македонските национални интереси, како и силниот притисок на македонското население за <u>реално присуство</u> на македонските национални интереси во рамките на левата идеологија, ја принудија КПГ да води une politique intelegente et adequate во однос на македонското национално прашање во текот на НОБ. Ако во редовите на грчкото революционерно движење КПГ му даваше предност на националното во однос на класното, во редовите на македонското прогресивно

движење таа му даваше преднос на класното во однос на националното. На тој начин, преку класната свест, македонското револуционерно прогресивно движење беше диригирано во склопот со глобалната грчка политичка и национална ориентација[319], а развојот на македонизмот во рамките на левата идеологија во текот на НОБ беше следен со големо внимание од страна на КПГ и по можност осуетен навреме. Сите Македонци, на пример, што сметале дека "нашиот народ е народ со историја, и не малцинство, туку нација, зашто претставува една етнолошка, историска и економска целина" дека "како македонска нација со различни идеали[320] има право како секоја друга на самоопределување", биле наклеветени и отстранети или ликвидирани. Но, за да не ја изгуби контролата над македонскиот фактор и за да не добие македонското движење непожелна ориентација КПГ во текот на НОБ допушташе привремено, но контролирано присуство на македонските национални интереси во рамките на левата идеологија.

Присуството, како и контрадикцијата (наметната од страна на КПГ) меѓу грчкиот "патриотизам" и македонските национални интереси, во текот на НОБ се изразиле во најразлични форми и нијанси на историскиот терен и имале тешки последици за развитокот на револуционерното движење во егејскиот дел на Македонија.[321]

Под притисок на сите овие фактори, надворешни и внатрешни, КПГ на VI конгрес во 1935 година ја отфрли политиката за обединета и независна Македонија и ја прифати политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава Со тоа партијата сметаше дека ќе се засили во земјата и дека

Грција ќе може поефикасно да му се спротивстави на италијанскиот, бугарскиот и на германскиот ревизионизам. КПГ сметаше дека со тоа спроведува политика по склоп со решенијата на VII конгрес на Коминтерната.

## 3. Политичката ситуација во Грција и македонското национално прашање во предвечерието на Втората светска војна.

По неуспешниот државен удар во март 1935 година во грчкиот политички живот привремено се засилува центро-десничарската ориентација. [322] Владата на Цалдарис се засилува благодарение насе поотворената поддршка што ја добиваше од страна на грчката десница на чело со Д.Кондилис и Јанис Метаксас. Новата политична ситуација му даде можност на Георгиос II да се врати во земјата и со плебисцитот од трети ноември 1935 година да ја воспостави монархијата во Грција. [323] Но поразот што го претрпија либералите во март 1935 година не ги ослаби во таа мера, во која се надеваше Народната партија и грчката десница. Парламентарните избори од јануари 1936 година го потврдија тоа. Политичките пресметки меѓу Либералната и Народната партија, како и шумната пропаганда во текот на изборите, не влијаеја многу во корист на една или другата од главните владеачки партии. Либералната партија, и покрај поразот во 1935 година, во изборите доби 574.655 гласови и прати во новиот грчки парламент 142 пратеници. Од друга страна пак, конзервативните формации, собрани околу Народната партија, не го добија саканото мнозинство. Конзервативните сили во изборите од 1936 година добија 602.840 гласови и испратија во новиот грчки парламент 143 пратеници. На-

родниот фронт, кој ги обединуваше левите сили на чело со КПГ, постигнале забележителни резултати. За претставниците на Народниот фронт гласале 73.411 лица и левите сили во новиот грчки парламент ги репрезентирале 15 пратеници. По парламентарните избори ниту Либералната, па и ниту Народната партија не претстасувале апсолутно мнозинство и не биле во можност да формираат еднобојна и стабилна влада. Во таквите услови 15 пратеници на Народниот фронт добивале вистинска историска димензија. Ако до 1935 година грчките буржоаски партии одбивале секаков компромис со КПГ поради нејзината политика за обединета и независна Македонија, по изборите во 1936 година како Либералната така и Народната партија ги прават првите чекори кон спогодување со КПГ. Сите овие политички контакти биле можни единствено по сменувањето и отфрлувањето од страна на КПГ на политиката за обединета и независна Македонија. Претставниците на Народниот фронт на чело со М.Порфирогенис "облечени во фракови" го известиле грчкиот крал Георгиос II, "дека КПГ не ја бара автономијата на Македонија". [324] Во контекстот на историската промена на политиката на КПГ во однос на македонското национално прашање грчките буржоаски партии воспоставуваат контакт со КПГ без да срахуваат дека ќе бидат обвинети од политичкиот противник за соработка со партија што ги продава грчките национални интереси. К.Анѓелопулос, претставник на Народната партија, воспоставува контакти со претставниците на левицата на чело со Д.Глинос, Г.Сјантос, и М.Порфирогенис. Истовремено и претставниците на Либералите воспоставуваат контакти со претставникот на Народниот фронт, С.Склавенас. Како резултат на овие политички контакти беше потпишан познатиот договор меѓу Т.Софулис, претставник на Либералната Партија и

претставникот на Народниот фронт, С.Склавенас. Согласно со спогодбата, претставниците на Народниот фронт барале полна народна слобода, општа политична амнестија, распуштање на фашистичките формации, воведување на пропорционален изборен систем, намалување на цената на лебот итн. Спогодбата Софулис-Склавенас, и покрај фактот што со ништо не го заштитуваше македонското население,[325] беше остро нападната од страна на десницата, која сметаше дека со тоа на КПГ и се признава политична легимитивност, дека на тој начин КПГ влегува во политичката свест на масите и дека се создава еден незадоселен историски преседан што оди единствено во корист на КПГ.

Спогодбата Софулис-Склавенас беше потпишана во периодот кога грчкото општество изразуваше силни елементи на економска и политичка нестабилност. Економското и политичкото незадоволство на масите се изрази со големите солунски демонстрации. Демонстрациите што се одржаа во Кукуш, Серес, Драма и западниот дел на Тракија, кулминираа на 8 мај 1936 година со масовните солунски демонстрации на околу 15.000 тутунски работници. Во знак на протест против крвавото задушување на демострациите од 8 мај, на 9 мај 1936 година на протесниот митинг на плоштадот "Слобода" во Солун учествуваа 150.000 демонстранти. По крвавите судири со полицијата, работниот народ од Солун и околината владееше со градот скоро 36 часа. Поради бруталното и неодговорното однесување на полицијата, како и убиството на 10 работници во текот на големите солунски демонстрации, во цела Грција се одржуваа митинзи и демонстрации со што се изразуваше активната солидарност со работниците од Солун. Истовремено претставниците на Народниот

фронт во грчкиот парламент побарале итна оставка на генералот Метаксас, главниот виновник за крвавите солунски настани. На 24 јули 1936 година двете најголеми грчки синдикални организации, Конфедерацијата на работниците на Грција и Обединетата генерална конфедерација на работниците, решија да организираат општ сегрчки штрајк во знак на протест против репресалната политика на владата и се подесното скршнување на грчкиот политички живот.

Политичката нестабилност што ја зафати земјата сериозно ја загрижи грчката буржоазија, која спасот го гледаше во воведувањето на диктаторски режим. Со благонаклонетоста на кралскиот двор, генералот Јанис Метаксас, чии диктаторски финитети биле одамна познати, максимално го искористи историскиот момент. Патот кон воведувањето на лична диктатура беше олеснат и со исчезнувањето од политичката сцена на познатите личности: Е.Венизелос и првиот министер, Д.К.Демерџис. За остварувањето на диктаторските намери на Ј.Метаксас загубата на овие две политички личности, особено смртта на Д.Демерџис, биле "божји дар". Политичкиот вакум, со одобрение на кралот, го пополни стариот и амбициозниот генерал Метаксас.

На 4 август 1936 година, два часа пред почнувањето на сегрчкиот генерален штрајк, генералот Метаксас го суспендира 5, 6, 12, 14, 20 и 95 член од уставот и воведе лична диктатура. Со забраната на Антигона од Софокле, генералот Метаксас го почнува своето диктаторско владеење. "Третата грчка цивилизација" (по античката и византиската), генералот Метаксас ја почнува со палењето на делата на античките великани. Политичките репресалии

против левите сили и особено против КПГ и ЕОКДЕ (Обединета организација на комунистите-интернационалисти на Грција), почнаа уште иста вечер. Скоро 2.000 комунисти или нивните симпатизери биле пратени по затворите во Акронавлија, Егина и Керкира.

Метаксовата диктатура покажа посебна суровост спрема македонскиот народ и затоа за македонскиот народ Метасаксовата диктатура имаше фашистички карактер. Се забрануваше и остро се казмуваше секое јавно манифестирање на македонското национално чувство и неговото надворешно изразување преку јазикот, традициите и обичаите. Со намера да го отстрани основниот елемент што ја карактеризираше македнската нација, т.е. македонскиот јазик, и да му го одземе на македонскиот јазик статусот на мајчин јазик на македонското население, диктаторот Метаксас го забрануваше македнскиот јазик не само во секојдневниот живот во селото, на пазарот итн. туку и по рамките на семејството. За секој македонски збор изустен јавно или во тесниот круг на семејството следуваа парични казни, кубење на мустаките, рицинус, принудено јадење на солена риба или затвор. Суровоста во тој однос беше толку голема што за еден македонски збор им се дупеше јазикот со игла на невините македончиња. [326] Поради кршењето на забраната за користење на македонскиот јазик во селото и во тесниот круг на семејството скоро 5.000 Македонци биле осудени и пратени по суровите грчки острови.

Паралелно со прогонувањето на македонската национална свест и на македонскиот јазик, диктаторот Метаксас се спремаше да онеспособи и секаква политичка или национална активност на македонските комунисти, особено да ја оневозможи активноста на

ВМРО (об). Раководителите на ВМРО (об) од егејскиот дел на Македонија на чело со А.Чипов, Х.Галбов, Л.Трповски и Т.Хаџијанов беа пратени по затворите и логорите на диктаторскиот режим.

Но отпорот против диктатурата продолжи и во затворите и логорите. Македонските и грчките комунисти ги претвориле затворите и логорите во вистински универзитети каде се учеше и продлабочуваше марксистичката теорија. Македонците, покрај политичкиот отпор, не престанаа да го изразуваат своето национално битие, употребувајќи го македонскиот јазик и во логорите на диктаторскиот режим, давајќи на тој начин еден редок историски пример дека му припаѓаат на еден мал, но секогаш оспоруван словенски народ.

Со почетокот на Втората светска војна, македонското национално прашање влегува во една нова фаза. КПГ се повеќе ќе се оддалечува од марксистичките принципи за решавањето на ова нерешено национално прашање, и тоа негативно ќе влијае и врз самата судбина на револуционерното движење во Грција.

# Г Л А В А   Ч Е Т В Р Т А

## МАРКСИЗМОТ, КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ (1924-1940)

Појавата и развитокот на капиталистичкото општество "не ги укина класните спротивности и на местото на старите тоа постави нови класи и нови форми на угнетување". [327] Со желба да ја прошири својата економска доминација, новата класа непрекинато ги шируше своите политички граници. Појавата на националната доминација и националното угнетување на народите беше еден природен резултат на буржоаскиот филозофски принцип кој во нејзиниот стремеж за побрза акумулација на економските вредности не ги почитуваше правата и слободите на помалите народи и нации.

Националното угнетување на Ирците, Италијанците, Чесите, Словаците, Полјаците, Словенците и Македонците не можеше да не го привлече вниманието на класиците на марксизмот, К.Маркс и Ф.Енгелс, кои во своето време посебно внимание му посветиле на ирското, полското и италијанското национално прашање. Покасно В.И.Ленин во условите на империјализмот го подлабочи марксистичкото учење во однос на решавањето на нерешените национални прашања што постоеле во Европа, Азија итн.

Спротивно на буржоаската концепција за решавањето на националното прашање, марксизмот му го призна правото на секој народ и нација на самоопределување и "се разбира до неговото државно отцепување од туѓи национални колективи". [328] Но правото

на самоопределување на народите, како и секое национално отцепување, треба да се гледа и третира од аголот на класната борба". [329] За решавањето на едно национално прашање, сметаше В. И.Ленин, како камен темелник треба да се земат предвид "не апстрактни, ниту формални принципи, туку водење сметка на конкретните историски услови и посебно за економската реалност". [330] зашто марксизмот е пред се "метода на анализа (не анализа на текстови), туку на општествените односи." [331] Значи за една комунистичка партија националното прашање треба да биде: 1. принципиелно поставено и во корист на поробената нација; 2. политиката по национално прашање треба да се создава и спроведува во зависност со конкретните историски, социјално-политички услови, и 3. да одговара на класните интереси на работничката класа.

Дали КПГ, како марксистичка паритија, одговори на оваа историска обврска и дали и во каква мера ја спроведуваше својата политика во однос на македонското национално прашање во согласност со марксистичкото учење?

Во политичката историја на КПГ во однос на македонското национално прашање се забележуваат пет периоди:

1. Периодот од 1918 до 1924 година,
2. Периодот на обединета и независна Македонија (1924-1935),
3. Периодот на полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава (1935-1949),
4. Периодот на обединета и независна Македонија (од јануари 1949 до октомври 1949),

5. Периодот на полна рамноправност на малцинствата по 1949 година.

1. Обединета и независна Македонија (1924-1935)

На третиот вонреден конгрес во 1924 година КПГ ја прифати политиката за обединета и независна Македонија како исправна и револуционерна. Но колку оваа политика беше во склоп со марксистичкото учење и во каква мера беше неговата конкретна историска рефлексија? Да го разгледаме овој феномен и да видиме како политиката за обединета и независна Македонија се одрази врз историската реалност и како историска реалност од своја страна влијаеше врз политиката во однос на македонското национално прашање што ја спроведуваше КПГ во периодот од 1924-1935 година.

По големите воени перипетии на грчката држава од 1912-1923 година егејскиот дел на Македонија претрпе големи етнографски промени. Ако непосредно по Балканските војни во егејскиот дел на Македонија живееле 1.052.227 жители, по "доброволната" и задолжителната замена на населението меѓу Бугарија и Грција, Грција и Турција, бројот на населението во оваа јужна македонска провинција се зголеми на 1.412.477 лица. [332] Ова целокупно население, различно по потекло, јазик, традиции и обичаи изразуваше посебен интерес во однос на македонското национално прашање. Националните чувства што извираат од различното национално потекло, како и економскиот интерес, имале посебна улога во определувањето и биле во суштина основните фактори што го определувале ставот на ова население за или против политиката за обединета и независна Македонија.

За грчкото население (489.954) по потекло, јазик и грчка национална свест и што преставуваше 35 % од целокупното население што живееше во Егејска Македонија, политиката за обединета и независна Македонија му беше неприфатлива зашто се косеше со грчите национални чувства и еконимски интереси на ова население особено по добивањето на големи имоти во егејскиот дел на Македонија. Од друга страна политиката на КПГ за обединета и независна Македонија не го привлекуваше и беше неприфатлива и за другото христијанско колонистично население (Туркофони-Караманлии), Ерменци и други кавкасни народи) што живееше во егејскиот дел на Македонија. Ова целокупно негрчко население, кое изнесуваше 365.000 лица или 25 % од целокупното население што живееше во егејскиот дел на Македонија, ја избегнуваше политиката за обидинета и независна Македонија единствено од економски причини. Тоа доби од грчката држава (преку грчките политички партии) имот затоа и неговите политични чувства и убедувања беа поврзани со имотот (нивата) што ја добиле од грчката држава, а и самото ова население се чувствуваше приврзано кон грчката држава и кон нејзиниот политички интегритет што беше ставен под прашалник со политиката за обединета и независна Македонија. Затоа ова целокупно население не чувствуваше и не го "проценуваше режимот во грчка Македонија низ призма македонска", [333] туку го чувствуваше и проценуваше исклучиво од грчки становишта. Тоа јасно се гледа и од неможноста за опстанок на комитското движење на врховистичката ВМРО на Ванчо Михајлов во Егејска Македонија, зашто против нив не се бореше само војската, полицијата, туку и грчкото и негрчкото колонистично население кое се претвори во

вистинска ="етнографска граница", си ги штитеше добиените имоти, а во крајна линија го штитеше грчкиот суверенитет. Затоа врз основа на грчкото потекло и грчка свест, како и врз основа на економски статус (економска заинтересираност), против политиката за обединета и независна Македонија биле скоро милион лица или 71 % од целокупното население што живееше во Егејска Македонија во 1930 година. Затоа ова целокупно население од една страна се претвори во сигурна политичка потпора на грчката буржоазија, [334] а од друга - политиката за обединета и независна Македонија станала "камен на скандалот за КПГ". [335]

Дел од населението што живееше во Егејска Македонија (Македонци, Власи, Евреи) би ја прифатиле политиката на КПГ за обединета и независна Македонија. Врз основа на македонското национално потекло и македонската национална свест, политиката за обединета и независна Македонија би ја поддржале 240.000 Македонци, колку што останале да живеат во Егејска Македонија по "доброволната" и задолжителната размена на населението меѓу Грција, Турција и Бугарија. Од друга страна, врз основа на економски интерес (економски статус), со политиката за обединета и независна Македонија се согласувале 68.000 Евреи и 44.000 Власи, чии економски интереси биле сериозно загрозени од страна на грчката држава во периодот на големата грчка колонизација од 1913-1928 година.

Покрај Македонците, Власите и Евреите, оваа политика имаше големо разбирање и поддршка и од страна на градските бегалци (Грци и не Грци), кои од страна на грчките власти не добиле ништо, па својата егзистенција ја обезбедувале со своите ра-

ботни раце. Сите овие чесни работници (Турнофони, Ерменци, Наскасци и Грци), членови на КПГ, искрено се бореле, а својата приврзаност кон политиката на КПГ во однос на македонското национално прашање ја плаќале со тешки години затвор. Од вкупно 1.412,477 жители кои живееле во Егејска Македонија во 1928 година, само 352.000 лица или 24 % од целокупното население врз основа на национална свест и економски интерес (Македонците), како и врз основа на економски интерес (Евреите, Власите и др.), би ја поддржувале политиката за обединета и независна Македонија, а повеќе од милион луѓе, врз основа на грчка национална свест (Грците) и економски интерес (Турнофоните, Ерменците, Наскасците) биле против политиката за обединета и независна Македонија. [336] Но поставувањето на македонското национално прашање по форма, а не по суштина македонско, придонесе да изостани поддршката на македонското население во однос на политиката за обединета и независна Македонија, да не се појави македонското национално движење и на тој начин да не се ослободи големиот национален и револуционерен потенцијал на македонското население. Македонското национално прашање беше третирано од страна на КПГ како географско, а не како национално, какво што беше. Од друга страна тракиското прашање, географско по својата природа, беше третирано како национално прашање, а не како географско прашање, какво што беше тракиското прашање. Заради тоа тракиското прашање "како болест отсуствуваше од сите документи на КПГ од 1924 година". [337] Не ставајќи го македонското национално прашање врз македонска национална основа, ја правеше "политиката за обединета и независна Македонија некомплетна [338] и без влијание на историскиот терен во Егејска Македонија.

Поради овие факти политиката за обединета и независна Македонија не беше принципиелно поставена (т.е. така, што да одговара на интересите на поробената нација, а не на различните народи Бугари, Грци, Срби), но ниту тактички не одговараше за грчките внатрешни прилики. Затоа политиката за обединета и независна Македонија беше надвор од историската реалност која беше единствено македонска.[339]

Со едно вакво поставување на македонското национално прашање во периодот 1 924-1931 година, политиката на КПГ во однос на македонското национално прашање не се вклопуваше и беше во контрадикција со трите марксистички основи и тоа:
1. да ја создава својата политика за едно нерешено национално прашање во прв ред врз основа на интересите на поробената нација (а не во корист на еден македонски народ формиран од Срби, Грци, Бугари, Власи, Евреи итн.); 2. да ја создава и спроведува таа политика во согласност со конкретните општествено-политички услови во кои се наоѓа земјата и 3. да одговара на интересите на класната борба, т.е. да одговара на интересите на работничката класа. Затоа со политиката за обединета и независна Македонија, по нејзиниот карактер и суштина, КПГ "ја уплаши грчката јавност со нејзиното апсолутно отсуство на реализам", [340] го оддалечи македонското население, сериозно се изолира во грчкиот политички живот и придонесе грчкото работничко и револуционерно движење да стагнира во најкритичниот историски момент за грчката држава.[341]

## 2. Полна рамноправност на малцинствата (1935-1940)

Со новата политика за полна рамноправност на малцинствата, што партијата ја прифати на VI конгрес од 1935 година, КПГ прави еден чекор напред со признавањето ан македонската нација. Со новата политика и во однос на македонското национално прашање, КПГ се залагаше дека ќе се бори за интересите на македонската нација (во рамките на грчката држава), а не за интерересите на еден македонски народ составен од различни националности. Но и покрај тоа, сепак, новата политика на КПГ во однос на на македонското национално прашање не беше поставена врз принципиелна основа и не одговараше на суштинските национални интереси на македонската нација. Тоа произлегува од фактот дека македонската нација, како и секоја друга, е неделива и - врз основа на тоа - и основните интереси на нацијата се неделиви.

Нацијата, главно, ја карактеризираат: заедничка територија, заеднички јазик (врз основа на заедничко национално потекло)- заеднички економски живот, заеднички културен и духовен живот и заедничка психолошка структура. Со присуство на една конкретна територија. на еден заеднички јазик, на една блиска етничка и културна сродност, [342] народот се дига на ниво на нација и ги добива белезите што всушност ја карактеризираат нацијата. Со Букурешкиот мировен договор на македонската нација, спротивно на својата волја, му биле одземени 3 од белезите што ја карактеризираат како нација и тоа: заедничката територија, заедничкиот еконимски живот и заедничкиот културен (народен)

живот. И покрај политичката поделба во 1913 година, македонската нација задржа уште два елементи што суштински ја карактеризираат нацијата: заедничкиот јазик и заедничката психолошка структура што ги обединуваше Македонците со векови и му даваше на Македонија етнографска историска македонски белег. [343]

Со решението од 1935 година во однос на македонското национално прашање, КПГ, како резултат на големите миграциони движења, ја сметаше Егејска Македонија како неразделен дел на грчката држава и македонското национално и територијално прашање што постоеше во Грција го реши во корист на грчката држава. Но дали КПГ со новата политика во однос на македонското наицонално прашање постапи принципиелно или не?

Кога се решава едно национално и територијално прашање (со ставовите што ги заземаат различните политички партии, мировни договори) треба да се има предвид во чија корист плеидираат основните права: ius solis (правото на историската територија) и ius civitas (правото на населението) што живееше во рамките на таа историска територија. Кога во рамките на историската територија на еден народ живее само еднородно население (една нација без малцинства), проблемот е едноставен. Како ius solis, така и ius civitas го гарантираат територијалниот и национален интегритет на соодветната нација. Но во историјата, поради војни и како резултат на долга странска доминација во една туѓа историска и национална територија, се одвиваат големи етнографски промени во корист на посилната (доминантна) нација. Доминантната нација етнографски преку колонизација ја зголемува својата историска територија и етнографски се шири во туѓа

историска територија. Овој процес се засилува со текот на времето и доминантната нација станува мнозинство на еден дел од историска територија на другата нација. Германскиот експансионизам забележува такси успеси на сметка на Полска (Поморје и Шлонск) и Чехословакија (Судетите). Во Судетите, на пример, во рамките на чешко традиционално историска тетиторија, поради долгата германска окупација, населението во мнозинство станало германско по потекло и изразуваше и негуваше силни германски национални и политички чувства. Англија исто така, особено по воведување на диктатурата на Оливер Кронвел, забележува слични резултати во Ирска. Во Северна Ирска во рамките на историски традиционалната етнографска ирска територија, англискиот и шкотланѓанскиот елемент станале мнозинство и исто така негувале англиски национални и политички чувства. На овие територии ius civitas, беше во контрадикција со ius solis (правото на историска територија што му припаѓа на една нација без оглед на етнографските промени што се случиле во текот на вековите.

Париската мировна конференција по "Големата војна" во многу случаи го почитуваше и му даваше предност на ius solis во однос на ius civitas. На Чехословачката Република и се призна Судетскиот регион врз основа на ius solis (право на чехословачката историска територија), а не врз основа на ius civitas (правото на германското население) што пледираше за обединување со Германија. Врз основа на истиот принцип големите сили во Тријанон му го признале правото на Романија врз еден дел од Трансилванија, каде живееше огромно и компактно унгарско население кое пледираше за обединување со Унгарија.

Во Егејска Македонија постоеше една парцијална контрадикција меѓу ius solis (правото на маекдонската историска територија) и ius civitas (право на населението) што живееше по големите миграциони движења во ова јужна Македонија. Ius civitas (право на колонистичното грчно и негрчно население: Грци, Ерменци, Кавкасци, Туркофини) од една страна пледираше во корист на грчката држава, а од друга страна ius civitas ( право на останатото македонско население) пледираше во корист на ius solis, т.е. во корист на правото на македонската историска територија. Значи во рамките на Егејска Македонија во корист на македонското решавање на македонското национално прашање пледираше традиционалната историска територија (ius solis),како и ius civitas (дел од населението) што живееше во Егејска Македонија, а во корист на грчката држава-само парцијално ius civitas (дел од новодојденото колонистично население) кое се уште не создаде историска традиција и со тоа се уште не се здоби со историски легитимитет. Но во рамките на етнографска Македонија во корист на македонското поставување и решавање на македонското национално прашање пледираше покрај правото на македонската историска територија и правото на македонската нација во мнозинство во нејзината етнографска територија, зашто грчкото население станувеше реално малцинство во рамките на целокупна Македонија. Сепак, КПГ врз основа на едно малцинство, ја сметаше Егејска Македонија како неразделен дел на грчката држ и со тоа на македонската нација и се одземаше 51,15 % од нејзината национална историско-етнографска територија. Иста контрадикција меѓу ius solis i ius civitas се забележува и во однос на ирското национално прашање.

Во Ирска, како резултат на долгата англиска окупација, се забележуваат големи етнографски промени. Од една страна се намалува бројноста на ирското население поради глад, востанија, емиграција во САД, а од друга страна се засилува - преку колонизација - англискиот елемент. Од вкупно 32 провинции на Ирска, 6 провинции (Лондондери, Антрим, Тирон, Фермана, Арма и Даум) го измениле својот етнографски лик. Ако во 26 провинции на Ирска ирското население остана во мнозинство, во 6 провинции колонистичкото англиско и шкотско протестантско население го надмина по бројност домородното ирско католично население. Со Ирски Акт од 1921 година, ирската територија беше поделена на два делови. Јужниот дел (70.283 $км^2$) ја создаде Република Ирска (26 провинции), а Северниот дел (6 провинции) каде мнозинството од населението беше од неирско потекло, ја создаде Северна Ирска или Алстер (14.118 $км^2$) што останал во рамките на Велика Британија. Од вкупно 1.530.000 жители колку што има Северна Ирска 520.00 или 334 % се Ирци (католици) и 1,010.00 или 66 % од населението се Англичани или Шкотланѓани.[344] Ако во 1935 година со 42,75 % грчко население КПГ ја сметаше Егејска Македонија како неразделен дел на Грција, Комунистичката партија на Велика Британија не ја сметаше Северна Ирска со 66 % англиско и шкотско население за неразделен дел на Велика Британија. "Суштината на проблемот, се вели во програмата на КП на Велика Британија, е во тоа што вистинскиот напредок на Северна Ирска ќе доведе до правецот на полно самоопределување. Ова не може да се оствари без создавање единство меѓу двата делови на народите од север и југ."[345] Желбата за обединување на ирскиот народ беше под-

држана и на 37 конгрес на КП на Велика Британија што се одржа во ноември 1981 година. "Овој конгрес, се залеше со заедничната революција во однос на ирското национално прашање што беше предложена од партиските комитети на Шкотска, Лиц, Клантон, Будргин, Витл, Науч, Енд, Ханц и Дорен, Тафнел и Централен Бирминген, ја потврдува својата поддршка за народот на Ирска во неговата долга борба за независност и самоопределување". 345 а)

Овој став на британските комунисти се должеше на фактот дека КП не Велика Британија "од првите моменти... постојано ја поддржуваше праведната борба на ирскиот народ за добивање демократија во Северна Ирска и повторно обединување на својата земја". 346

КП на Велика Британија ја создаваше и ја создава својата политика во однос на ирското национално прашање врз основа на националните интереси на ирската нација. Со една ваква политика КП на Велика Британија го почитува и му дава предност на правото на ius solis (правото на ирска територија) и на ius civitas (правото на ирската нација), каде што англиското и шкотското население, во мнозинство во Северна Ирска, станува малцинство во целокупна Ирска, во рамките на која ќе му се почитуваат националните права (јазик, култура, традиции, обичаи).

Со една ваква политика КП на Велика Британија ги штитеше всушност интересите на ирската нација, т.е. ги штитеше сите елементи кои според марксистичката мисла ја карактеризираат нацијата: аедничка територија, заедничкиот еконимски живот, заедничкиот културен живот итн. Значи врз основа на правото на ирската историска територија и врз основа на правото на ирското малцинство што живееше во својата родна земја, КП на Велика

Британија п р и н ц и п и е л н о постапува спрема ирското нерешено национално прашање.

КПЈ исто така, еволутивно принципиелно и марксистички ќе го поставува и третира македонското национално прашање. КПЈ постепено од една страна ќе ја отфрли теоријата на "еднонационална држава" што беше прифатена на основачкиот конгрес на КПЈ од 1919 година, а од друга ќе ги отфрли и ставовите за решавање на националното прашање на Хрватите, Словенците, Македонците, Црногорците и други со разбивањето на Версајска Југославија што беше основна политичка ориентација на партијата по III земска конференција на КПЈ од 1923 година.[347]

Со новата политичка ориентација за полна рамноправност на Хрватите, Словенците, Македонците, Црногорците итн. во рамките на Југославија, во суштина КПЈ во рамките на левата и преку левата идеологија, покрај српскиот, хрватскиот, словенскиот, црногорскиот итн., во суштина го штитеше и македонскиот национален интерес. Новата политичка ориентација на КПЈ интегритет и рамноправност) се изрази преку решенијата на IV земска конференција на КПЈ од 1934 година која доенсува историски одлуки да се формираат во рамките на единствената КПЈ, Комунистичка партија на Хрватска, Комунистичка партија на Словенија и во најблиска иднина Комунистичка партија на Македонија.

Заштитата на југословенскиот интегритет, борбата против фашизмот, борбата за реална национална рамноправност на сите југословенски народи, е основна карактеристика и за Сплитскиот пленум (1935), за Московското советување на раководниот актив на КПЈ што се одржа во Москва во 1936 година, како и за

V земска конференција на КПЈ од 1940 година. Од посебна важност е и познатото "Писмо за Србија" на Ј.Б.Тито од 2 ноември 1936 година. На ова историско писмо Ј.Б.Тито ја изнесе платформата за државното уредување на Југославија како федеративна заедница, истакнувајќи дека ќе се почитува правото на Србите, Хрватите, Словенците, Црногорците, Македонците и народите во Војводина и Босна и Херцеговина да решат за тоа дали ќе ја зачуваат својата регионална самостојност во федеративна држава.[347 а]

Благодарејќи на ваквата политика на КПЈ во однос на македонското национално прашање, како и историската подршка што македонскиот народ ја доби од страна на другите југословенски народи во текот на НОВ, македонската нација си ги врати во еден дел од својата татковина карактеристиките на нацијата (заедничката територија, заедничкиот јазик, заеднички економски и културен живот) што му биле одземени спротивно на својата волја со Лондонскиот, Букурешкиот и Версајскиот мировен договор. Со тоа природните и традиционалните македонски историски текови што биле прекинати со Балканските војни, го продолжиле својот објективен тек и македонската нација се здоби со толку очекуваниот историски државен легитимитет.

Комунистичката Партија на Турција (КПТ) имаше позитивен став во однос на курдисанското и ерменското национално прашање и ја создаваше својата политика во однос на овие нерешени национални прашања, во прв ред врз основа на националните интереси на поробените нации. Уште со основачкиот конгрес на КПТ на курдистанското, ерменското и грчкото малцинство му признаваше и гарантираше "полна јазична и културна автономија во рамките на Федеративна држава како сојуз на слободни народи".[348] Посебно ставот на КПТ во

однос на нерешените национални прашања што постоеле во Кемалова Турција ќе еволираат.[349] На II конгрес на КПТ во 1924 година се предвидуваше дека "Комунистичката партија на Турција без никакви услови им го признава правото на националните малцинства ами да решаваат за својата судбина, вклучувајќи го и правото на малцинството да се одвои од Турција".[350] Принципиелниот став на КПТ се огледа и од фактот дека оваа партија не бара врз основа на турските малцинства што живеела во туѓи историско-етнографски територии (Егејска Македонија, Тракија, Кипар), обединување на овие територии со турската држава: Спротивно на КПТ, КПГ, врз основа на грчките малцинства што живееле во рамките на туѓи историски територии (егејскиот дел на Македонија, Јужна Албанија и западните делови на Турција) бараше присоединување на овие територии кон грчката држава.

КПГ, со новата политика од 1935 година, му го негира на македонскиот народ правото на македонската историска територија, сметајќи ја Егејска Македонија како неразделен дел на грчката држава. Со тоа КПГ не му ги признава и и ги негира на македонската нација основните елементи кој според марксизмот ја карактеризираат нацијата (заедничка територија и со тоа заедничкиот економски живот, заеднички културен живот) и и призна само малцински права. Со признавањето на правата на малцинствата во рамките на грчката држава, КПГ се доближува с а м о до Баеровата концепција за културна автономија на национално поробените народи. Баеровата концепција, како што констатира Каутски, само "донекаде го потенцира националниот момент"[351] и со тоа теоријата на културната автономија на Бауер претставува "едно рафинирано преструјување кон буржоаскиот национализам".[352]

Ставот што го зазеде КПГ со решението од 1935 година не значи дека оваа партија го поставува и третира македонското национално прашање врз австро-марксистичка основа, туку КПГ со новата политика во однос на македонското национално прашање не се издигнува ни до нивото на австротомарксистичкото решавање на нерешените национални прашања. "Конечното решавање на националното и јазичното прашање во Австрија, се велеше во програмата на Австриската социјал-демократска партија, може да се оствари само во смисла на еднакви права, рамноправност..., отстранување на секакво угнетување и тоа да се оствари во рамките на "национални граници и чии законодавство управа ќе ги вршат народните претставници"[353], избрани непосредно од заинтересираните народи. Но оваа национална слобода беше ограничена со Бауеровата концепција за начинот на решавањето на националното прашање во Австро-Унгарија. "Најблиска цел на работниците на сите нации во Австрија, пишува Ото Бауер, не може да биде создавањето на национални држави, туку само национална автономија во дадените државни рамки"[354]. Ако Бауер со политиката за национална културна автономија го третира националното прашање само "тuку-таму" и со тоа прави еден компромис со германскиот национализам, сепак, Бауеровата концепција за решавањето на националните прашања, што постоеле во Австро -Унгарија, не ја оставала под прашалник националната егзистенција на поробените нации и не им ги негира на тие народи историските, територијалните и културните права. Во Унгарија, на пример, според пописот од 1910 година, живееле вкупно 20.886.000 жители. Покрај унгарската нација (48,1 %), живееле 2 милеони Германци (9,8 %), 2 милиони Словаци (9,8 %), 3 милиони Романци

(14,1 %), 1,2 милиони Хрвати (8,89 %), 1,1 милион Срби (7,5 %) и 0,5 милион (2,3 %) различни народи. [355] Романското малцинство живееше во Трансилванија и Банат (Романски Банат), словачкото во Словакија, украинското во Карпатска украјна, хрватското по Хрватска, и српското во Војводина и Банат (Српски Банат).

Национално поробените народи во Австро-Унгарија живееле во одредена сопствена историска територија и претставувале главно една компактна етнографска маса во рамките на таа историска територија. Оваа објективна етнографско - историска реалност (чешка во Чехија, словенска во Словенија, романска во дел од Трансилванија, хрватска во Хрватска, полска во полските територии што и припагаа на Австро-Унгарија итн.) создаваше и наметнуваше објективни секојдневни и перспективни објективни историски текови (етнографски, културни, јазични) што оделе во корист на недоминантните нации. Овие објективни историски текови не биле суштински загрозени ни од парцијалната контрадикција што постоеше во објективната етнографско -историска реалност (хрватска, словеначка, словачка, полска, чешка) и политичката историска реалност (германско-унгарска) која главно, се стремеше и ги фаворизираше етнографските и културните текови што оделе во корист на политичко-доминантните нации, какви што беа германската и унгарската. Затоа тука, во рамките на соодветната етнографска историска објективна реалност (чешка, словачка, полска итн) и не постоеше ни непосредна ни перспективна историска опасност за асимилација на Хрватите, Полјаците, Србите, Чесите. Неминовниот биолошки и културен развиток на секоја нација во услови на постоење на една историска територија и со една еднородна етнографска компактност,

со една одредена, помалку или повеќе развиена културна традиција, му даваше шанса на секој народ, во поповолни историски услови, сам да решава за својата историска судбина.[356]

Но каква беше состојбата во Македонија? Пред 1913 година македонскиот народ живееше во една историска територија што се простираше од Шар Планина до реката Бистрица и Егејско Море и од реката Места до Преспанските и Охридското езеро. Македонското население пропорционално беше распространето во рамките на оваа историска територија и македонскиот народ имаше статус на народ (нација) што и даваше на Македонија македонски етнографски лик и македонски национален карактер.[357] Оваа објективна македонска историска територијална и етнографска реалност наметнуваше историски објективни процеси што оделе во корист на македонскиот народ. И покрај контрадикцијата што постоеше меѓу македонската објективна историска реалност и политичката историска реалност (турската политичка управа, мешањето во Македонија на соседните балкански држави), сепак, во Македонија под притисок на македонската објективна реалност се одвивале како потреба на самиот живот, длабоки економски, политички и особено етнографски промени што секогаш оделе во корист на македонскиот етнос.

Во условите на присуството на македонската историска објективност и на релативно толерентната историски смислено историска политичка реалност,[358] македонската нација биолошки нормално можеше да се развива и национално кристализира и покрај упорните непријателски напади на соседните балкански држави. Објективниот биолошки развиток на македонскиот народ во рамките

на неговата историска територија беше гарантиран од една страна од големиот природен прираст на македонското население,[359] а од друга - сите процеси на етнографската асимилација на малите христијански малцинства во Македонија оделе во корист на македонскиот народ. Мешовитите бракови меѓу Македонци и Власи,[360] меѓу Македонци и незначителното албанско христијанско население, меѓу Власи и Албанци (Тоски-христијани), секогаш оделе во корист на македонската нација.[361]

Македонската историска објективна реалност, како и македонската етнографска реалност, му даваше посебен статус и на македонскиот јазик во Македонија. Макеоднскиот јазик во Македонија до 1913 година играше улога на langue usuelle (најупотребуван јазик) и покрај карактерот на langue officielle (официјален јазик) на турскиот јазик. Од вкупно 2.258.224 лица што живееле во Македонија пред 1913 година, 2.029.522 или 90 % од целокупното население на Македонија го знаеле и се служеле во секојдневниот живот со македонскиот јазик.[362] Присуството и влијанието на македонскиот јазик беше толку голем што за малите христијански народи (Власи, Албанци христијани итн.) македонскиот јазик играше улога на примарен, а не на секундарен јазик. Тоа не значи дека со улогата на примарен јазик за малите христијански народи во Македонија македонскиот јазик играше и улога на мајчин јазик за тие малцинства. Во рамките на семејството тие го учеле својот мајчин јазик, но штом излегувале од рамките на семејството, се сретнувале со македонскиот јазик и самиот живот го наметнуваше, како објективна потреба, изучувањето и користењето на македонскиот јазик. Користењето и познавањето на македонскиот јазик од страна на

малите христијански народи, кои живееле како мали оази во рамките на македонскиот народ, било толку совршено што понекогаш македонскиот јазик добиваше статус на мајчин јазик (семеен јазик).[363] Но Балканските војни му ставиле крај на овој неминовен, објективен, македонски историски процес. Со Букурешкиот мировен договор и со поделбата на Македонија не само што историската политичка реалност (турската доминација) беше заменета со друга со уште потешка грчка, српска и бугарска политична доминација, туку новата политичка реалност се обиде да ја смени и објективната македонска историска реалност и на Македонија да и се наметне друга што немаше нито заедничко со македонските национални интереси. Ако во вардарскиот и гиринскиот дел на македонија македонската историска објективност останува непроменета [364] во егејскиот дел на Македонија се формира една нова, грчка објективна историска реалност и со тоа секојдневните историски текови добиваат сосема нов, грчки тек и сосема нов, грчки историски развиток. [365] Македонската објективна историска реалност во егејскиот дел на Македонија не престана да дејствува во периодот од 1913 до 1923 година и покрај напорите за нејзиното спречување од страна на новата грчка посуророва политичка реалност. И покрај политичката поделба на Македонија, македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија си го задржува статусот на народ и се уште и даваше на Егејска Македонија македонски етнографски карактер. Според јазикот кој се зборувал во куќата, т.е. семејството, во егејскиот дел на Македонија живееле 370.173 Македонци, 274.052 Турци, 236.755 Грци, 44.414 Власи, 68.206 Евреи, 15.108 Албанци, 25.302 Роми и 18.019 различно население по потекло и јазик. [366] Постоењето на компак-

тно македонско население, како и антигрчкото расположение кај Турците, Евреите и Власите, ја гарантираше традиционалната македонска историска објективност и придонесуваше

истовремено традиционалните македонски историски текови да бидат се уште присутни во историскиот терен и се уште да дејствуваат во корист на македонската нација. Присуството и активноста на македонската историска објективност особено се изрази во однос на статусот на македонскиот јазик во егејскиот дел на Македонија. Статусот на народ и присуството на македонскиот народ на целата територија на егејскиот дел на Македонија му го гарантираше на македонскиот јазик традиционалниот историски стстус. Непосредно по Втората балканска војна, македонскиот јазик во егејскиот дел на Македонија продолжи да ја игра улогата на lanque usuelle не само за македонското население туку и за другите традиционално историски малцинства што со векови живееле покрај македонското население како Турци, Евреи, Власи, Роми, Грци. Од вкупно 1.052.227 лица колку што имаше егејскиот дел на Македонија непосредно по 1913 година, 815.472 лица го знаеле и користеле македонскиот јазик на пазарот и во чаршијата, т.е. во секојдневниот живот. [367]

Истовремено грчкиот јазик во периодот од 1913 до 1923 година немаше улога на најупотребуван јазик за населението од егејскиот дел на Македонија и покрај статусот на langue officiel што го имаше овој јазик. Тоа произлегува од фактот дека грчкото население што живееше во егејскиот дел на Македонија беше реално малцинство. Поради тоа и грчкиот јазик имаше статус на lanque de la minorite (јазик на малцинство) или lanque de famille (семеен јазик), на кој секојдневно зборувале и го

користеле како мајчин јазик 236.755 лица од вкупно 1.052.227 жители, колку што имаше Егејска Македонија во 1913 година. Но по миграционите движења меѓу Бугарија, Грција, Турција, во егејскиот дел на Македонија се создаде една нова историска објективна реалност. Со политиката за доброволна" размена на населението меѓу Грција и Бугарија, во Бугарското царство се иселиле 86.582 Македонци.[368] Иселувањето на македонското население од Кукушко (18.959), Серско (11.404), Срновско (11.223), Демир-Хисарско (10.756), Солунско (7.285) итн., придонесе централниот и источниот дел на Егејска Македонија да го изгуби својот традиционален македонски етнографски лик.

Паралелно со иселувањето на македонското население во Бугарија, по силата на Лозанскиот мировен договор се одвиваше и задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција. Муслиманското население од Егејска Македонија (Турци по националност-муслимани по вера, Македонци по националност - муслимани по вера, Албанци по националност - муслимани по вера, Албанци по националност-муслимани по вера итн. заминувал во Турција, а христијанското население (Грци, Ерменци, Туркофони, Кавкасци) од Турција замина во Грција. По силата на Лозанскиот мировен договор од егејскиот дел на Македонија заминале 350.000 муслимани, од кои 40.802 македонски муслимани. На местото на иселеното македонско и муслиманско население во егејскиот дел на Македонија биле доселени 618.199 грчко и негрчко христијанско население[369] дојдено во Грција[370] од целиот свет. Со тоа егејскиот дел на Македонија добива една нова етнографска реалност, со што создаде една нова историска објективна реалност, која наметнуваше,

немакедонски историски текови. Зајке сите процеси на биолошка асимилација во егејскиот дел на Македонија одале во корист на новата грчка етнографска реалност. Мешовитите бракови меѓу Грци и Туркофони, Грци и Ерменци, Грци и Кавкасци, Туркофони и Ерменци, Трукофони и Кавкасци, Ерменци и Кавкасци, секогаш врз основа на грчкиот јазик, оделе во корист на грчкиот елемент и на тој начин, во перспективата на времето, се проширувале и засилувале грчката нација во егејскиот дел на Македонија.

Новата грчка објективна етнографска реалност го сменува и традиционалниот историски статус на македонскиот јазик во егејскиот дел на Македонија. Почнувајќи од 1923 гоидна, македонскиот јазик постегено го губи статусот на најупотребуван јазик и по миграционите движења меѓу Бугарија, Грција и Турција, македонскиот јазик добива статус на langue de famille и стапува, како и македонскиот народ, langue de la minorite. Со иселувањето во Бугарија на 86.582 Македонци, македонското население од егејскиот дел на Македонија губи не само од својата физичка компактност, туку и од својата јазична бројност. Со иселувањето на македонското население од Драмско, Серско, Кавалско, Демир-Хисарско, Солунско, Кукушко, овие региони беа засегнати не само етнографски, туку и во јазична смисла. Македонскиот јазик со заминувањето на бројното македонско население, беше притиснат во рамките на малубројното македонско население што остана да живее во источните и централните делови на егејскиот дел на Македонија.

Истовремено со иселувањето на македонското население во Бугарија, паралелно се одвиваше и задолжителната размена на населението меѓу Грција и Турција. Муслиманското население од

егејскиот дел на Македонија, по силата на Лозанскиот мировен договор, замина за Турција. Во такви услови од егејскиот дел на Македонија се иселија 350.000 муслимани и со нив замина едно население кое, покрај мајчиниот јазик, добро го познаваше и го користеше македонскиот јазик. Тоа придонесе македонскиот јазик да го загуби својот традиционален статус, станувајќи langue de famile или langue de la minorite на кој зборуваа само 240.000 Македонци, останати да живеат, главно, во западниот дел на Егејска Македонија. Од друга страна, грчкиот јазик по 1923 година го заменува својот јазичен статус. Од langue de famille грчкиот јазик стана реално langue usuelle за целокупното население што живееше во егејскиот дел на Македонија по големите миграциони движења. На местото на иселеното македонско и муслиманско население, во егејскиот дел на Македонија беа доселени 618.199 лица грчко и негрчко христијанско население дојдено од Европа, Азија, Америка, Африка и Океанија. Со проширувањето на грчкиот и негрчкиот христијански елемент се ширеше и грчкиот јазик во форма на димотики. Од вкупно 1.412.277 жители, колку што броеше населението во егејскиот дел на Македонија по големите миграциони движења, 1.172.477 лица (Грци, Туркофони, Ерменци, Евреи, Роми, Власи) го употребуваа или се стремеле да го употребуваат грчкиот јазик. Со тоа грчкиот јазик, покрај неговиот статус на langue officiellестанува реално langue usuelle за целокупното население што живееше во егејскиот дел на Македонија. Политичката надградба, секако, придонесе за ширењето на грчкиот јазик меѓу македонското население, но новата историска објективна реалност што се изразуваше со секојдневното присуство на колонистот меѓу македон-

ското население беше субјектот, кој во поголема мера го прошири грчкиот јазик меѓу Македонците. Животот, со присуството на новата грчка етнографска реалност, го принуди Македонецот, поради економски потреби, да научи еден јазик, кој му бил туѓ и намразен. Во такви услови, во присуство на грчката политичка етнографска реалност, која секогаш пледираше во корист на грчкиот јазик и грчката кауза, македонскиот јазик требаше секојдневно да се бори за својот опстанок. Во тој однос само еден пример ќе биде доволен за да се докаже во какви тешки и неприродни услови македонскиот јазик требаше да се бори за својот опстанок.

Во близина на македонското село Лесковец, Леринско, пред 1913 година имаше две турски села Вртолом и Плешевица. Дотогаш македонскиот јазик беше употребуван како средство за комуницирање меѓу селаните во личните разговори на пазарот и чаршијата. Во тие услови македонскиот јазик имаше улога на "официјален" јазик. По иселувањето на Турците од селата Вртолом и Плешевица, на нивното место дојдоа христијани - Грци и не Грци и селата добија и нови имиња: Агиос Вартоломеос (Вртолом) и Колхики (Плешевица). Со доаѓањето на колонистите, грчкиот јазик почна да добива улога каква што имаше македонскиот јазик пред 1923 година.

Еден сличен феномен се случи во село Медово, Леринско, кое исто така беше близу до две турски села - Шеовци и Бостанџиовци. Колонистичкото грчко население го доби имотот на овие две турски села, но неколку бегалски фамилии беа доселени и во македонското село Медово. Имотот на овие маџири од село Медово ги делеше од имотот на македонските селани само обичниот селски плет. Ако дотогаш грчкиот јазик во селото Медово беше присутен

само во наставата, со доаѓањето на колонистите тој можеше да се чуе и во селото, по нивите и полето. [371] Со тоа, нормално, христијанскиот елемент во поголеми размери го ширеше грчкиот јазик поприродно, побезболно, како потреба на самиот живот.

Притисокот на новата етнографска реалност беше толку голема, што македонскиот јазик почна да го губи својот физички интегритет. Многу грчки зборови по нивното помакедончување почнаа да навлегуваат во рамките на македонскиот јазик и се појави таканаречениот феномен на дуализам, кој нема ништо заедничко со феноменот на билингвизам. [372]

Сличен феномен се забележува во вардарскиот и пиринскиот дел на Македонија со навлегувањето на српски односно бугарски зборови во македонскиот јазик. Тоа придонесе да се забележи една нова појава. Ако пред Балканските војни македонските дијалекти конвергираа кон централните македонски дијалекти и објективно одеа кон формирање по природен пат на македонскиот литературен јазик, со навлгувањето на грчки, српски и бугарски зборови, дијалектите од трите делови на Македонија постепено,но систематски, почнаа да се оддалечуваат од себе. Овој феномен н навлегување во рамките на мајчиниот јазик на зборови од туѓ јазик е специфичен и се појавува, главно, кај национално поробените нации и преставува еден ходник за преминување од еден мајчин јазик на друг мајчин јазик.

Навлегувањето на грчки зборови во рамките на македонскиот јазик во егејскиот дел на Македонија перспективно се засилуваше, но во периодот од 1913 до 1949 година се уште не го

загрози статусот на македонскиот јазик како мајчин јазик на македонското население. Македонскиот јазик се уште за македонскиот народ играше улога на примарен (мајчин) јазик. Македонците го учеа во рамките на семејството и природно се изразуваа на македонски јазик. Сотекот на времето македонското население го учеше и грчкиот јазик, но овој јазик за Македонците имаше улога на секундарен (странски) јазик. Тоа го потврдува фактот дека Македонците не беа во состојба природно, нормално да ги изговараат грчките гласови кои не постоеја во македонскиот јазик. Станува збор за буквите тита, делта и гама кои се специфични за грчкиот јазик. По граѓанската војна во Грција (1946-1949) се забележуваат нови феномени. Грчкиот јазик на многу места се пробива и добива статус на мајчин јазик за дел од македонското население. Тоа го учи грчкиот јазик од најрани години, го изговара природно, а македонскиот јазик го учи подоцна и затоа гласовите ж, ч, џ, ш кои не постојат во грчкиот јазик, ги изговара неприродно. Со тоа грчкиот јазик му навлезе во свеста и така почна процесот на формирање на друга национална свест, што е краен процес во правецот на дефинитивното асимилирање на едно поробено малцинство. Фактот дека македонскиот јазик во периодот меѓу двете светски војни го задржа статусот на мајчин јазик за македонското население се должеше на силната македонска народна и национална солидарност. Феноменот на биолошка асимилација што се одвиваше во Егејска Македонија меѓу Грците, Туркофоните, Ерменците итн., не влијаеше врз македоднското население. Скоро и не постоеле мешовите бракови меѓу Македонци и мацири (Грци, Кавкасци, Туркофони) и на тој начин грчкиот јазик не можеше да влезе во рамките на македонското семејство и да го стави под пра-

шалник статусот на македонскиот јазик како мајчин јазик. Со текот на времето и особено по граѓанската војна во Грција се појавуваат и се забележуваат феномени на доброволна и принудена биолошка асимилација. Со доброволната биолошка асимилација (брак меѓу Македонка и Грк, или меѓу Македонец и Гркинка) секогаш грчкиот јазик во рамките на грчка објективна етнографско-политичка реалност го отстрануваше македонскиот јазик од рамките на семејството и на тој начин грчкиот јазик добиваше дефинитивен статус на мајчин јазик за соодветното семејство. Свесна за тоа, грчката буржоазија сакаше да го забрза процесот на биолошка асимилација на македонското население преку принудната биолошка асимилација што се појавува само во периодот на граѓанската војна во Грција.[373]

Слична биолошка асимилација на Македонците се забележуваат и во источно-европските земји каде заминале голем број Македонци по граѓанската војна на Грција. Сите мешовити бракови меѓу Грци и Македонци (главно Грци и Македонки) оделе во корист на грчкиот елемент и македонскиот јазик беше отстранет од рамките на семејството.

Феноменот на дуализам во јазикот, како и доброволната биолошка асимилација, се појавуваат и забележуваат и во Канада, Австралија, Сад итн. Кај новодојденото население од европско потекло (Италијанци, Македонци, Германци, Грви, Срби итн.) постепено но сигурно во рамките на својот нмајчин јазик се инфилтрираат зборови од англискиот јазик. Силата на објективната англофонска реалност е толку голема и силна што феноменот на дуализам се јавува и во рамките на францускиот јазик во Квебек.[374]

Но феноменот на дуализам во јазикот што се

појавува кај Италијанците, Македонците, Грците, Хрватите, Србите итн. во Канада, Австралија, САД, се појавува и се одвива секогаш вон рамките на својата матична земја. Матинната нација (италијанската, грчката, српската, германската итн.) во рамките на својата историска, националност и политичка територија во Грција, Италија, во Кралството СХС итн. природно се развива и на тој начин си го гарантира својот историски, национален, културен и биолошки развиток. Но во егејскиот дел на Македонија феноменот на дуализам на јазикот, како и феноменот на природната биолошка асимилација, се појавува и се развива во рамките на својата традиционална историска и национална територија и овој феномен во перспективата на времето го става под прашалник историскиот, националниот, културниот и биолошкиот опстанок на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија.

Грчката буржоазија ја искористи максимално новата историска ситуација. Новата објективна историска реалност што се создаде по големите миграциони движења, му овозможи на грчката држава да го засили процесот на асимилација и дезнационализација на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Со сменувањето на етнографската состојба и на статусот на македонскиот јазик во егејскиот дел на Македонија, грчката влада сакаше да и даде на Егејска Македонија и топонимски немакедонски карактер. Во врска со тоа беше доенсен посебен закон за задолжителното менување на сите македонски имиња на реки, планини, села, градови кој беше публикуван во "Ефимерис тис Киверниси ос" (Службен лист на грчката држава) бр. 332 од 21.ноември 1926 година. Од ова прекрстување не правеше исклучок ни едно населено место во

егејскиот дел на Македонија. Малото село Мусанџали, на пример, од Демир-Хисарско кое имаше само 13 души го доби името Астрифоља, селото Дервиш (Демир-Хисарско) само со 9 жители го доби името Промахон.[375] Паралелно се одвиваше и процесот на отстранување на се што е словенско и кое се изразуваше во постоењето на словенската писменост, гробовите итн.[376] Сите цркви биле контролирани и крстени со грчки имиња, словенската писменост беше отстранета и сите црковни патписи беа напишани на грчки јазик. Упорноста во тој однос беше толку голема што случајно заборавените словенски натписи на црквите подоцна биле отстранети.[377] Истовремено Македонците беа должни и принудени да ги менат имињата и презимињата и секое македонско име и презиме требаше да завршува во "ос" или "ис". Во правецот на асимилацијаи деснационализација на македонскиот народ во рамките на новите услови посебна улога играше просветата,[378] печатот,[379] музеите,[380] културните[381] и спортските друштва. Но со политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава во условите на новата историска реалност и на интензивната политика на асимилација на македонскиот народ, кој историски објективни текови ги заштитува КПГ?

Со политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава, КПГ теоретски се залагаше дека ги штити културните права на Македонците (јазик, обичаи, традиции), но во пракса со оваа политика не се спречуваше објективното, неминовното и сигурното асимилирање на македонскиот народ од Егејска Македонија, туку во суштина КПГ ги штитеше новите грчки објективни историски текови и процеси. Со новата политика

во однос на македонското национално прашање по 1935 година КПГ прави еден историски компромис ос концепција на грчката држава во однос на македонското национално прашање и de facto стануза гарант на Букурешниот мировен договор. Затоа, со политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава, КПГ 1) влезе во судир со основниот марксистички принцип што ја карактеризира нацијата (заедничка територија) и со тоа на македонскиот народ му се негираше правото на самоопределување и обединување; 2) не го почитуваше марксистичкиот принцип да ја создава и спроведува својата политика во однос на едно нерешено национално прашање во согласност со општите историски интереси и околности во кои се наоѓа поробената нација, т.е. македонското национално прашање да се третира "во целина" и 3) го почитуваше марксистичкиот принцип што и одговараше на интересите на грчката работничка класа (и нација) и со тоа го почитуваше марксистичкото право за решевање на националното прашање од "аголот на класната борба" што во суштина е негација на првиот основен марксистички принцип: правото на самоопределување и обединување на една поробена нација. Затоа со политиката за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава, КПГ прифати и санкционира една трајна грчка национална политика во однос на македонското национално прашање што не се фундаментира врз база на историски, национални и морални права.

# З А К Л У Ч О К

Политиката и ставот на КПГ во однос на македонското национално прашање во периодот од 1918 до 1940 година се одвиваше во конкретни историско-политичкиуусловии кои силно влијаеле врз самата политика на КПГ.

Тактичното, непринципиелното поставување на македонското национално прашање од страна на КПГ во периодот меѓу двете светски војни, не е случајна историска појава. Тоа е една природна и конкретна рефлексија на збиовањата што се забележуваат во редовите на меѓународното комунистичко движење, особено во редовите на КПСС.

Со доаѓањето на Ј.Сталин на чело на КПСС, почнува еден процен на историски дисконтинуитет на марксистичките историски вредности. Една револуција за да има универзален карактер, сметаше В.И.Ленин, таа треба неопходно на вредностите, на придобивките од предходната револуција да додаде нови вредности, нови квалитети и на тој начин да претставува еден реален чекор напред во историската еволуција.

Сталинистичкиот дисконтинуитет во однос на лениниистичкиот историски континуитет на марксистичката мисла и пракса негативно влијаеше врз политичката мисла и политичната пракса зашто се наметнуваше како задолжителна политичка догма. Сталинистичкиот дисконтинуитет особено влијаеше и врз односот класно-национално. Со доаѓањето на Сталин на чело на КПСС, присуството на националното и заштитата на националното преку левата (стали-

низирана) идеологија веќе се дигна на ниво на државна политика. Националните интереси на СССР, кои биле присутни и заштитени преку левата идеологија, јасно се одразија и во политиката на Коминтерната, политика, која не еднаш беше во длабока контрадикција со националните интереси на различните народи во Европа и на тој начин се ослабуваше и влијанието на соодветните комунистички партии. Во КПГ, по отстранувањето на левата опозиција на чело со П.Пулјопулос и на десната на чело со Ј.Кордатос, раководството ќе помине во рацете на т.н. центар, кој ќе ја создава својата политика во однос на македонското национално прашање преку Коминтерната и во зависност со интересите на СССР. Затоа КПГ еднаш ќе спроведува политика за полна рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава, еднаш обединета и независна Македонија и тн.

Наметнувањето на марксистичко-ленинистичката теорија како догма на другите комунистички партии, како и негирањето или потиснувањето преку левата идеологија на националните интереси на помалите народи, ќе придонесе да се појави еден процес на идеолошка и национална еманципација на овие партии. Од една страна кај комунистичките партии ќе се појави еден процес на идеолошка и национална еманципација со оддалечувањето од сталинистичкиот дисконтинуитет (т.е. од деформациите) на социјализмот, а од друга страна ќе почне еден процес на национална еманципација на комунистичките партии на малите народи, кои поради различните историски настани, се најдоа во рамките на други народи.

Процесот на политичката еманципација на комунистичките партии беше беше постепен, тежок, со длабоки внатрешни политичко-идеолошки судири во редовите на партиите и се одвиваше различно

во секоја одделна партија. Овој процес на политичката еманципација на комунистичките партии во однос на сталинистичкиот марксистички дисконтинуитет влијаеше и во однос на класното и националното. Едни комунистички партии преку политичката еманципација во рамките на левата и преку левата идеологија, реално ги штителе покрај своите национални интереси и интересите на поробената нација, а други комунистички партии, преку политичката еманципација во суштина си ги штителе единствено своите национални интереси. Различната заштита на националните интереси на поробените нации во рамките на левата и преку левата идеологија, се забележуваа и кај Балканските Комунистички Партии (БКП). Тргнувајќи од исти позиции (од политиката за обединета и независна Македонија наметната од страна на Коминтерната), БКП еволутивно различно еволуираат во однос на македонското национално прашање во историската перспектива. Процесот на политичката еманципација што се забележува во историјата на КПЈ почнувајќи од 1937 година кога партијата престана "да биде проста секција на Коминтерната, прост извршител на заедничките (или помалку заеднички решенија и почна да се претвора во самостојна, модерна организација на работничката класа", позитивно влијаеше врз политиката на КПЈ во однос на нерешените национални прашања што постоеле во Југославија. КПЈ, спротивно на сталинистичките деформации на односот класно-национално, создава една рамнотежа, една симбиоза, едно дијалектично поврзување меѓу класното и националното или националното и класното и на тој начин во рамките на левата и преку левата идеологија ги штитеше реално националните интереси на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците, Црногорците итн.

Спротивно на историската еволуција на КПЈ, во КПГ и Комунистичката Партија на Бугарија (КПБ) не се забележуваат процеси на политичка еманципација. Тоа сериозно негативно влијаеше врз односот класно-национално и овие партии, врз основа на сталинистичкиот историски дисконтинуитет, ќе заземаат се понегативен став во однос на македонското национално прашање. КПГ (со политиката за полна рамноправност на малцинствата) и КПБ (со политиката за обединета и независна Македонија) во рамките на левата и преку левата идеологија, реално, суштински, ќе го штитат сопствениот национален интерес на штета на поробената македонска нација и на тој начин ќе му дозволат на национализмот да навлезе во рамките на левата идеологија.

Присуството на национализмот во рамките на левата идеологија што се појавува како деформација на сталинистичкиот марксистички дисконтинуитет во социјалистичката пракса, негативно ќе влијае во решавањето на националното прашање во источно-европските земји, кога комунистичките партии ќе дојдат на власт.

Различното присуство на национализмот во рамките на левата идеологија во земјите на тн. реален социјализам придонесе конкретното решавање на националното прашање на овие земји да добие рани форми и тоа од тоталното негирање на една нација или малцинство (Македонците од Пиринска Македонија), уживање на неслобода во слобода (Унгарците и Германците во Романија) и реална рамноправност на нациите и на малцинствата (Унгарци во Чехословакија; Романците, Хрватите, Србите, во Унгарија; Лужичките Срби во источна Германија).

Различната еманципација на комунистичките партии на "доминантната" нација во однос на нерешените национални прашања придонесе да се појави еден процес и на национална и на политичка еманципација на комунистичките партии на поробените нации. Карактерот и природата на националната и политичката еманципација на комунистичките партии на поробените нации беа, во прв ред, условени од природата на политичката еманципација на комунистичката партија на "доминантната" нација. Таму, каде што комунистичките партии реално ги штитат националните интереси на поробените нации, не се забележуваат тенденции на национална еманципација на комунистичките партии на поробените нации, но таму, каде што националните интереси не се реално или се парцијално заштитени, се појавуваат тенденции на национална еманципација на ко[illegible]нистичките партии на поробените нации (Комунистичката партија на Баскија, појавата на национална еманципација кај Македонските комунисти од егејскиот дел на Македонија итн.). Затоа процесот на политичко-националната еманципација на Комунистичките партии од сталиновиот марксистички дисконтинуитет е легитимен, објективен и историски неминовен.

# Б Е Л Е Ш К И

1. Apostolos Vacalopulos, Histoire de la Grèce moderne, Paris 1975, p. 180-181.
2. Пак таму.
3. Nikolas Svoronos, Histoire de la Grece moderne, Paris 1972, p. 101.
4. Пак таму, стр. 72.
5. Пак таму.
6. Првиот работнички синдикат во Грција се формира во Сирос во 1879 година. Во истата година беше организиран и првиот работнички штрајк, во кој учествувале 400 работници.
7. Платон Дракулис во 1886 година ја објавил брошурата "Што е тоа Социјализам?" и го издавал социјалистичниот весник "Ардин" (Радикал).
8. Ставрос Калергис во 1890 година го формира "Централното социјалистично друштво" и го издаваше весникот "Социјализмос" што излегуваше до 1902 година. Во 1893 година приврзаниците на Ставрос Калергис за прв пат во Грција го празнувале денот на трудот 1 мај.
9. Маринос Антипас, во Кефалонија го издавал весникот "Воскресение", И покрај фактот што неговиот социјализам имаше силни елементи на христијански социјализам, сепак неговата политична активност придонесе за развојот на социјалистичката мисла во Грција.
10. Г.Склирос во 1907 година ја објавил книгата "Нашето социјално прашање", која преставува прв обид на марксистичката анализа на грчките општествено-економски односи.

11. Книгата на Ф.Енгелс "Развојот на социјализмот од утопија во наука" беше објавена во неделниот весник "Мелон" (Иднина). Весникот "Мелон" го издавал (1908) студентот по медицина, Дионисиос Конинос.

12. Н.Хавопулос во 1908 година го формира во Минхен. "Социјалистичкиот демократски сојуз" и по своето враќање во Грција ќе го издава во Волос весникот "Ергатис" (Работник).

13. Аленос Нацуланис, Влияние идей В.И.Ленина в Греции, Москва, 1970, стр. 24-25.

14. Во 1914 година во Грција постоеле, покрај Солунската "Федерација", три социјалистички групи: Социјалистичката партија на чело со П.Дракулис, Социјалистичкиот Центар во Атина на чело со Ј.Јаниос и Социјалистичкиот сојуз на чело со П.Димитратос.

15. Ghеorghi D.Kaculi, Istoria tu KKE, tomos A, 1918-[illegible], Athina, 197[illegible], p. [illegible]3.

16. To KKE, Episima Kimena, tomos protos, 191[illegible]-19[illegible], 19[illegible], p.[illegible] s.1.

17. To idritiko proto sinedrio tu Sosialistiku Komatos tis Elados, To KKE, Episima Kimena... tomos protos, p. 3.

18. Овој конгрес во суштина е основачкиот конгрес на Комунистичката партија на Грција.

19. To idritiko sinedrio tu Sosialistiku Komatos tis Elados, To KKE, Episima Kimena... tomos protos.

20. E.Dourmoussis, La verité sur un drame historique, La catastrophe de Smuyrne septembre 19[illegible], Paris, 19[illegible], p. 1[illegible].

21. Станува збор за феноменот кога дел од христијанското население од негрчко потекло (Македонци, Власи, Романци итн.) посетувале грчко училиште или грчка црква. Според грчката историска логика ова население во грчките статистики е сметано за грчко зашто со посетата на грчко училиште и грчка црква, ова население божем изразувало и негувало грчка национална свест иако македонските патриаршисти, на пример, никогаш во секојдневниот живот (во семејството, пазарот, црковни обреди, седенки итн), не го употребувале грчкиот јазик и не изразувале грчка црковна свест или грчка национална свест.

22. Васил Кънчов, Македония-Етнография и статистика, София, 1900 (со соодветниот прираст на населението). Во рамките на македонското население е опфатено и македонското муслиманско население кое по своето потекло, јазик, обичаи, му припаѓаше на македонската нација.

23. Боривоје Милојевић, Насеља српских земаља, кн. 10, Београд, 1921, стр. 19, 21, 31.

24. Станува збор за мировниот договор склучен во Неј (1919) меѓу Бугарија, Грција и други победнички сили.

25. Jacques Ancel, Peuples et Nations des Balkans, Paris, 19[illegible], p. 1[illegible]3.

26. Megali eliniki enkiklopedia, Athina, 193[illegible], tomos th, p. [illegible],

27. Пак таму, стр. 405.

28. Пак таму, стр. 341.

29. Kurt Steinhans, Atatuk Devremi Sosyalisi, Istambul, 197[illegible], p. 57-[illegible].

30. Jacques Ancel, op. cit, p. 1[illegible]5.

31. Резолуцијата на "малцинството" бараше проблемот на Алзација и Лоренија да се реши во корист на Франција зашто Франција од своја страна најактивно ги поддржуваше територијалните претензии на грчката држава во однос на егејскиот дел на Македонија, западниот дел на Тракија и ололината на Смирна.

32. Gheorghi [illegible].Kaculi, Istoria tu [illegible], tomos I, [illegible], Athina, 197[illegible], p. 11[illegible].

33. Станува збор за Источна Тракија.

34. Станува збор за Западна Тракија, која по Парисните мировни договори, ќе влезе во составот на грчката држава. Приврзаниците на резулоцијата на "малцинството" и не се надевале, ниту пак предвидувале вакво срећно решение и затоа во тој момент влегувањето на Западна Тракија во составот на Мармарската Република најдобро одговараше на грчните национални интереси.

35. Албанската држава веќе постоеше по 1913 година и со предлогот на "малцинството" во суштина се бараше ослабувањето на албанската држава со излегувањето од нејзините рамки на немуслиманското население, кое во неговото огромно мнозинство беше од албанско потекло.

36. Јужна Добруџа, бугарска етнографска територија, што беше окупирана од Романија по Втората балканска војна, ќе и биде вратена дефинитивно на Бугарија по Втората светска војна.

37. Gheorghi D.Kaculi, op. cit, p. 117."Малцинството" активно се залагаше за формирањето на една еврејска држава околу Ерусалим, но тоа не го правеше без интересовно. Еврејска држава околу Ерусалим ќе и дадеше можност на грчката држава да го протера огромното еврејско малцинство што живееше во Солун, за чии богатства грчката буржоазија пројавуваше голем интерес.

38. Epi ton eksoterikon zitimatos, To KKE, Episima Kimena, tomos I, p. 11-12.

39. Пак таму.

40. Ова право на турското малцинство во Кипар никогаш не беше искрено почитувано од страна на грчката буржоазија и затоа турското население секогаш со голема недоверба го гледаше барањето на грчкото мнозинство за обединување со Грција.

41. Треба да се забележи фактот дека дел од грчкото малцинство што живееше во Јужна Албанија беше од влашко потекло.

42. E.Venizelos, La Gréce devant le congrés de la Paix, Paris, 1918, p. 4.

43. Сличен историски, територијален и културен легитимитет врз основа на историските процеси на симбиоза меѓу Дакијците, Римјаните и Словените имаат и денешните Романци во поголемиот дел на својата татковина.

44. Станува збор за денешна Молдавска ССР.

45. Станува збор за Шлонск.

46. Во суштина во Белгија и не постоеше национално угнетување. Фландриското население бараше поголема економска и културна афирмација на Фландрискиот регион. Во 1922 година Фландрискиот

јазик, покрај францускиот, станува официјален јазик во Белгија.

47. Atlas Historique, Milan, 1976, p. 439.

48. Васил Коларов, Националный вопрос на Балканах, Комунистический интернационал, 1924, бр. 3-4.

49. Réne Ristelhneber, Histoire de Peuples Balkaniques, Paris, 1950, p. 331.

50. Податоците за националната структура на населението се земени од Васил К'нчов за Егејска Македонија и Жан Ансел за Западна Тракија.

51. Васил Коларов, цит. дело, стр. 131-132.

52. Сите овие територии по Втората светска војна влегоа во составот на СССР.

53. Коминтерната се формира во Москва во 1919 година.

54. Балканската Комунистичка Федерација се формира во Софија во 1920 година.

55. Viliam Z.Foster, Istoria ton trion diehnon, 1960, p. 385,s.l.

56. Viliam Z.Foster. Istoria celor trei internationale, Bucuresti, 1953, p. 400.

57. Poliopulos Pantelis, Gia to Makedoniko, Arthra, Thesis ke Polemikes, Athina, 1976, p. 76.

58. Комунистический интернационал, 1920, бр. 14.

59. Пак таму.

60. 5-ти Всемирный конгресс Коммунистического Интернационал, Тезигя Резолюции и постонавлению, Москва, 1924, стр. 135.

61. Македонский и фракиский вопрос, 5-ти Всемирныи, стр. 147.

62. The Communist international, 192?. nr. 7, p. ?5.
63. Комунистический интернационал, 1921, бр. 1.
64. V конференција на БКФ се одржа во Москва.
65. VI конференција на БКФ се одржа во Берлин.
66. Журнал Коммунистический Интернационал, 1924, бр. 3-4.
67. Пак таму.
68. Пак таму.
69. Комунистический интернационал, 1924, бр. 3.
70. Polikroni K.Enepediki, I Eliniki 'ndistasis 1941-1944, Athina, 1964, p. ?3.
71. Kosta A.Bramu, Slavokomunistike organosis en Makedonias, Athina, 1969, p. 36
72. Halca A.Hristoforu, To Makedoniko zitima ke i sovietiki politiki, Thesaloniki, 1954, p. 112.
73. Gheorghi ?.acult, op. cit, tomos II, 19??-1927, Athina, 197?, p. 140-141.
74. Agelos G.Elefantis, I apegelia tis adinatis epanastasis, Athina, 1976, p. 3?.
75. S.Maksimos, Mia eksioisi, "Rizospastis", 6.11.1927, p. 3.
76. Kosta A.Bramu, op. cit. p. 9?.
77. Agelos G.Elefantis, op. cit, p. 3?.
78. Kosta A.Bramu, op. cit., p. ?2.
79. Aleku A.Kiru, Sinomasis enandion tis Makedonias, Athina, 19??, p. 14.
80. J.Kordatos, To ethniko zitima ke i efthini tis epitropis Puliopulu, "Rizospastis", 1?.11.1927, p. 3.
81. To KKE, Episima... tomos protos ..., p. 114-115.
82. J.Kordatos, op. cit, "Rizospastis", 17.11 1927, p. 3.

83. Пак таму.

84. Станува збор за историската битка кај реката Сакарија што заврши со победата на Кемалова Турција (1922).

85. За тоа придонесе, секако, и грчката буржоазија со нејзината политика на репресалии против грчкото работнично движење што особено се изрази во периодот на Пангаловата диктатура.

86. Со желба да се избегнат натамошните конфликти и полемики во редовите на КПГ, ЦК на ова партија во ноември 1926 година донесе решение пред одржувањето на III редовен конгрес на партијата во март 1927 година да се води јавна дискусија во врска со целокупната политика на КПГ, вклучувајќи го и македонското национално прашање.

87. J.Kordatos, Iperano olon to Koma ke ohi ta prosopa, alla mi-liktos agonas kata tis iperaristeras, "Rizospastis", 21.II 1927, p. 3.

88. X. Vatis, Liga gia tin sizitisi, tus aftoklitus prostates mu, "Rizospastis", 24.II 1927.

89. J.Kordatos, Iperano olon to Koma ..., "Rizospastis", 20.II 1927.

90. Пак таму, 21.II 1927, стр. 3

91. J.Kordatos, Zitima "u"iopulu i zitima iperaristeras, "Rizo-stis", 15.II 1927, p. 3.

92. J.Kordatos, Iperano olon to Koma..., "Rizospastis", 20.II 1927.

93. X.Vatis, Liga gia tin sizitisi ..., "Rizospastis", 24.II 1927

94. П.Пулјопулос по 1926 година привремено ќе ги прифати и ќе ги поддржи гледиштата на "малцинството".

95. Pantelis Puliopulos, Me pia enia mborume na milisume gia istorikes "idiomorfies" tu kinimatos mas, "Rizospastis", 6.II 1927.

96. Pantelis Puliopulos, Gia to melon tu Komatos, "Rizospastis", 7.XII. 1927.

97. Pantelis Puliopulos, Me pia enia... "Rizospastis", 6.II 1927.

98. Kosta A.Bramu, op. cit., p. 32.

99. Од писмото на Алкидамос (Ј.Кордатос) објавено на 20.VIII. 1926, во"Revolution proletarienne".

100. X.Vatis, To ethniko ke to Koma mas, "Rizospastis", 24.III 1927, p. 3. Националната структура на населението што ја дава Ватис не одговара на историската вистинитост ни за периодот од пред 1912 година, ниту пак за периодот по Првата светска војна. За Ватис името Македонци има географски карактер.

101. Pantelis Puliopulos, I krisi istera op ton noembri 1926, "Rizospastis", 5.II 1927, p. 3.

102. Од писмото на Алкидамос објавено во "Revolution proletarienne"

103. Tomas Apostolidis, Likvidarizmos, tihodlotizmos ke "ortodoksisos" marksismos, "Rizospastis", 12.II 1927.

104. X.Vatis, To ethniko zitima..., "Rizospastis", 24.III 1927,

105. Пак таму.

106. "Rizospastis", 21.II 1927, p. 3.

107. J. Kordatos, Via paranthesi, "Rizospastis", 9.II 1927.

108. Во периодот од 1923-1925 година Пулјопулос активно ги напаѓаше ставовите на "Малцинството".

109. Pantelis Puliopulos, To Makedoniko ifestio, "Rizospastis", 14.XII 1924.

110. Пак таму.

111. Manifesto tu telefteu sinedriu tu Komunistiku Komatos pros ton ergazomenon lao, "Rizospastis", 14.XII 1924.

112. "Rizospastis", 28.II 1927.

113. G.Siantos, Giro apo tin krisi tu Komatos, "Rizospastis", 12.III 1927.

114. Пак таму.

115. Пак таму.

116. X.Vatis, To ethniko zitima..., "Rizospastis", 24.III 1927.

117. Пак таму.

118.- Во врска со теоретскиот судир што постоеше меѓу "малцинството" и "мнозинството" околу македонското национално прашање, марксизмот и неговото поврзување со грчката историска реалност, "мнозинството" по својата аргументација не се дигна на нивото на "малцинството". Претставници на "мнозинството" се ограничуваа со цитирање на извадоци главно, од делата на Сталин. Во тој однос особено се истакна Н.Кутвис (Никос Захаријадис). За еден друг приврзаник на "мнозинството" (Д. Сакарелос), кризата што постоеше во партијата, како и реалната стагнација што постоеше и се манифестираше во редовите и грчкото работничко движење, за него и не постоеше. "Кризата, пишувал Сакарелос во "Ризоспастис" постои само во главата на Пилјопулос", а не и во историскиот терен.

119. Најголемиот дел од Грците, поради традиционалното и упорното националистичко воспитување од страна на грчката држава овие територии ги сметале за грчни.

120. J.Kordatos, Iperano olon to Koma..., "Rizospastis", 20.II 1927.

121. Пак таму.

122. Pantelis Puiopulos, Merika apo ta 'paradoksa tu kinimatos mas', "Rizospastis", 1.II 1927, p. 3

123. Programa simeron apetision, politika, to KKE, episima..., tomos protos..., p.7.

apetisis

124. Apofasi gia to programa tu SEKE, To KKE Episima... tomos protos..., p. 64.

125. Katastatikon tu SEKE, To KKE, episima... tomos protos..., p. 63.

126. Manifesto pros ton ergazomeno lao, op. cit., p. 530.

127. Apostolos Vacalopulos, op. cit., p. 226.

128. Пак таму.

129. Пак таму.

130. J.Kordatos, Iperano olon to Koma..., "Rizospastis", 19.II 1927.

131. Од писмото на Алкидамос (Ј.Кордатос) објавено во Revolution proletarienne.

132. Пак таму

133. X.Vatis, I krisi tu Komatos, ta etia ke ta simperazmata, "Rizospastis", 12.III 1927.

134. "Rizospastis", 25.II 1927.

135. Во 1907 година, на пример, 76 % од работоспособното населениe во Грција се бавеше со земјоделство, а само 24 % со други разни професии. По 1924 година, по големата грчка колонизација, Грција си го задржува својот земјоделски карактер и поради фактот што мнозинството од бегалското население беше населено по селата и се занимаваше главно со земјо-

делство. Само во егејскиот дел на Македонија беа доселени 112.111 земјоделски семејства со 427.297 членови.

136. Programa simerion apetisios, to KKE, Episima Kimena, tomos protos..., p. 9.

137. Apofasi gia ton agrotikon, to KKE, Episima Kimena... tomos protos..., p. 59.

138. Архив Југославије, Министарство унутрашних дела Краљевине СХС, док. 4.485 (17.XII 1923). (фонд во средување)

139. На истото место, док. 5.546 (18.XII 1923).

140. Од писмото на Македонците од селото Екши-Су испратено до весникот "Ризоспастис" и објавено на 1.X 1934.

141. "Rizospastis", 25.I 1937.

142. Пак таму, 10.VI 1934.

143. Пак таму, 14.ИИ 1934.

144. Од писмото на македонските војници од 28 полк стациониран во Лерин, испратено до весникот "Неос Ризоспастис" и објавено на 31.XII 1933.

145. "Neos Rizospastis", 5.VIII 1932.

146. "Rizospastis", 3.II 1934.

147. Ministere des Affaires Etrangeres, Archive diplomatique, Grece 1918-1929, Paris, dosie 57, p. 110.

148. To KKE, Episima..., tomos protos..., p. 517.

149. Pantelis Puliopulos, op.cit., "Rizospastis", 11-14.XII1924 ... Веројатно при преводот или печатењето на статијата на П.Пулјопулос "Македонски Вулкан" од 11-14 декември 1924 година во

зборникот документи "НПГ и македонското национално прашање 1918-1974", Скопје, 1982, од Ристо Кирјазовски се испуштени неколку редови на стр. 17. Комплетниот превод на статијата на П.Пулјопулос се наоѓа во книгата на Јосиф Поповски под наслов: "Македонското прашање на страниците од "Ризоспастис" меѓу двете светски војни, Скопје, 1982, стр. 35.

150. "Rizospastis", 21.III 1931.

151. X.Vatis, To ethniko zitima ke to Koma mas, "Rizospastis", 26.III 1927.

152. Pantelis puliopulos, op. cit., "Rizospastis", 5.II 1927.

153. Треба да се забележи фактот дека Ватис не знаел ни еден словенски балкански јазик и своите ставови во однос на македонскиот јазик, како и во однос на македонското наицонално прашање, си ги создавал врз основа на грчката буржоаска литература.

154. Pantelis Puliopulos, Gia to Makedoniko, Arthra, thesis ke polemikes, Athina, 1976.

155. Пак таму.

156. Тоа особено се изрази во однос на македонското национално прашање и во однос на селското прашање, каде што Партијата, и покрај големите напори, не забележува успех.

157. Но без да биде основната и единствена пречка, како што се стремеле да го претстават приврзаниците на "малцинството"

158. Третиот редовен конгрес на НПГ се одржа во 1927 година.

159. To KKE, Episima Kimena, tomos defteros, 1925-1928, p. 200

160. Ekliksi tis ektelestikis epitropis komunistikis diethnus, To KKE apto 1931 os to 1952, 1952. p. 19-20, s.l.

161. Во новото раководство на КПГ што се формира по интервенцијата на Коминтерната во 1931 година, покрај Никос Захаријадис, влегоа и Јанис Јоанидис, Стилјанос Склавенас, Јанис Михалидис, Василис Нефелудис, Леонидас Стрингос и Г.Константинидис.

162. Се поактивниот политички реализам што доаѓаше и од страна на Коминтерната придонесе КПГ да постигне успеси во грчкиот политички живот (избори итн.). Во 1934 година за прв пат во Грција за градоначалник во Кавала беше избран еден комунист. Сепак новата политика на КПГ му беше наметната од страна на Коминтерната и КПГ и овој пат шаблонски ја прифати. Политичкиот реализам во суштина произлегува од фактот дека новата политика беше повеќе рефлексија и случајно одговараше на објективната грчка историска реалност.

163. Тоа природно ќе придонесе за расцепот во 1968 година, кога ќе се формираат повеќе комунистички партии во Грција: КПГ (со просоветска ориентација), КПГ-марксисти-ленинисти (сталинистичка ориентација) и КПГ (внатрешна) со еврокомунистичка ориентација.

164. To KKE ap to 1931 os ..., p. 30

165. Пак таму

